СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 декември 1992 година

Скопје, декември 1992 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 52-та СЕДНИЦА, I-во ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 10.XII.1992 година**


1. АБДИ ФАИК - 1
2. АЛИУ ЕШРЕФ – 20, 24
3. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 50
4. АРНАУДОВ ЛАМБЕ - 131
5. БОШКОВ ЈОРДАН - 144, 150
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 117
7. ГЛИГОРОВ КИРО – 171 - говор за името на РМ, за признавање
8. ДИМИТРОВА РАТКА - 165
9. ЗИБЕРИ НАСЕР - 52
10. ЗИМБАКОВ ВАСИЛ - 104
11. ИВАНОВ ИВАН - 61
12. ИВАНОВ ЉУБОСАВ - 28
13. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО - 190
14. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 57, 61
15. КЕЛЕШОВ РИСТО - 105
16. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 106
17. КОВАЧЕВСНИ СТОЈАН - 156
18. КРСТЕВСКИ 30РАН - 110
19. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО - 93
20. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН - 55
21. МАЛЕСКИ ДЕНКО - 81, 158
22. НУРАТИ ЏЕЛАДИН - 90
23. МАНЕВ ЕФТИМ - 102
24. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 129
25. МИНОВ ПАНЧЕ - 125
26. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 11
27. НИКОЛОВСКИ ЈОВАН - 15
28. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 136
29. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 117
30 ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 85
31. ПЕТРОВ ТОДОР - 68, 69, 83
32. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 37, 82
33. РАМБАБОВ ИВАН - 19
34. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 38
35. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 33, 37
36. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 151
37. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ – 43


КРАЈ

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 декември 1992 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 10,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратеникот Симеон Ивановски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата. Имам информација дека и господинот Гештаковски од оправдани причини не може да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За збор се јави господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници!

Пред да кажам нешто во врска со точката која што ни беше на дневен ред вчера и со која продолжуваме денес, сакам да упатам еден јавен апел до граѓаните на соседна Грција, до Ромите од соседна Грција, таму има еден милион роми, апел денес кога ќе излезат таму да не поддржуваат ништо што е против Македонија, заради тоа што тие таму немаат никакви права. Не им е обезбеден ниту националниот идентитет,

ни интегритет. Јас верувам дека ова исто се однесува и за Македонците од Грција и за Албанците во Грција и за Турците во Грција и за Власите во Грција.

Да се вратам назад малку на ова за што се јавив за збор. Вчера и деновиве што поминаа гледам дена многу тешко било, а ќе биде и понатаму многу тешко она што ние бараме признавање на Република Македонија. Јас знам дека сите граѓани на Република Македонија будно ја следат оваа ситуација, што се случува во Република Македонија и ако направиме една споредба на сегашното време и времето пред 40 или 45 години или 50 години можеме да заклучиме дека и тогаш било многу тешко, дури многу поопасно. Ние денес сме во една ладна војна. Сигурно и тогаш имаше барања за она што ние денес расправаме за една целокупност на Македонија и Егејска и Пиринска. Но, поголемите сили нашето окружување и тогаш тоа не го дозволи. Ние сме сите сведоци ако не бевме тогаш родени или живи читаме, има книги дебели томови напишани, една голема плејада од херои, борци и машки, женски, дури и деца, кои ги дадоа животите за она што денес ние расправаме. Според тоа, останува и понатаму да се ангажираме, да се бориме на најдобар и најможен начин да се успее, да се опстои на она што ние ја имаме оваа Република Македонија. Треба^да бидеме благодарни, многу благодарни на тие генерации што успеаја каква таква да ја сочуваат оваа држава, ова парче земја на кое што денес сите гордо живееме и кажуваме дека ова се вика Република Македонија. Јас одговорно тврдам пред сите вас овде дека како лидер на партија, како лидер на еден народ, мал народ во Република Македонија, некаде околу 150 или 160 илјади...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде зборуваме како пратеници.

**ФАИК АБДИ:**

Ве молам господине претседателе, јас знам како да постапам и благодарам што ме потсетивте да зборуваме како пратеници и јас ако не сум пратеник нема да бидам на оваа сцена. Со најмалку 28 делегати и делегации сум зборувал, бидејќи сакале да имаат контакт со мене, со оваа партија за се она што се случува во Македонија и околу нејзината уставна преамбула и околу нејзината дефиниција и околу правата на националностите за општиот национален и политички консензус за државата. Се на прашањето на признавањето на Република Македонија. Понекогаш сум бил во заедница со другите национални лидери и претставници на другите национални партии многу малку, три или четири пати сум бил сам со одредени луѓе. Секогаш сум застапувал теза дека Република Македонија е демократска дражва, дека во неа и' граѓаните на Република Македонија,вклучувајќи ги тука и националностите ги имаат сите права според стандардите, и доколку некои права не се остварена, тоа е наша работа внатре, државна работа на Македонија, ние ќе се договориме како да ги оствариме тие права и како да создадеме едно поголемо задоволство, а не некој од страна, од надвор исправа во тие права. Мое гледање е дека ние овде во Република Македонија си правиме многу лоша услуга. Ние се расправаме многу меѓу себе. Ние многу се критикуваме меѓу себе и тоа токму во тие моменти кога најмалку треба да се расправаме и да се критикуваме. Дали сме проколнати. Ние и порано, пред Лисабонската конференција овде ќе се испотепавме меѓу себе, така да не се сфати тоа буквално, толку критики удривме едни на други како партии како пратеници, како политика, како извршна власт, што било кој тоа од страна да го гледаше, ќе речеше што е ова и каква е

оваа држава. Тоа го правиме и вчера и сега и денес ќе го правиме сигурно. Дали тоа сега ни треба на нас. Пошто пото овде се тврди дека е ова комунистичко раководство, дека имаме неспособни луѓе кои што ја водат надворешната политика на Република Македонија. Дека доволно не се трчало горе или долу, дека сеуште со Уставот што е кажано во членот 14 од Уставниот закон "интересите на граѓаните на Република Македонија да ги застапува некоја СФРЈ". Па зарем ние немаме граѓани кои што живеат во скоро сите земји на Европа и подалеку, а никаде, да кажам скоро никаде немаме дипломатски претставништва, немаме амбасади, заради тоа што не сме признати. Зарем треба да ги оставиме нивните права така да висат, да не се јавуваат никаде, да не ги остваруваат своите човечки, граѓански и елементарни права, како и другите права. Можеме да бидеме малку подалекусежни. Да ми опростите на моето скромно познавање на македонскиот јазик, бидејќи не сум македонец по род, малку би кажал нешто, мое размислување околу она што се предлага со она можеби ќе прифатиме такво нешто. Не е тоа, завршена работа. Јас имам еден пријател во фабриката Комуна, се вика Јовче Цветковски. Го викаме Кардаш. Уште еден Јовче има,Брзиот го викаме. Кога зборувам за Јовче Цветковски, за Кардашот, викаме Кардашот (Јовче), или Јовче Кардашот, а за Брзиот,(Јовче Брзиот). Дали тоа значи тоа, незнам, меѓутоа ако нашиот сосед Грција се плаши од нас заради територијалните претензии, па заради тоа пишуваме Скопје, тогаш јас би предложил и друга алтернатива. Во заграда да стои Скопје, па преку Куманово до Гевгелија сите градови, па од таа страна преку Ресен сите градови на Западна Македонија вклучувајќи ја и Шутка. Само да не се исплашат Грците. Значи, ако толку се плашат од нас односно сигурно се плашат од Македонците таму, од

Ромите таму, од Албанците таму, од Власите таму, тоа е тоа. Заради тоа што старото римско право кажува кој ја поседува земјата, негова е. Тоа е позната работа. Мислам дека во овој момент треба сите тие делегати и делегации кои што доаѓале овде и државници и амбасадори малку да се поразмислат какви се прошетки правеа до Скопје и назад, како ги повикуваа нашите претставници од разни краеви на Европа па и пошироко, не она што ветуваа, туку малку да ја осмислат таа своја политика зошто не успеало Илинденското востание и другите востанија, зошто периодот меѓу двете Светски војни бил таков, зошто 1941 и 1945 година така поминала и по некоја сила е задржан овој простор Македонија. Јас мислам дека прогресивниот свет, народот е од наша страна. Сигурно за Грција никогаш нема да зборуваме дека е лоша Грција, дека Грците се лоши, ова условно го кажувам, политиката им е лоша, тие што се на чело, тие се лоши. Сакам овде да елаборирам некои работи, бидејќи од конституирањето на ова Собрание, јас сум овде присутен. Сум бил отсутен само на три или четири седници, сум бил болен. Мислам дека никој од нас нема право овде да напаѓа одредени личности од аспект од внатрешната и надворешната политика. Меѓутоа, што сите сме биле овде внатре во овој парламент, по комисии, одбори и тука внатре. Зарем сме спиеле сите ние, па некој направил нешто што не треба да направи. Тогаш што сме ние, јас носам убедување во себе и сугурен сум во тоа дека ние сите сме возрасни луѓе со наполнети над 18 години и не можел никој нас да не влече за нос. Според тоа, политиката се кроела тука внатре, не однадвор. Се проба и од надвор да се крои некоја политика за Македонија, меѓутоа тоа е безуспешна политика. Мислам дека сценариото што вчера го видовме овде, што го ислушавме недолично е, мислам дека тоа е негативно за народот, негативно за нашето окружување, негативно за сите нас овде. Ако сите ние овде што

сме и народот што секој ден ја гледа нашата, простете на израз, да кажам циркусарија, ако знаеме дека се се одлучувало овде, туку речи со многу големи напори, вложени напори од еден добар дел на сите пратеници овде застанавме на страната на правдата, застанавме на страната на мирот, застанавме на страната на вистината, мора да признаеме дека ние едно време се плашевме многу и сега се плашиме. Не сме дозволиле еднострана работа да им помогнеме на Словенците и на Хрватите за моментално отцепување од Југославија. Тоа мора да се каже, тоа мора да се знае. Ние со триста маки успеавме на референдумот да го донесеме и да кажеме, тоа беше 5 минути до 12, дури тогаш станавме со акламација да го донесеме референдумот, тоа мора да се признае. Зошто го направивме тоа, па дури внесовме реченица со право за иден сојуз од суверени држави. Тогаш бевме критикувани. Народот македонски, господо пратеници, мислам дека се свесни зошто сме го направиле тоа. Тоа беше стравот, ние сме една мала земја, една педа земја, еден мал народ каде што внатре има големи превирања. Од една страна се тегне накај незнам каде, од друга страна се тегне накај незнам каде и кој на кого ќе му сврти пушка. Тука внатре кај нас. Слична е ситуацијата и вие знаете на што мислам кога го зборувам ова. И сега ни требаше некој на помош да ни притекне од надвор за да не спаси, односно да не окупира. Дали тоа требаше да го направиме. Ние направивме се да не биде тоа. И ако во тоа наше пишување за иден сојуз од суверени држави тоа не го напишевме, народот на Македонија немаше да излезе на референдум онака како што излезе. Ве молам, тоа е мое мислење, не мора да биде ваши мислење. Ве молам, јас вчера дисциплинирано ве ислушав секој од вас, ова е мој предлог. Референдумот помина, вие знаете за уставот колку овде се расправавме. Ви знаете какви се  перипетии овде се создаваа за да го

решиме националното прашање, македонското во Уставот односно националностите во Уставот, за кое што идеа овде 28, 30 или 33 делегации, само во тие точки задираа. Сеуште доаѓаат и прашуваат дали е ова навистина демократска држава. Немојте да ми замерите ако ви кажам дека најмалку од половината од тие делегации се носеа со намера од мене лично да дознаат дали Уставот на Македонија треба да содржи национален елемент или нешто друго. Јас застанав на становиште дека во овој момент- треба преамбулата при утврдена дефиниција да биде, да го има тој елемент, но сигурно во многу блиско време нашиот устав ќе се измени и ќе биде на граѓанска основа од сите граѓани. Тоа е перспективата. На сите држави односно и на оваа држава, на граѓанска основа, да не дојде до меѓународни конфликти, да не дојде до меѓунационални конфликти, а тоа значи дека треба да имаме и национална толеранција. Апострофирањето дека не сме можеле брзо да стигнеме некаде од аспект на нашата надворешна политика и нашето признавање па зарем заборавивме дека овде со денови се државме и дека овде ние не можевме да се договориме и дека останувавме наутро до четири часот. Што е тоа што треба надвор да го гледаме ако овде не ни е куќата во ред. Ние најголем дел од времето го губиме тука, овде внатре, во оваа сала. И вчера почнавме со таков атак и промоција една стара работа, стара политика дека од надвор гледано се е криво, ние ако бевме се ќе беше. Мислам дека тоа е лошо за Република Македонија.

Да не должам многу, јас имав средба со моите избирачи и со еден поширок круг на луѓе кои ги претставувам овде во оваа држава, во овој Парламент, ние сме определени за она што се залагаме сите заедно, без разлика што околината мисли за нас, ние можеме само да им заблагодариме на тие што не признаа и тоа да го цениме високо,не

сакам да именувам, зашто токму овде одредени пратеници се слушнаа некои лоши работи токму во она време кога Турција незнам колку тони нафта без пари дали беше три милиони долари и незнам што како да сега ќе не пороби Турција и незнам што друго. Наместо да заблагодариме, ние слушнавме и лоши работи. Мислам секоја помош ни е драгоцена. Јас сум за тоа да им дадеме една голема поддршка на раководството, на господинот претседател на нашата држава Киро Глигоров, на министерот за надворешни работи, на целата таа екипа која што деноноќно оди горе-долу. Но, сум и за тоа, вие останатите што не давате таква поддршка немојте да одите горе-долу и да викате ова е комунистичка влада, комунистичка држава, се додека тие не се тргнат, немој да признаете. Веројатно има и такво нешто. Тоа е многу лошо. Лошо е за сите нас. Имаме дописи од надвор. И ѕидовите имаат уши. Никаква тајна не останува тајна.

**ФАИК АБДИ:** (Продолжение)

Синојка слушавме вести, Австралија веднаш дозна за ова. Ќе прекинат секакви врски дијаспората. Овде се одржа и еден конгрес на нашите македонци дијаспората. Не поканија и мене и јас да присуствувам. Никаква помош сеуште немаме од нив. Не се сигурни они во своите пари. Ако вложат пари треба да си ги вратат. Сигурно тие таму не ги крадат парите, тие работат за нив.

Повеќе од сигурно е дека она што не опкружува како Македонија во секој град во секоја улица на Битпазар дека тоа е многу лош, дека ни доаѓаат уште потешки денови. Нека никој не се прави овде херој да рече дека нема место за стравување било од комшиите било внатре. Состојбите не ни се добри. Ние мораме да бидеме многу паметни таа рамнотежа да ја воспоставиме и балансот да го одржиме.

Поминало она време кога секој можел да добие парче леб на некоја си основа. Сега времето е сосема поинакво. Има доста кои преку ноќ се збогатуваат со свој бизнис, умешност итн. ги оплодуваат парите, меѓутоа еден најголем дел од народот страда, нема пари, а пак што е многу интересно ако појдеме денес по дуќаните ќе видиме дека народот купува. Дали навистина немаат пари луѓето. Јас верувам дека немаат пари меѓутоа еве купуваат.

Добро е што еден дискутант овде предложи кога рече да се свртиме ние назад и себе си да се видиме, да си ја организираме државата што побрзо даночната полиција, каква таква но немаме пари толку да платиме.

Предлагам она што ќе се случи во Единбург, сигурно не мислиме дека тоа ќе заврши незнам колку добро за нас. Сигурно добро ќе биде

ако се донесе одлука за поединечно признавање но за тоа има бојазност. Но, тука важно е едно. Нашето единство е овде. Само нашето единство овде во овој Парламент и меѓу народот ќе помогне ние да бидеме признати. Повторувам само нашето единство

Јас на пример апсолутно немам ништо против, дури се радувам што пред некој ден овде престојуваше делегација на Србија. Господата на ВМРО-ДПМНЕ разговараше со господата од опозицијата на Србија. Така треба. Тие контакти треба да се прават. и другите партии нека се обидат такво нешто да направат. Тоа не е лошо. Меѓутоа не треба да се критикуваат и други некои партии кога тоа го прават.

Многу се радувам на изјавата на господинот претседател на Република Албанија што ја прими делегацијата на ПДП и НДП и што ги даде тие изјави како такви. Тој е голем демократ. Тоа е убаво, така треба. Меѓутоа, и ние овде во Република Македонија ќе мора да бидеме многу паметни во таа меѓунационална толеранција и разбирање. Не смееме народот да го поделиме на една и друга страна. Не сакам многу отворен да бидат по ова прашање, меѓутоа поделбата на народот од една и друга страна носи и подобро на околината што не опкружува, а ние сакаме околината што не опкружува да ни помогне, да ни помогне на стопански план, да ни помогне на политички план околу нашето натамошно пошироко признавање и не е лошо она што имаше еден предлог овде нашиот гостин претседател на Република Македонија да има една заедничка средба со претставници на сите политички партии во Македонија, дали се или не се во Парламентот не е битно. Мораме да признаеме, ова по втор пат го кажувам дека во другите политички партии сигурно има паметни луѓе. Мора ние да ги оцениме дека се такви, без разлика што некој критикува таму, нека критикува но критиката треба да

биде добронамерна. Јас сум за тоа да дојде што побргу до таква средба и да видиме кој е што. Можеби ќе излезе некоја нова мисла, нов пат за доброто на граѓаните на Република Македонија. Апелирам кон сите вас за едно единство и да престанат тие критики затоа што не се умесни, не се вистинити. Има многу работи што вчера ги слушав овде, а кои не се точни не одговараат на вистината, ние сме тука две години и знаеме што се случи.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство ќе настојам и јас да дадам свој придонес во делот на размислувањето.

На почетокот сакам да потенцирам како ги гледам работите.

Премногу си земаме слобода, место да помогнеме ние ја насочуваме севкупната расправа по оваа информација и по излагањето на претседателот, место да биде во прилог на решавањето и создавањето на сите услови за признавањето на Македонија практично ние ја насочуваме така самата седница да добие контра продуктивен ефект.

Бројни примери и аргументи беа истакнати од едната и од другата страна на поедини колеги. Јас не ги испорувам. Ги прифаќам само како опозиција која има право да изнесе мислење, но лично мислам дека за многу работи на адреса на претседателот на државата си земавме преголема слобода низ непроверени и не аргументирани и изрази и состојби да потенцираме одредени работи.

Лично мислам дека излагањето и информацијата беа толку пластично прикажани што беа доближани на секој граѓанин. Мислам дека и оние луѓе што најмалку го познаваат делот на меѓународната политика им е доближана севкупната активност, начинот, постапката  и процесот

на водењето на активностите за меѓународното признавање на Македонија.

Сакам во оваа прилика исто така да потенцирам дека ние го одбравме патот да правиме еволутивна револуција и ги одбравме методите на мирот, толеранција и пред се компромис. Мислам дека ништо не е спорно и немаме некои различни погледи и мислења во тој дел во интерес на вистината дали овие методи треба да се заменат со други, дали со воениот фактор се решаваат проблемите. Сигурно, сите се согласуваме дека не.

Потенциравме, или некои се залагаме да нагласиме дека народот го лажеме веќе две години, но тој народ живее во мир, а имаше луѓе кои не го лажеа народот две години, но вистина е дека војуваат.

Се повикуваме на декларацијата како да не можеме да сфатиме дека баш и напротив од оваа декларација и од водењето на меѓународната политика учеството и придонесот што го Има претседателот на Републиката и министерот за надворешни работи Денко Малески, кога станува збор за промена на името премногу го потенцираме. Овде не станува збор за промена на името. Практично Лисабонската декларација се повлече и се стави во функција на уважени аргументи на Република Македонија и останува името Република Македонија, треба со*напомена дека во заграда се става Скопје. Меѓутоа ние и овде имаме партии кои имаат цртичка па додаток. Многу партии има во Македонија. Во фазата на трансформацијата и еволуцијата постои и тоа јавноста го знае. Било која партија и партијата во која јас припаѓам СДС во еволутивниот пат имаше додавка, па ја изгуби придавката. Така и до ден денеска во парламентот имаме партии кои го содржат тоа.

Ако појдеме во суштина да го објаснуваме проблемот, тогаш веројатно ќе ја доведеме во ситуација и теоријата да го изучува тоа како едно посебно прашање во периодот што наидува.

Факт е дека сме признати, така потенцирано е, а кажуваме дека водиме лоша меѓународна политика. Практично контраверзно настапуваме и затоа го кажувам тоа со аргументи кои се контра-продуктивни за расправата по информацијата и за која водиме денес расправа. Или кажуваме дека не сме воделе агресивна или офанзивна меѓународна политика. Јас мислам дека и граѓаните што не слушаат, јас мислам и како граѓанин и како претставник на партијата СДС имав прилика за многу соопштенија бројни комуникации на партиите надвор од Македонија да видиме дека се работеше за меѓународното признавање па еве без оваа процедура и оваа активност која сега се спроведува преку Европската заедница ние до ден денес не сме признати.

Многу пати настојувам, барем јас во неколку наврати сум рекол дека консултациите со одредени личности не мислам дека ги злоупотребуваме туку ги користиме како мислење во име на народот. Ако е така и јас направив консултации. Моето мислење е оформено врз основа на тие консултации со тие луѓе дека ваквото настојување за анимизање на јавноста и за објаснување на јавноста дека не се работи за промена на името туку се работи за додавка, дека си останува името Република Македонија, го одржуваат меѓутоа јас немав време да го консултирам народот, да го собирам народот на улица за да оформам мислење онака гласачко и врз основа на тоа мислење да истакнам. Мислам дека со таквиот настап не си земам за право во име на 10 консултации или 10 луѓе да го изнесам мислењето на народот, туку станува збор само за консултации за кои тек Парламентот треба да

расправа, како што расправавме по Лисабонската декларација. Тогаш можеме да ги искажеме и нашите ставови.

Дали и помагаме со нашиот придонес и на меѓународната политика и на статусот на признавањето на Република Македонија, не само на граѓаните што живеат во Република Македонија и на оние во соседните земји и во дијаспората. Практично ние придонесуваме со тоа што настојуваме да правиме толкување дали во процедурата на признавањето на Република Македонија е влезено под името Република Македонија или се направени некои други договорни активности, па дури за да користиме како аргумент кажуваме, ја срушивме старата влада а ќе имавме 400 марки плата, а не сакаме да кажеме дека ние влеговме во Парламентот со 700 марки плата за да имаме денеска 150 марки плата. Или, ние влеговме во Парламентот со една милијарда долари обезбедени средства за поттикнување и развој на програмите на политичките партии, за да констатираме дека сме должни на граѓаните милијарда и повеќе илјади долари. Мислам дека тие аргументи ставајќи ги во функција на обвинување на водењето на меѓународната политика, поготово на делот на активностите што ги спроведува претседателот Киро Глигоров и претседателот на Министерството за односи со странство, како аргумент, по мене објективно укажувам не држат. Намерно го потенцирам тоа за да се сфати низ призмата на економијата, а не низ призмата на економијата. Сега ќе се вратам уште на еден момент.

Ние рековме и нагласивме дека уште од почетокот се залагаме за децентрализација на територија, политика и култура, но воедно потенциравме дека многу битно е да се воспостават односите од економскиот интерес за забрзување на сите процеси и во делот на

стопанството и во делот на општествените промени. Според тоа еден таков аргумент за мене во овој момент не држи.

Би завршил со следното. Се потенцира или си земаме по некоја слобода да кажеме дека може државната политика да биде приватна. Ако она е приватна веројатно досега ние немаше да го доживееме овој мир, веројатно овој Парламент немаше да расправа и во неколку наврати да правеше оценка за меѓународната политика, да прифаќаше декларации да исклучуваше дел од декларациите на Лисабон за да во четвртиот квартал, практично се добие се она за кое се настојуваше да и меѓународната политика ја водиме биде верифицирана од европските односно светските држави.

Лично во овој момент размислувам гласно дека не правиме никаква грешка туку го прејудицираме мислењето дека станува збор за промена на името. Не, туку се работи за име кое во процедура и такво ќе биде признато, затоа јас сум длабоко уверен, бидејќи во една прилика изјавив дека Македонија ќе биде призната во четвртиот квартал со име Република Македонија, а за додатокот лично мислам дека не треба премногу да се политизира.

**ЈОВАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, немам за цел да елаборирам за се она што вчера беше речено овде на говорницата, но би ги замолил сите присутни овде а и пошироко целата јавност во Републиката вистината секогаш да ни биде прво грижа на совеста во овие тешки мигови и услови во кои живее Република Македонија и сите граѓани во неа. Сигурно во ваквите опкружувања кои имаат и историски континуитет од поодамна секогаш интересот на тие кои се околу нас бил да не постои оваа Република. Успеавме после 44-та година да ја создадеме, таа постои и треба да постои.

Во овие услови кога требаше да се дефинира доградувањето на таа држава секогаш интересите на државите кои не опкружуваат и оние што ги потпомагаат се повторно во игра.

Нашиот Парламент и нашите раководители кои ја водеа надворешната политика, а одобрувана баш од овој Парламент мислам дека дојде до еден степен на афирмација на името Македонија и Република Македонија како што мислам досега и не било. Сведоци сме дека светската јавност денес многу повеќе се занимава со името Македонија од никогаш досега. Мислам дека тој ефект е постигнат како последица на некоја уверена и правилно водена политика која што во текот на вчерашниот ден беше многу критикувана.

Ние вчера ништо не рековме што направивме во делот на поширокото признавање, а што не направивме, не само тие што ја водеа директно надворешната политика туку и сите ние овде. Дали се прави поголема грешка кога разумно се договара за интерес на секој граѓанин на оваа држава или се водат одредени разговори на оние што не не признаваат или што не признаа како држава, а не ни ја признава народноста односно националноста, или пак со оние кои на некој начин се декларираа дека ќе не признаат, а од друга страна со една дивизија требаше да не поробат. Тука треба да направиме една проценка, не само ние туку секој граѓанин на оваа Република колку е тој контра продукт во ефектот на признавањето на нашата држава.

**ЈОВАН НИКОЛОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Како настапуваме ние тука да се разграничи. Не сме ние тие најпаметните овде. Секој граѓанин во оваа држава треба да размисли. Ние имавме во делот кога сметавме и кога сите се радувавме после Бадентеровата комисија кога се рече дека Македонија после Словенија е единствената Република односно држава од бившите југословенски републики која што ги исполнува условите да биде призната како држава, одекна во целата Република на радост, кај секој граѓанин се чувствуваше дека дојде моментот дека оваа држава која што постои, опстојува денеска ќе биде и меѓународно призната. Но интересите, токму на оние што не опкружуваат заедно со нивните поддржувачи, не беа такви. И Европската заедница која што формира една стручна комисија и која што даде еден предлог за признавање, затоа што ги исполни оваа држава сите услови од меѓународните норми почнувајќи од ЌЕБС, Хелсиншката конференција до Париската конференција, да биде призната како држава, тие се повлекоа. Фактички она што го плукнаа го исលижаа.

Следуваше Лисабонската декларација, каде што сакаа да го збришат името Македонија. Овде расправавме и рековме не. Името Македонија не може никогаш, никој да го менува. Се остави еден простор после Лисабонската декларација и нашата декларација за неприфаќањето на Лисабонската декларација, на еден разумен договор, токму со оние кои што беа пречка за признавањето на Република Македонија. Во тој дел на дијалог, се направени најмали отстапувања во водењето на надворешната политика, на државата, а со цел да се сруши една декларација на Европската заедница, тоа јас така го подразбирам, да се сруши за да се даде можност со едно мало отстапување, со една додавка да 'може и да нема консензус во Европската заедница, а поеди-

начно поедини држави членки на таа Европска заедница, можат да почнат да не признаваат. Ја незнам тука дали е веќе во водењето на надворешната политика плус напред или минус назад. Мислам дека тука има- ме добивање и тоа треба да го цениме. Секој граѓанин во оваа држава треба да го цени. Мислам дека сме отишле чекор напред во признавање- то на државата а не чекор назад. Заради тоа што, ако веќе и една членка од Европската заедница не признае, ако не се бара консензус, а има такви услови тогаш веќе се руши Лисабонската декларација. Тоа е победа на надворешната политика на оваа држава. Тоа е за мене, а сигурно и за многу граѓани во оваа држава победа. Тоа е победа, зара- ди тоа што тоа ќе биде еден импулс и за прием на оваа држава во ООН. Ќе биде еден импулс. А,тоа исто така, ќе повлече еден голем број на држави, во Средна Европа и од славјанските држави како што е Белорусија и Русија да почнат постепено да не признаваат како оние девет што досега не признаа. Мислам дека тоа мора, не да мора а и го знае секој граѓанин на оваа држава. Сите имаме контакти и разговараме со луѓето. Сигурно дека никој нема права, така сме се заложиле, да го менува името Република Македонија. Македонија, е идентитетот на државата преку кој што се створале и култура и наука и сите други достигнувања што произлегуваат од националното битие на оваа држава, не смее да се губи, мора да постои тој континуитет на ентитетот на оваа држава. Додавката Скопје, мислам дека не може да опстане пред Република Македонија. Основното е Република Македонија. Таа додавка некој ќе ја применува, а некој воопшто нема да ја применува, дури и во надворешната употреба. Посебно оние земји што не признаа и кои што ќе не признаат а не се врзани со Европската заедница. Мислам дека така треба да се расудува.

И на крајот ми е многу непријатно што низ оваа говорница а тоа мислам им е непријатно и на многу граѓани во оваа наша Република

Македонија, кога се истапува со одредени невистини. Овде се зборуваше дека ние го изгубивме идентитетот, го избришавме името Македонија, и да завршам со цитатот од информацијата на претседателот, нема многу да ве задржувам и ќе кажам: "Кои се нашите можни чекори"? - Тоа мора да го знае секој наш граѓанин во оваа држава и затоа ова го читам од оваа говорница:

"Не се откажуваме од името Македонија. Никој нема право ниту претседателот на Републиката, ниту Владата, ниту Парламентот да се откажат од името Македонија. За тоа не постои ниту уставна основа, ниту политичко, ниту морално право, а последиците од таквата одлука би биле закана за идентитетот на македонскиот народ, за стабилноста на државата и нејзиниот опстанок во реалното опкружување". Ова е извод од информацијата.

Драги пратеници, не смееме да ја манипулираме говорницата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор пратеникот Иван Рамбабов.

**ИВАН РАМБАБОВ:**

Почитувани пратеници, ова е време на историска пресвртница за Македонија. Време, во кое македонската држава за прв пат има реал на шанса да стекне меѓународен правен субјективитет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, воздржете се од коментари од место.

**ИВАН РАМБАБОВ:**

Може да се каже дека објективно никогаш поблиску не сме би ле до оваа вековна цел. И што посебно треба да се нагласи е тоа што нашиот

народ, сите граѓани на Република Македонија со високо чувство на одговорност ги преживуваат овие моменти и дека вековните тежненија се на прагот од својата реализација. Она што посебно сакам да го истакнам е дека на патот кон создавање на своја држава македонскиот народ никогаш низ својата историја не користел средства со кои би се разгорувале непријателствата кон другите. Овој простор никогаш не бил поприште на меѓуетнички или верски судири. Напротив, нашиот народ е познат по една карактеристика што сега е составен дел и главна димензија на нашата надворешна политика, за која впрочем добивме општо признание од пошироката меѓународна заедница. А тоа е пред се, толеранцијата и смислата да организираме заеднички живот во една државна заедница со сите други националности и етнички групи, наспроти сите разлики што постојат. Зарем треба да се потсетиме каде води политиката на максимални цели, исклучивост на национална верска или било каков друг вид на нетрпеливост. За сето тоа има и премногу свежи примери од нашето блиско соседство. Но затоа мислам дека е време да се потсетиме на неколку моменти од^ светлата традиција на македонскиот народ кои се вградени во борбата за нејзината државнотворност, на Крушевскиот Манифест на Гоцевата максима за културен натпревар на народите. Сето тоа некој, а посебно оние полагаат ексклузивно право или барем се обидуваат да го присвојат само за себе. Со ова свое однесување денеска практично прават се Македонија да биде подалеку од целта што се вика меѓународно признавање на македонската држава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Ешреф Алиу.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, почитуван Претседател, дами и господа пратеници. Мојот придонес го заокружив вака: Обиди за девалвирање на едно мудро професионално излагање. Во врска со

информацијата на претседателот на Републиката г-дин Киро Глигоров за текот на разговорите со претставниците на Претседателството на Европската заедница околу меѓународното признавање на Република Македонија, чувствувам потреба да подлвечам дека таа беше коректна, крајно искрена по приодот, мудра и професионално, доста сериозна, исцрпна, сеопфатна и изобилуваше, над се со јазикот на фактите.

Па што заправо, тогаш, ни кажа претседателот? Чинам, ни кажа токму тоа што за нас и за Република Македонија е најпотребно, најкорисно и најкоректно да се каже. Како го кажа тоа? - Сосема коректно мислам, многу непосредно без воведи и тактизирање. Онака ка- ко му прилега и доликува на една и реална политика која што е крај- но свесна за својата позиција и своите можности.

Господин Глигоров колку мене ме служи мислењето со првата реченица ни ги посочи двата најважни на^стани за заокружувањето на меѓународното признавање на Република Македонија - седницата на шефовите на држави и влади на ЕЗ на 11 и 12 во Единбург и започнувањето на процедурата од соодветните органи за прием на Република Македонија во ООН. А потоа зборуваше за принципите на нашата меѓународна активност, за преземените чекори во остварувањето на позицијата на Република Македонија, за актуелната содржина и елементите за разрешување на проблемот на признавањето од страна на Европската заедница, за објективните факти со кои се соочуваме, а потоа за нашите можни чекори и можен исход од Единбург и нашето постапување по нив. И се разбира, што е досега постигнато.

Чинам една лепеза од поттеми која просто не обврзува сите ас на дијалог. Но на каков дијалог? Ваков, како ние постапуваме, ни- како! Нашиот дијалог што ние го нарекуваме расправа по информацијата, за жал, според мене изобилува со неодговорно однесување кон  јавниот

збор од една страна и од друга страна до крајност е осиромашен од недостигот на факти, или е беден заради отсуството на чувството за потребата од факти. Нашиот дијалог дури е злочест, некоректен, непринципиелен, доста оптоварен од предрасуди, инсинуации, па и импутирања на тоа што воопшто не е речено, на начин на каков воопшто не е речено. И на крај што воопшто не ни доликува тој дијалог често пати а и вчера до доцна синојка, изобилуваше со обвинувања и увреди на достоинството и дигнитетот на личноста, што како по- јава е крајно непримерено и за секаква осуда.

Сето тоа ми дава за право да констатирам дека јазикот на нашиот дијалог е остер, оптоварен со злоба, со гнев и се плашам дека не би претерал ако кажам дека во себе содржи доста омраза и отров. Додека мислата ни е оптоварена со предрасуди, со желба за девалвирање и деградирање на првиот до нас, обремена, ние со егоизам и би рекол, со самобендисаност и пркос, што како последица го има ставот се што јас не сум го кажал, што јас не сум чинел, тоа треба да се отфрли, тоа не чини, тоа е опасно, тоа не е вистинито, тоа е без- вредно и сосема погрешна работа итн. И, што човек друго да си мисли? Зарем е можно сето тоа да биде така? И нормално, потајно, срамежливо продолжува да мисли,скришум во себе. Па сето тоа мене ми изгледаше нормално, ми изгледаше добро. Зарем толку сум неспособен? Зарем толку погрешно ги гледам работите? Што станува со мене? Но, кога продолжува дао крај да слуша што се ќе ни каже договрникот, што се побива, што не признава, што само обвинува. Слушај, слушај, слушал И, на крај бескрај. Ништо ново! Никаков предлог! никаков против- аргумент.

Дами и господа пратеници ова е жалосно. Доста далеку сме ние од културниот дијалог. Дури би рекол и од принципиелниот дијалог. Не сакам да верувам дека е тоа причина на недостиг на нашата култура за

дијалог. Културата на дијалог е голема работа. Молам на обврска, ја имаме како пратеници таа да ја примениме на оваа говорница на Собранието на Република Македонија. За сето тоа не е потребно сите да сме на иста позиција, со исти мисли на иста страна, со иста цел, но мораме дијалогот да го водиме на културен начин. Тоа не е многу тешко. Затоа треба малку повеќе работа, треба знаење, потреба да се учи, треба сите меѓусебно почитување, коректно однесување. Значи треба да се натпреваруваме кој од нас ќе придонесе повеќе за доброто на сите, за доброто на Македонија и во тој контекст личното добро и доброто на најблискиот. Па би рекол, тоа е доволно. Значи, воопшто не е тешко. Ние, тоа убеден сум дека можеме. Само треба и да сакаме. Во тоа не сум убеден, за жал, дека сакаме. Ако сакаме, тогаш е корисно што ете создаваме позиција и опозиција. Улогата на опозицијата би била во корист на Македонија доколку таа во однос на позицијата внесува повеќе квалитет во расправата. Овде јас не ја гледам нејзината сила, а инаку тука ја гледам силата на опозицијата. Тука е силата а не во ангажирањето во насока, не признавај ништо, одбивај се, внеси забуна, рони крокодилски солзи, обвини, клевети, напаѓај, напаѓај. И гледај го ти него на крај, се во името на народот. Земајќи го него во одбрана од сите други присутни, изгледа и невредни и во загради опасни луѓе. Ние, излегува по нивниот суд, сите сме сираци. Немаме народ. Ете, народот е со нив. Зошто?, од проста причина тие така сакаат, така велат, а кога тие велат тогаш тие мислат дека во тој миг, ним им е потребен народот. Но, за наша среќа тој народ сега е доста писмен. И чинам дека ги знае работите доста добро, дури и доста подобро од многумина од нас во Парламентот. Дајте луѓе да му дозволиме барем, тој самиот да се определи, со кого сака да биде.

**УПАГАЊЕ ОД МЕСТО :**

Настаните на Битпазар.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Тоа Битпазар кога ќе му дојде нивниот ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Навистина ве молам да не упаѓате од место.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Нашиот дијалог господа излезе од рамките на поставената цел од страна на Собранието. Зошто? Чинам намерно. А, зошто намерно Затоа што за да останеме во тие рамки, да се обидеме да побиваме нешто или да оспоруваме некои факти, стануваме свесни дека ни недостасуваат аргументи.

**ЕШРЕФ АЛИУ:** (Продолжение)

Без аргументи, единствено што е можно останува да се зборува надвор од темата или околу темата т.е. проблемот, околу проблемот но никако за самата тема и за самиот проблем. Во што (ѓ споревме ние до сега? Би рекол во ништо или во се и сешто. Што кажа господинот Глигоров? Тој кажа дека не станува збор за промена на името на Република Македонија и тоа нема да го дозволиме.

Тогаш, што е спорно дами и госопда. Во што, некои пратеници, го гледаат спорот? Господинот Глигоров^ исто така, ни кажа и тоа што мисли Европската заедница во врска со изнаоѓањето на можни решенија за меѓународното признавање на Република Македонија. Тука изгледа погреши. Бидејќи ние тоа го бараме од нив. Ние бараме признание, а не тие. Кажа дека тие мислат признавањето би можело да се реализира ако на Република Македонија се додаде во заграда и тоа за меѓународна употреба додавката Скопје. Што има лошо во тоа што тој само тоа ни го пренесе што другите бараат. Зошто него за тоа толку многу го обвинуваме? Тоа што на нас не ни се допаѓа тоа со што ние не се согласуваме, ниту господинот претседател го предлагал ниту кажа дека нему тоа му се допаѓа, ниту со тоа се согласил. Тогаш што господа? Дајте нашиот гнев,нашите обвинувања нашето незадоволство, нашата недоверба да ја одразиме кон оние што тоа го прават. Дајте да ги најдеме можните аргументи, дајте да ги придобиеме тие што одлучуваат на нашата страна, а не да губиме драгоцено време обвинувајќи се без предметно меѓу себе.

Ете, чинам со ниеден збор не станав во одбрана на никого ниту имам желба било кого да го обвинам. Признавам дека се водам од моите скромни знаења, од моето чувство и моите познавања за состојбите кај

нас, околу нас, надвор од нас. Чинам дека надворешната политика на Република Македонија е на добар пат да ги постави односно да ги реализира, оствари своите поставени цели и задачи. Сметам дека таа е крајно свесна за својата положба, за положбата на земјата која ја претставува. Сметам со тоа последното опозицијата е заинтересирана да води сметка, но не е заинтересирана да води сметка, но и не мора, ништо не ја обврзува. Но, не обврзувањето не ја ослободува од обврската во расправата да се однесува коректно.

Во врска со тоа дозволете ми една дигресија. Би сакал да ве потсетам на една народна приказна и тоа албанска. Злочестите деветтмина браќа најдобриот брат меѓу нив го излажале и тој излажан се нашол на седмиот свет под овој во кој ние живееме. Таму, по многу време, се сретнал со Орел кој му^ветил дека ќе го врати дома ако го храни со месо. Човекот си обезбедил месо и на крајот на четвртиот свет му недостасува. За петтиот сече од себеси и за 6-тиот исто така. Но, тој пристигнува дома.

Оваа дигресија ја правам намерно, размислете сите околу позицијата во која се наоѓаме.

Сега сакам да ве потсетам кој најмногу придонесе да ги разбуди страстите на Грција и на Грчката официјална политика да стане така остра, беспримерна и сурова против нас.

На професионален план имаме принципиелна и одмерена политика на Република Македонија и и стави на знаење дека вистината која таа ја проширува е поинаква и тоа грчката официјална политика ја прави нервозна. Кој ја прави агресивна? Тие што со јазикот без факти градат митови со Александар Велики. Тие што наредниот  конгрес во

знак на триумфалност го предвидуваат во туѓа земја, тие што печатат карти и во тие карти Солун останува доста внатре на територијата на голема Македонија. Тука намерно го прекинувам овој дијалог.

Јас лично Партијата за демократски просперитет и пратениците, колку сум запознаен, се изјасниле јасно и гласно дека не се согласуваат со промената на името на Република Македонија за додавката^ дури кога потполно јас лично ќе се убедам дека друга можност не постои, за сега не сум подготвен за тоа, но мислам дека крајните зборови на претседателот; исто така, беа во оваа насока дека ние сега не треба ништо да чиниме.

Сакам да им се обратам на двајцата луѓе кои беа најмногу спомнувани тоа се господинот Глигоров и господинот Малевски. Сепак и двајцата грешат. Зошто? Или во што? Заради проста причина дека тие на многу оптужби и глупости би рекол изречени на нивна сметка поминуваат молкум. Колку јас разбирам и онака како јас ги знам приликите сметам дека,сепак,барем еднаш е потребно да возвратат се разбира на начин достоинствен кој само ним им прилега.

Да се обидам да завршам. Имав намера да ве потсетам на една дигресија. Читајќи во една стара книга наоѓам група луѓе; веројатно/ темата е многу дамнешна некаде среден век кога луѓето се натпреварувале во мудроста. Се однесува на едно патување со искусен водич на карванот му дале едно младо дете, детето се враќа и на првата група им раскажува за патот. Потоа, водејќи се по тоа што им раскажал тие го замениле водичот и го оставиле во тешки зандани. Кога истото им го раскажал на другата група тие го замениле водичот. Кога им ја раскажал истата историја односно случка на третата група тие го казниле

детето. Отишле да го консултираат најмудриот. Тој, дами и госопда пратеници, им кажал дека признава не е толку мудар да суди по тоа,дека нему му требаат додатни факти, нови сознанија и кога дошол до сознание дека со тој карван во придружба секогаш бил еден искусен хроничар побарал време да погледа што пишувал во таа книга. На крај за најмудри ги прогласил третите.

Размислете сите. Заклучок. Многумина од нас, не се исклучувам и себеси, си даваме за право дами и господа пратеници, да судиме за работи кои очигледно е јасно дека малку ги познаваме или воопшто не ги познаваме.

Дозволете ми да бидам нескромен, еден совет. Основното правило на доброто однесување прво распрашај се, а потоа дај го својот суд, искрено, смело, човечки.

Благодарам.

**СТОЈАН ДОВ:**

На ред е господинот Љубисав Иванов.

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

Сега по едни вакви убави искажувања кои ги направи мојот почитуван колега Ешреф Алиу многу е тешко што друго да се додаде. Дотолку повеќе што јас имав намера многу од тие работи и самиот да ги кажам, а особено што вчера, а еве и денеска гледате цело време сум тука и со внимание ги слушам сите дискусии, сите искажувања.

Јас на почетокот реков а тоа и порано сум го кажувал дека тоа на еден начин да се има различити мислења, различите ставови, различити искажувања му прилега на парламентарниот систем, на

повеќепартискиот систем и нормално е да се има и позиција и опозиција, нормално е оние кои се на власт да настојуваат да ја сочуваат таа власт, тоа се природни процеси, а оние кои се во опозицијата да настојуваат да дојдат до таа власт. Меѓутоа вие бевте сведоци и вие слушавте сите заеднички паднаа многу тешки зборови, зборови кои доста разорно дејствуваа и како последица од тие зборови Ешреф Алиу зборуваше за тоа, нема смисла јас да ги повторувам. Кон неговите размислувања и јас се придружувам, меѓутоа, морам да кажам дека и покрај вакви расправи кои сме имале и вакви настапи за кои сме биле сведоци по многу други прашања на крајот сме изнаоѓале снаги да се обединеме и по главните правци, главните достигнувања и цели кои биле пред нас ние сме постигнувале согласност. Меѓутоа, јас во тој правец не би сакал повеќе да зборувам меѓутоа тоа беше многу убаво елаборирано од Ештреф и се придружувам кон тие негови мисли. Мене друго ме"загрижува. Дали сме свесни господа во какво време живееме и во каква состојба се наоѓаме. Дали сме свесни на целокупното опркужување кое е околу нас. Ние живееме во едно исклучително тешко и сложено време, време кое е исполнето со многу неизвесности, со многу непознаници, со многу нелогичности, време во кое владее неразбирање, време во кое еве за жал се покажува дека секој има своја вистина, време во кое и покрај тоа што блоковите се растурени, присутна е блоковска политика и покрај тоа што во светот се води огромна битка за правда, за прогрес, за зачувување на мирот во светски размери, сеуште се присутни влијателни сфери историски интереси, време во кое тешко се пробиваат мали народи еве меѓу таквите мали нареди припаѓаме и ние и време кое што може да ни донесе многу, многу за нас неповолни моменти.

Во едно такво време ние ниту располагаме со воена снага ниту економска, ние можеме во тоа време единствено да водиме една битка со разум, со една мирољубива политика каква што до сега водевме со едни цивилизациски односи, со едно мирно однесување, но каде што нема да жалиме ни енергија ни труд во достигнување на своите цели и зачувување на својот понос, на својот патриотизам итн.

Ако сме свесни за нашите можности, за нашата големина, ние тогаш многу пореално и многу пообјективни ќе бидеме и во приоѓањето кон сите овие проблеми и порационално и можеби би биле многу поединствени во истапувањето и дома и надвор.

Дами и господа, ние живееме на еден простор на Балканот, ние живееме на еден простор каде се судираат две цивилизации источка и западна. Ние живееме на еден простор каде се судираат две снажни вери со свои различни учења и различни догми. Ние живееме на еден простор во кој сме македонци, албанци, турци, власи, роми итн., измешан народ. Ние живееме на еден простор во кој од секогаш се развивале разни воени судири, разни влијанија, опкружени, како што реков, еднаш порано со мали земји, но со големи воинствени амбиции. Во овој простор, ако сакаме да опстанеме, ние мораме, пред се, да и решиме меѓусебните односи тука внатре во Македонија, меѓусебните односи на народите, нациите кои живеат. Пред се мораме да ги решиме нашите економски проблеми и тоа почивајќи на сопствени снаги. Ако успееме економски, политички и социјалните аспекти кои ни се појавуваат да ги ублажиме, да ги запреме страотните негативни процеси во сферата на економијата каде нашите фабрики останаа без суровини, без резервни делови, каде користиме капацитети со 30%, каде секој ден се запираат

поедини капацитети не работат, каде се повеќе расте невработеноста, каде страотно ни опаѓа стандардот. Ако тука не направиме крупни пресврти да ја запреме инфлацијата, да го запреме покажувањето на цените, да престанеме со печатењето на парите, да направиме либерализација на цените, да продолжиме со реформата, да се потпреме реално на сопствените снаги, некој вчера тоа го спомна во својата дискусија, убаво е да не признае светот и нема човек кој на тоа не би се радувал и овде во Парламентот и во Македонија сите се загрижени за тоа што светот не не признава. Меѓутоа, ние и вака непризнаени самите себе ќе се уништиме ако не ги разрешиме овие проблеми затоа што се повеќе економски тонеме, затоа што се повеќе ни расте тој социјален набој и тој придонесува да се разгоруваат и продлабочуваат политичките односи. Да ги насочиме своите снаги и својата енергија во овој правец јас за тоа сум се залагал многу порано,* а да им овозможиме на нашите одговорни фактори на претседателот на Републиката, на македонската влада, па и ние како Парламент да бидеме во тој склоп поединствени да ги збиеме редовите да продолжиме со тие процеси и да ја водиме таа политика која исто така мора да се води мудро, умно и порано сум тврдел и денеска тврдам дека ние ќе бидеме признаени.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:** (Продолжение)

Дали тоа ќе биде денес или утре, поубаво е тоа за нас да биде денес од многу аспекти, меѓутоа, и тоа утре нема да биде доцна. Но сега се поставува прашање можеме ли ние да издржиме на таа работа? Свесни ли сме, паметни ли сме да се обединиме или сами ќе придонесеме на тој наш слом, на тие наши неповолности кои можат да уследат поради нашата нетрпеливост, поради еве и наши разни егоизми, разни себичности, политиканства итн. Во вакви моменти ние мораме да се надминеме над ситуацијата, да израснеме над своите партиски интереси. Еве вие гледате партиите во Грција почнувајќи од крајна десница па до крајна левица како се обединуваат кога се во прашање нивните интереси, па тие се обединуваат во еден огромен блок. Некој вчера и рече со право овде дека и ние тоа треба да го правиме кога сме ние во прашање, кога не е таа Грција така засегната и нејзиниот суверенитет и нејзиното признавање, туку против една друга држава суверена како што сме ние, а како тоа ние сега да не се обединиме кога е во прашање нашиот опстанок. Еве, вие гледате дека во светот и покрај тоа што на наша страна е правдата, вистината, логиката, разумот, еве глдедата во светот кога постои, особено во тој прогресивен дел, еден голем притисок да бидеме признаени сепак преовлсдуваат интересите и тие секој пат преовладуваат, и понатаму ќе преовладуваат. Еве, таа Европа не е во состојба да премине преку своите лични интереси и ние треба да знаеме дека та Европа досега со ништо не ен задолжила, со ништо не не помогнала. Обратно, низ историјата во таа културна ризница ние сме ја задолжиле таа Европа со нашето творештво, со нашата работа, а понатаму треба да ја задолжуваме со нашето исто така

цивилизаторско однесување и со нашата креативност. И колку времето поминува, толку ќе биде правдата на наша страна и толку ќе се изменува и таа клима и тој однос на светот и Европа спрема нас. Ние да не очекуваме дека таа Европа така лесно и така еднсотавно брзо ќе се измени и брзо ќе ги измени и ќе ги заспостави своите интереси.

Ние овде претставивме дека се се случува сега до Единбург и дека се се решава во Единбург. Јас тврдам дека ништо нема да се случи. Јас би бил среќен кога би ме демантирало времето, но ќе дојдат нови еднибурзи, ќе дојдат нови места каде што мораме ние на крај да ја добиеме својата сатисфакција.

Како што гледате , ние немаме во светот пријатели. Пријателите не се стекнуваат преку ноќ. Ние во светот имаме поединечни пријатели, имаме симпатии. нам ни останува единствен пријател Господ. Јас еднаш сум се повикал на Господ. Ама тој Господ ќе ни помогне на нас ако ние пред се самите си помогнеме. Во ова немирно, време во ова време на безумие, сепак ќе се створат и понатаму инспирации и стваралачки сили кои ќе го овековечуваат името Македонија. И тоа име ќе остане , било што да му се додава или одзема, останува името Македонија. И ние за тоа име и во името на тоа име треба да се соединиме и треба да дејствуваме.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници, јас денес излегов тука пред вас и пред македонската јавност гласно и јасно да кажам дека немам никакво Уставно ниту морално право за моите предци, сегашност и иднина да изигрувам нунко дали Македонија треба да се Скопјанизира.

Во овој момент во кој се наоѓаме дали Македонија ќе се скопјанизира или не сметам дека јас како македонец сум должен да се спротивставам на сите притисоци и условувања, па дали ќе не признаат за дава дена, за година или две, важно не сакам да имам притисоци и истовремено денес да изигрувам нунко да го менувам името на оваа стара држава која што се вика Македонија.

Многу сум револтиран, а воедно ставам и голема забелешка на јавните гласила, затоа што последните две недели пред да дојде овој новитет дека Македонија треба да се Скопјанизира имавме доста интересни најави во однос на притисоци со Армија, со ѕвецкање на оружје дека ќе не нападне некој итн. Она што го рече Господинот Гошев, Баба Рога, точно е тоа Баба Рога затоа што ние сме свесни дека со тоа правиме само волна средношколска младина и болна студентска младина. Господа пратеници, децата не учат, студентите не учат, зошто , вели, ако има војна да учиме. Но јас доста ги почитувам кратките но јавни изјави на нашиот македонски Генерал господинот Митре Арсовски. Тој е краток, тој само ја следи ситуацијата како стратег и гледа дека врска нема дека некој треба да не нападне. Но тоа е изигрување со цел да рече македонскиот народ се игра со менталитетот дека ние сме таква покорна славјанска крв, не скамае војна, но да речеме абе, како сака да се викаме само да нема војна. Но од војна нема ништо, само што создаваме одредени проблеми. Ние сме свесни дека една склеротична Цола Драгојчева на времето кога бевме Југославија, излезе еден муабет ќе не нападне и ние преку месните заедници народот го подготвуваме да си купи масло, шеќер, брашно. Сега каков притисок се врши дека ќе има војна, ќе не нападне Трајко,Петко, а од друга страна ние се однесуваме многу комотно. Велам и треба да се однесуваме комотно, затоа што

треба да му веруваме на нашиот македонски генерал, затоа што неговите изјави се кратки и јасни. Грција ќе не нападне, како може да не нападне Грција? ! Јасна е изјавата на господинот генерал Митре Арсовски. Префрлување од едната страна на другата, тие можат да се префрлуваат, зошто да не се префрлуваат војските? Може да се играат играчки, нека прават трошоци. Од друга страна, ние треба да бидеме јасни дека Грција е членка на Атлантскиот пакт, не може да објави војна на Македонија без да ги праша горе поголемите браќа. Како може да објави војна така самоволно? Нема тоа, таа Баба Рога да ја исфрлиме од нашите глави. Војна кој сака дома нека има војна. Според тоа, ние ниту сакаме ниту ќе имаме војна.

Ние сме свесни дека Македонија беше над 500 години под Турска империја, не и текна на Турската империја да го измени името Македонија, со исклучок - на србите тоа им го направи, ја направи Београдски пашалук, но Македо^нија си беше држава Македонија. Петсто години Турска империја , ние сега во овој интервал од две години држава сакаме Македонија да ја Скопјанизираме. Ама некој овде сака да политизира. Зошто да политизира? Зошто два дена диску- тираме ние, ако останеше името Република Македонија, немаше да дискутираме. Кој е тој што политизира тука. Ако не постоеше таа варијанта дека некој сака да им прави услуга на Грците дека скаат да биде оваа држава Република Македонија (Скопје). Вие можете да видите сега во "Пулс" дека грците веќе и подготвија - РМ Скопје. Не пишувааат тие Република Македонија и нема да пишуваат, скраенка пишуваат РМ - Скопје. Според тоа ние ќе си го знаеме дека е Република Македонија (Скопје), само РМ ќе бидат мали, а Скопје ќе го направат со поголеми букви.

Во тој однос сметам дека политизирањето излезе само со тој збор што сака на некој начин Македонија да се Скопјанизира. Ние зошто сме алергични на таа работа. Ние знаеме дека Велес го направивме Титов. Сега маки мачат, никако не можат да го направат пак Велес, уште е Титов Велес. Да не зборуваме и за другите титови градови низ Југославија кои што го решија тој проблем. Според тоа, ние треба да бидеме свесни какомакедонци дека името Македонија никој нема право , ниту јас, ниту ние овде сме во овој Парламнет да изигруваме нунковци, затоа што сме во овој Парламент сега, а не значи дека утре ако дојдат други па тие треба да го сменат инаку името. Името на Македонија ќе се вика Македонија.

Јас сум многу изненаден од вчерашната дискусија на младиот господин кој што сега е примен како пратеник во овој Парламент, ни прочита едни цитати и не тераше на некои одредени принципи на однесување. Неговата дискусија целосно, по мое лично убедување мислев дека господинот претседател на Влада е најекстремен кон партијата ВМРО, но сега мислам дека господинот Црвенковски изгледа вода му носи на овој младиот господин. Во однос на екстремноста, зошто тоа го велам? Младиот господин од вчерашната дискусија да ви кажам право - ми личевте на чистач на чевли. Зошто тоа го велам?

На кого му се удварате вие млади господине во та смисла...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте да давате квалификации на личности од овде.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

В ред. Според тоа, на кого му се удвараме во оваа ситуација? Ние треба да бидеме свесни дека поминаа времиња на такви говорници. Подобро ќе биде со трансформација на општествениот капитал умот да го капитализираме. Говорници требаше на времето кога правевме и плоштади.

(Пратеникот Никола Поповски се јавува за реплика, а некои пратеници извикуваат дека не беше спомнато името).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Името не го спомна, јас интервенирав, доволно е

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Прво, да се обратите до помладиот од тој што дискутираше вчера за екстремизам, бидејќи во вашите редови има еден малку помлад. За навредата барам јавно да ми се извините, а ако не се извините, тоа нека ви служи на чест.

Кога се работи за екстремизам, побарајте го тоа во извештаите на ЌЕБС, во извештаите на Стејдепартментот кои партии во Македонија се екстремни. Ако не знаете, можеме да ги повториме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Томислав Стевковски.

Избегнувајте да се обраќате на личности, избегнувајте да навредувате личности, ќе немаме и реплики

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, секогаш кога излегувам на оваа говорница го претпочитувам ставот што ќе го утврди Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, зошто тоа претставува наша реалност. Не е никакво тактизирање што се јавувам денес за збор.

Морам да искажам дека постои апсолутна согласност во Пратеничката група за нашиот став по повод информацијата на претседателот на Република Македонија, господинот Киро Глигоров. Од искажувањата на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ произлегува само единствениот став, можеби за некого не рационален, и реалистички дека ние апсолутно ен ја прифаќаме информацијата на претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров за спремноста на Република Македонија кон своето уставно име да ја додаде, придавката, именката Скопје. Како држава го губиме и идентитетот и не сакаме еднаш за секогаш да застанеме цврсто дека доста веќе за Македонија да се одлучува без македонците. Ако се прифати информацијата, се дозволува пак без присуство на македонците да се одлучува за нашата судбина. Во Букурешт ние не учествувавме и затоа ја доживеавме судбината која се влече 80 години. Кога ние не учествуваме, секогаш одлуките«се на наша штета. Од ова не сака некој да извлече поука

Само директни разговори со Грција се единственото решение

Дали ние учествуваме при донесувањето на Лисабонската декларација? Сета анализа на нашето однесување укажува наедно дека ние сме виновни за тоа што се одлучи во Лисабон во однос на Република Македонија. Не треба да читаме стенограми, сеќавањата се блиски. Одлуката во Лисабон уследи поради бројните пропусти и  недоволно

квалитетното ангажирање на претставниците на Република Македонија во презентацијата на историската вистина за македонскиот народ и неговата цврста определба да живее во самостојна држава. Европа како да не знаеше што ние сакаме.

Истото ќе се повтори и сега ако не се чуе гласот на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и пред состанокот во Единбург. Ние сме пред се неидеалистичка партија, туку напротив крајно рационална партија која својата рационалност ја гледа токму во цврстиот став на непроменливоста на името Република Македонија без било какви игри па и со додавки. Рационалноста која смета дека таа може да се изрази со промена на името се нарекува предавство.

Едно мало враќање наназад ќе ни укаже на сите дека ние сме виновни за она што ни се случува. Кога велам ние мислам на оние претставници на Република Македонија кои ја претставуваат Републиката. Ние покажавме таква попустливост што е невидена и нечуена. Мислиме дека со молење Европа ќе се смилува и користејќи го своето право ќе не признае. А требаше да не признае во тоа и историскиот непријател на македонскиот народ, а тоа е Грција. Голема заблуда!

Грција ги жртвуваше грците на Кипар, ги уништи, а за нас сака да исчезенеме од Балканот. Едно ќе им порачам:

Процесот на осознавањето на македонците, без оглед на нивниот јазичен идентитет во Грција веќе отпочна. Во Грција ќе има македонци и грци и Грција ја гледам како сојуз на држави на овие народи. Европската заедница ќе се расправа со Грција за ова прашање.

Ние какао Република Македонија си дозволивме по диктат на Европската заедница да го донесеме Уставот на Република Македонија. По тој диктат ние сме Република Македонија, по тој устав ние бевме единствени кои од Бадинтеровата комисија ги исполнивме условите за меѓународно признавање. Се покажа дека таквата наша спремност за Европската заедница не претставува ништо и уследи Лисабонската декларација каде и името не ни се почитуваше.

Со сите пропусти ние се потценуваме и ја слабееме нашата позиција во односите со Европската заедница. Ако некој почувствува дека има постојано тенденција на попуштање, тоа попуштање ќе биде искористено за максимално понижување на тој што попушта. Тоа е преку перфидната форма на додавката на името на градот Скопје кон името на државата Република Македонија, што е очигледен и единствен пример во светот.

Оттука, Лисабонската декларација треба да биде проблем на Европската заедница. Нашата активност не треба во никој случај да биде насочена кон компромис во однос на името, туку во правец на реализирање на расположението и наклонетоста на одреден број членки на Европската заедница да се реши во Единбург меѓународното признавање без одлагање заради лошата економска состојба и нестабилнсота во која тие како Европска заедница ја доведоа Република Македонија и да констатира дека не е можно воопшто отстапување во согласност за признавање на Република Македонија но дека секоја членка на Европската заедница може поединечно да го решава ова прашање и со постојаното име на Република Македонија.

**Т0МИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:** (продолжение

Ова е основното решение за кое треба да се ангажира дипломатијата на Република Македонија и би се обезбедило Република Грција да биде осамена во Обединетите нации, а ние би ги обезбедиле мнозинството на членките на Европската заедница во Советот за без-бедност и ОН за нашето признавање . Ова е вистинското решение и ништо друго. Нашата активност оттука треба да биде насочена кон реализација на ова решение како основно и чесно, а не да се повикува на решение кое е национално недостојно. Значи, постои решение, а тоа е изнесеното што некои за жал не сака, ниту може да го прифати не во Европската заедница, туку овде во овој Парламент. Мислам дека еден од аргументите за предното е фактот што во Библијата се спомнува Македонија 27 пати без додавката "Скопје". Немаме право да ја менуваме Библијата. Уставот на Републиката за нас исто така, преставува Библија во однос на името. Ние кога настапуваме во Парламентот настапуваме рационално со вистинското решение и залагање. Впрочем ЕЗ ја сака вистината, а таа е секогаш во опозицијата. Европа имаше можност да не чуе. За мене и Мислењето на Владата во се е идентично со дадената информација од претседателот на Републиката, со мала разлика што стои потписот на претседателот Бранко Црвенковски. Владата е согласна со промената името што е евидентно. Што и да донесе ЕЗ и дванаесетмината во Единбург кое води кон промена на името за пратеничката група на ВМРО- ДПМНЕ е неприфатливо. Заради таквото нивно однесување ние сме доведени до просјачки стап. Го цениме нашето национално достоинство и во сиромаштијата. Кој мисли поинаку го губи осетот за честа.

Ќе си дозволам да повторам, категорично не ја прифаќаме Информацијата на претседателот на Република Македонија г-динот Киро Глигоров за компромис со името на Република Македонија. Никогаш со тоа не се согласуваме. Нека одлучат во ОН каде ќе ја кажеме вистината. Ќе ни дозволите на крајот пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ очекува да биде обвинета што Република Македонија е независна и самостојна држава. Сакам да кажам, вистината нам ни годи. Точно е дека бевме против во услови на референдумот за вториот дел од референдумот, за конфедерација јасно со претходна самостојност и независност и сл. и таквите обвинувања ги прифаќаме. Затоа Информацијата и Мислењето на Владата имаат за основна цел да го покрие времето заради прифаќањето и залагањето на погрешното решение за промена на името со јасна цел избегнување на одговорноста. Не ги осудуваме контактите со ЕЗ, тие се нужни, преку контактите кои не водеа сметка за националниот интерес на Република Македонија а согласноста за промена на името дали сега, или после е токму тоа. За мене чувството на достоинството на името е основно. На Единбург да му упатиме апел за поединечно признавање заради нивното достоинство, да се обратиме за помош до Бугарија, Турција, Русија и сите земји кои не признаа да застанат на наша страна. Жалиме што тоа сеуште не го чини Република Албанија. Со Грција ќе живееме во лоши односи. Мора да сфатат дека тие се типичен пример на човек кој се прејал цреши и кога се разбудил, пак јадел. Очекуваме во наредните денови да се реши и прашањето со Грчкиот конзулат во Скопје, односно неговото затворање затоа што се наоѓа во држава која за нив не постои. Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ ги цени напорите во врска со меѓународното признавање што ги

чини Велика  Британија и на сите пријатели на Република Македонија со еден апел за нивно ангажирање во ОН на нашиот прием што претпоставува и поединечно меѓународно признавање. Затоа не прифаќаме Република Македонија да се претвори во РМ (Скопје)

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, два дена расправаме за Информацијата која претседателот Глигоров ја поднесе околу разговорите во ЕЗ, околу напорите и активностите на нашата држава за поширокото меѓународно признавање и од дел на пратеници за жал од оваа говорница се обидуваа да го изместат прашањето од расправа дали ќе прифатиме доколку дванаесеттемина од ЕЗ не признаат под името Република Македонија со додавката во заграда Скопје, во тоа како ние го менуваме името на Република Македонија што апсолутно не е точно, не е коректно, бидејќи јас оваа Информација и оваа расправа ја сфаќам само така. Дали ние како Парламент ќе прифатиме доколку дванесеттемина не признаат под името Република Македонија со додавката Скопје. Ние на ова заседание на Парламентот на Република Македонија не одлучуваме за промена на името. Тоа што некој сака така да го прикаже, мислам дека не е во ред и не е точно. Впрочем ќе се види на крајот за што ние всушност ќе се изјаснуваме.

На добронамерните аналитичари на современите процеси во светот им е добро познато дека дијалогот и компромисноста во решавањето на проблемите во бројните светски, а особено Европски асоцијации, па и во билатералните односи на државите им се дава апсолутен приоритет. Воените судири ниту во минатото, а уште помалку во сегашноста не водат кон доброто на човештвото. И после војната се преговарало и се преговара, но особено е важно ако тоа се прави пред да избие судирот. Тоа исто се однесува на нашата држава која во секој

поглед, а особено на воен план да биде лесен плен за нашите непријатели. А кога се преговара тоа подразбира и чекори на отстапки, на отстапки кои нема да ги загрозуваат нашите државни и национални интереси. Чекорот што сега ни го сугерира ЕЗ најмалку е тоа. Македонија во својата вековна историја не еднаш се наоѓала како предмет на преговарачката маса на големите. Меѓутоа, таа никогаш досега немала шанса непосредно и толку активно да учествува во тие преговори на кои се определувала нејзината судбина. Зошто светот денес не прифати како рамноправен преговарач? Затоа што од самиот почеток во Парламентот и покрај бројните отпори и тешкотии формулиравме таква внатрешна и надворешна политика во градењето на својот меѓународен субјективитет која ги прифаќа принципите на современите меѓународни односи. Со таквата политика всушност веќе две години го одржуваме мирот во Републиката и во овој дел на Балканот. Ако така не се однесувавме сосема е сигурно дека веќе одамна ќе бевме во виорот на војната. А бидете сигурни дека на овој народ доста му се војни и црнини. Дури и овде меѓу нас ги има оние што ги паметат добро последните воени страдања на овие простори. Па ги запрашал и нив и граѓаните на Република Македонија дали би биле среќни ако овде се случи она што се случува во БиХ и дали со едно зборче во заграда после официјалното име Република Македонија би се чувствувале помали македонци од оние што денеска така жестоко не убедуваат во својата македонштина, а премолчуваат на негирањето на македонската националност во соседството. Зошто ова решение е само времено и наша добра волја да и помогнеме на ЕЗ да излезе без белези од стапицата што сама си ја постави.

Ако се откажеме од нашата досегашна меѓународна политика, ние се откажуваме од мирот, од шансите што побрзо да влеземе во ООН и би рекол во крајна линија би можеле да го загубиме и ова парче слободна земја што со право го именуваме со нашето вековно име Република Македонија. Додавката во заграда мислам дека е единственото решение кое ни овозможува тоа име и натаму гордо да го носиме

доколку бидеме признаени од ЕЗ. Лично мислам дека со продолжувањето на досегашната меѓународна политика единствено имаме шанса за по- широко меѓународно признавање, а верувам дека со тоа ќе му помогнеме и на нашиот јужен сосед да се ослободи од своите националистички заслепености. За да биде нашата држава дел од Европа за што сите искрено се залагаме мора да го одбереме најпродуктивниот начин, а тоа е дијалогот во кој како што веќе реков мора да има и разумни отстапки, а разумот на мојата партија вели дека е тоа она што ни го сугерира ЕЗ. Европа, господо пратеници е трајно определена за дијалог и тој е основен принцип во сите сегашни активности и за решавање на кризата на овие простори и за проблемите во своите асоцијации. Затоа да го продолжиме и ние тој метод бидејќи е повеќе од очигледно дека тој во изминатиот период ги покажа своите предности во однос на методите што значат одење со глава низ ѕид. Во поглед на тоа кои се фактите и кој е нашиот избор во овој момент би сакал исто така да кажам неколку збора. Република Македонија постои како независна и суверена држава, тоа е факт, реалност од која за прв пат во историјата официјално тргнува и Европа.

Вториот битен факт е дека ЕЗ е одредена од ЌЕБС да одлучи за нашето меѓународно признавање, односно одлуката на ЕЗ е услов за пошироко меѓународно признавање, сите други платформи вклучувајќи

ги и приемот во ООН независно од одлуката на ЕЗ не го решаваат прашањето во целина. Згора на тоа практично одлуката на ЕЗ со мандат од ЌЕБС е одлука не со значење само за ЕЗ, туку за поширока меѓународна заедница.

Третиот битен факт е грчкото спротивставување на нашето меѓународно признавање. Тоа е силно не заради Грција сама по себе туку заради Грција како членка на ЕЗ и принципот на консензус во таа ЕЗ.

Четвртиот битен факт е дека последиците од натамошното одлагање на нашето меѓународно признавање се не само многу тешки, туку и крајно неизвесни по Балканот во овој момент кој е обична барутана. И што за нас значи влогот што покажуваме добра волја за соработка. Зошто ни е тоа нам потребно? За да опстане независна и суверена Република Македонија и без меѓународното брзо признавање.

Таа цел станува лесно ранлива, тоа не само што може да не вовлече во голема економска и политичка изолација, туку и да биде мотив за разни иницијативи на соседите. За да го сочуваме нашиот национален идентитет, а го задржуваме со името Република Македонија, тоа што само за надворешна употреба во заграда ќе се стави името на главниот град веќе е јасно дека тоа не задира во нашиот национален идентитет. А да не заборавиме господа дека сите овие активности се водат во услови кога од страна на Грција нема буквално никакви отстапки околу терминот Македонија и Лисабонската декларација недвосмислено зборува дека не треба да стои термин "Македонија”. Во овие услови одговорноста на овој Парламент пред овој народ и пред граѓаните на Република Македонија е огромна и да ги оставиме емоциите

и се друго што е ирационално и да бидеме на висина на задачата и одговорни и овде навистина да дискутираме за она што навистина треба да зборуваме, а не да ги изместуваме работите и граѓаните да ги дезинформираме на еден начин на кој тие само можат да имаат штета, а никаква корист.

Сосема на крајот би сакал да се согласам од првиот до последниот збор со дискусијата на г-динот Ешреф Алиу кој мислам дека даде голем допринос како треба да се пријде кон решавањето на овој проблем и како треба да биде почитувањето на пратеник кон пратеник и човек кон човек.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитуван претседател на Републиката, почитувани пратеници, би сакал на почетокот да изразам поддршка на сите напори што се направени на меѓународен план за афирмирањето и признавањето на Република Македонија. За тоа секако поголемиот товар во оперативна смисла на зборот им падна на претседателот на Републиката Киро Глигоров и на министерот за односи со странство Денко Малевски. Токму заради тоа тие се и позаслужни Резултатот на тоа е неприменливоста на Лисабонската декларација и закажаниот состанок во Единбург каде се очекува дефинитивното решавање на статусот на Република Македонија. Тоа што е сторено досега на планот на признавањето на Македонија заслужува внимание Како што веќе беше изнесено во прилог на решавањето на проблемот се оди на компромис, но не за името на Република Македонија, туку за да се најде решение прифатливо за европските партнери, а веројатно и за нашиот јужен сосед. Впрочем без компромис нема политика.

Господинот Глигоров вчера во овој контекст рече, заради дополнителен чекор кон компромис и како израз на добра волја би можеле, подвлекувам, би можеле да ја изразиме подготвеноста за додавка на името за надворешна употреба со термин што уште попрецизно ќе ја лоцира државната територија иако тоа не е потребно со името на главниот град на Републиката во заграда.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:** (продолжение)

Потоа додаде дека одлука за тоа би се донело зависно од исходот на состанокот во Единбург. Тоа констатира претседателот, со оглед на фактот што во внатрешните односи не предизвикува промени не би барало промени во Уставот. Секако отстапката што би можела да се направи за разрешување не само на проблемот на меѓународното признавање на Македонија, туку ќе биде од корист за трајните добрососедски односи и соработка дури и со Република Грција. Во светот јас морам да потсетам дека постојат држави дури и со две имиња. Грција на пример се вика Елада, Албанија Шчипарија, Германија Дојчланд, итн., а ние се спротиставуваме на додавката што значи главен град на нашата Република. Според тоа овде не се работи за свршена работа, па сега некого треба да осудуваме ако нештата не се според нашите желби. Се работи за издеференцирана нужна опција која доколку се прифати од Европскиот совет пак ќе дојде одобрување од страна на овој парламент. Затоа сметам дека без потреба се надмудрува и наместо признание за досегашната макотрпна работа, бараме оставка на претседателот на Републиката и министерот за односи со странство. Со тоа свесно или несвесно се ставаме на страната на противниците на нашето дело, а не се нудат попаметни решенија.

Дами и господо, ние можеме во недоглед да расправаме и да се надмудруваме, но од тоа корист нема да имаме. Напротив, ќе дозволиме и натаму да тонеме. Зарем малку ни се перманентниот пад на индустриското производство од месец до месец за околу 20%. Личните доходи во однос на лани реално паднале за преку 1/3, паѓањето на извозот и неможноста да се извезуваат и најнеопходните средства и зголемување на армијата на невработени. Зарем и натаму ќе дозволиме паѓање на општествениот производ што во 1980 година изнесуваше 1.600 долари, а сега само 860 долари по глава на жител. Ќе дозволиме

ли и натаму да бидеме блокирани од север и од југ со сите последици што ги носи таквата блокада. Конечно ќе се согласиме ли со болшевичката филозофија, ќе јадеме ако треба и треба и корени, само да биде по наше. Не верувам дека народот би се согласил со ова. Сметам дека еден цивилизиран народ тоа не смее да го дозволи. Напротив тој мора да бара и да понуди прифатливи решенија и за другите. Признавањето на Македонија претставува значаен услов за излез од наведената состојба. Затоа ќе бидам среќен ако се прифати предложената опција, што како што веќе истакнав на крајот ќе треба да ја верифицира овој Парламент.

Според тоа, да не губиме време, туку да ја прифатиме информацијата на претседателот Киро Глигоров и да се надеваме дека ќе победи разумот. Конечно како еден од современиците на Тито ќе речам дека тој е сега покоен. Ние кога умре сите жалевме, дури рековме и по Тито,Тито. Од тоа скоро ништо не остана, но остана Република Македонија која токму во ерата на Тито се афирмира и се конституира.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ;**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, нај- напред сакам да изнесам некои мои констатации и дилеми.

Прво сметам дека непризнавањето на Република Македонија од Европската заедница покрај објективните околности, во кој се најде Република Македонија и денеска се наоѓа, за разлика од другите држави на бивша Југославија, лежи и во погрешно водената тактика и стратегија, а пред се поради не вклучување на целокупниот политички потенцијал и по офанзивно водење на надворешната политика во она време кога навистина постоеја најреални шанси за признавање на Република Македонија.

Напротив, на крајот на краиштата всушност сме призната држава, сакал некој тоа да го признае или не, за што сме сведоци еве во последно време со отворањето на конзуларните претставништва од некои земји, признавањето на пасошите, економските и културните врски што ги одржува Република Македонија итн. Меѓутоа, навистина по продуктивно и порационално ќе беше со многу поголеми успеси, доколку државата се градеше од внатре. Градејќи го вкупниот економски, политички и правен систем на суверена самостојна и независна држава. На тој начин нејзината цврстина и зрелост ќе беше поиздржана, а нејзиното опстојување посигурно, како што денес тоа е прилика тоа да видиме во Словенија. Меѓутоа, независно од се, мислам е само прашање на време кога Република Македонија ќе биде призната. Јас не мислам и немам аргументи да тврдам дека некој до- сега не сака да биде призната Република Македонија. Меѓутоа, што се однесува пак до промена на името со некои додавки или придавки а во овој случај се работи за именка, а именка со именка може да се менува, не смее и не треба да дојде некој да биде овластен тоа да го прави, затоа мислам дека е беспредметна оваа дискусија. Меѓу- тоа, кога сум тука оваа игра за мене не е толку наивна, ниту лесен политички компромис, како што тоа некој од пратениците рекоа, туку цел на вкупната политичка стратегија што оди на рака на Грција бидејќи знам во политиката не постои љубов, туку постои интерес. Сигурен сум дека ваквата варијанта би било крајно штетна затоа што Грција не е спремна да прифати какво било име во кое стои името Македонија, бидејќи со тоа таа треба да го признае македонскиот народ, а со тоа и да му се дадат минималните права на македонското малцинство во Грција. Имено, мислам дека Грција веднаш потоа ќе бара целосна промена на името, а од друга страна Европската заедница уште еднаш ќе докаже дека непризнавањето на Република

Македонија била во право и покрај решението на Бадинтеровата комисија, што јас мислам дека беше најголем веродостоен фактор за Европската заедница, а со тоа тогаш ќе има оправдување пред целокупната демократска јавност за малтретирањето во текот на оваа година на Република Македонија. И со Букурешкиот договор и сега Македонија е стара држава и останува стара, не е нова. Ако се покажеме како земја која дава отстапки и лесно го распродава своето, тогаш и многу други слични ќе побараат поголеми отстапки. Нас веќе не признаа некои земји со името Република Македонија. Дали треба таквите наши пријатели да им го свртиме грбот за сметка на неоснованите отстапки на други. Дали нашите граѓани ќе одат со еден пасош во една земја, а со друг пасош во друга земја. Ние веќе се имаме пријавено во ОН по ова име за членка на ОН. Затоа сметам дека името Македонија е автовтон национален идентитет, според тоа секој што најде за сходно дека ние го заслужуваме тоа име нема да оди на пазар и да наметнува однапред одредени услови и тоа такви услови што би го изгубиле нашиот идентитет.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа Јас немав намера да земам учество во расправата, бидејќи смислата на денешната седница ја сфатив така како што беше објаснето од страна на претседателот на Собранието. Но со оглед на тоа што се отвори широка расправа и повеќето од пратеничките групи ги изнесоа своите гледишта по прашањето што ни е на дневен ред, а исто така некои од пратениците на вчерашната расправа почнаа да се прашуваат каде се сега пратениците албанци, зошто тие денес молчат итн. затоа зедов збор и јас да ги изнесам моите размислувања кон ова прашање, т.е. за

меѓународното признавање на Република Македонија и прашањето за името. Но пред тоа морам да кажам дека на оваа седница многу тешко е да се изнесуваат видувања и ставови по ова прашање, од позиција на албанец. Го велам тоа од причини што како и да се изјаснувам постојат реални шанси да бидам криво сфатен или од едните или од другите. Но со оглед на тоа што како пратеник чувствувам одговорност пред целиот народ на Република Македонија, без изглед на националната припадност, зошто прашањето на нејзиното меѓународно признавање и промената на името се една од најбитните прашања на оваа држава, јас ќе се обидам нешто да кажам, без претензии дека тоа ќе биде најмериторно и компетентно мислење. Македонија се наоѓа во една многу тешка положба. Меѓународно пошироко непризната, економски во тешка криза, политички доста нестабилна, не се знае што утрото ќе носи. Во вакви прилики дипломатијата, Владата, претседателот на Републиката вршат крајни напори да се дојде до меѓународно признавање, прием во ОН и вклучување во меѓународните организации и други асоцијации, од кои директно зависи нашата перспектива. Се одржуваат контакти, се закажуваат средби, патувања, приеми итн., Но каде се резултатите, што е со името. Зошто не уследи поединечно признавање, дали е направено се што се можеше итн., се прашања кои можат во секој момент да се поставуваат било од кој пратеник на оваа говорница. При одговорот на овие прашања, ако не се тргнува од реалните односи, можат да се дадат разни одговори, интересни за размислување привлечни за народот, но нереални и погубни за државата и народот. При секоја анализа, се разбира, ако се претендира да биде објективна треба да се има предвид меѓу другото и овие два факта. Прво, која е нашата полиција по регионот и поширокиот во меѓународни рамки. Која е нашата економска моќ, воена и политичка. Кое е нашето опкрушување, со еден збор која е нашата позиција како претенденти за

меѓународно признавање. И второ, каква е позицијата во сите овие сегменти што ги спомнав на тој што се спротивставува на нашето признавање т.е. на Република Грција. Можеби е сувишно да се даде одговор на овие прашања, зашто на секој веќе му е јасно дека скоро во сите сегменти ние сме во понеповолна положба во споредба со нашиот сосед Грција. Грција е економски појака, стратешки попривлечна за сферите на интересите, меѓународно призната, политички по стабилна и што е најважно е членка на асоцијацијата од која ние бараме признавање. Само аматерите во политиката можеле да очекуваат радикални пресврти, ако се имаат предвид овие факти. Точно е дека можело и ќе треба уште да се направи. Исто така е точно дека субјектите кои се вклучени во овој процес направија се што беше во нивна моќ. Некој ќе рече да, но правдата е на наша страна. Се согласувам, но полити- ката и правото се сосема различни категории. Неодамна со средба на еден угледен европски дипломат на моето прашање дали конечно во Единбург ќе дојде до меѓународно признавање на Република Македонија го добив следниот одговор: дванаесетте премиери на владите членки на Европската заедница се луѓе кои често се гледаат, разменуваат мислење и се многу блиски меѓу себе. Многу тешко може некој од надвор да ги раздели или да им ги расипе тие блиски односи, уште помалку што некој зад себе нема политичка, економска сили друга моќ. Сега што се однесува до името, точно е дека сите ние се изјаснивме дека сме за ова име, дека не прифаќаме промена итн. Но дали ова размислување е рационално и опортуно, ако се знае дека нефлексибилноста наша во овој момент носи блокада, криза, нестабилност, непризнавање и се друго што оди со тоа. Зошто ова не му се кажува на овој народ, или пак ќе одиме по теркот на костичизмот дека и корени ќе јадеме , но ќе биде како што ние велиме. Господа јас не сум за корени,  јас сум за рамноправност, за признавање, за прогрес и

благосостојба. Јас сум пред се за мир на овие простори. Не смее да се каже јас сум за ова и точка, не може понатаму. Но што понатаму, зад секој став мора да се нуди излез. Во моментот застапниците на првиот став дека ништо не е направено, дека по прашање на името нема ценкање итн. за жал во овие драматични моменти не нудат варијанта или алтернативни решенија. Затоа не сум за овој став.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници признавањето на Републиката од страна на Европската заедница не може да се екстрахира од целокупната проблематика со која се среќава Републиката. Напротив, сите тие се повеќекратно потенцираат. Затоа изненадува начинот и настапот на поединци, што се претвори во критизерство, а не позитивна критика, која би носела и некаков плод. Никој не се запраша што можеше сам да придонесе за поширокиот признавање на Републиката. Сигурно неклеветејќи ја Републиката пред Европската и светската јавност дека сме сеуште комунистичка земја, дека нејзиното раководство не знае што прави, дека секојдневно се крши ембаркото против Србија, дека уставот е недемократски, дека се кршат основни права и во тој стил. Дали сето тоа било во функција на поширокото признавање на Македонија, нека секој сам се запраша, или се во прашање некои други интереси. Круна на се беше она што се изнесе на сметка на претседателот на Републиката како што некој го нарече недомаќин во чиј лик се огледа семејството, а какво семејство сме ние. Дали со тоа не придонесуваме да се шири недовербата кон нас, зашто тие се нашите легитимни претставници во преговорите, претседателот и министерот. Ако ја нема целата наша доверба, како можат да настапуваат можеби треба да биде тоа предмет

на расправа, а не името, како што излезе од досегашните дискусии. Затоа ние не  можеме, немаме мандат за донесување одлуки за промена на името како што сакаше да се при- каже во текот на расправата. Оваа седница во таа смисла би била во некаква функција каква што е, само после Единбург и неговата евентуално нова декларација. Засега се работи за знак за добра волја, за изразена подготвеност за некаков компромис и само тоа. Доколку се постигне некакво решение во Единбург, тоа значи дека сега изразената добра волја би не обврзала после Единбурф независно од решенијата прифатиме или отфрлиме односно доколку е во прашање некаква додавка на името, каква што се предлага, не мислев само на нас туку и на сите граѓани на Република Македонија и оние што се надвор од Македонија а се чувствуваат како македонци. Знаејќи дека не е проблемот името верувам дека сите го делите моето мислење дека всушност не постои македонско прашање, како што порано тврдеа и Грците и македонски проблем туку грчки проблем и македонска несреќа,,да ја имаме за сосед баш Грција која некогаш и била демократска земја, а сега претворена во земја на трговци, на ситни души со националистички предзнак, а не додавка. Што се однесува до Европската заедница и нашето признавање од друга страна можеме да бидеме незадоволни лути, па дури и бесни, но сето тоа нема да ни користи. Потребно ни е во моментот де покажеме повеќе трезвеност отколку емоции. А она за војната како баба рога што сакаше да се претстави, демек измислена за мали деца, за сините шлемови и нивното евентуално присуство, за опасноста што ја дебне Републиката , за таквите ќе наведам една размисла на еден литерат кој се дружел со Ромен Ролан, Анри Барбис, и други големи имиња од Европа, ако постои голгота во Европа, нејзиниот врв е сигурно Македонија. Зарем мислите дека нешто се променило од тогаш.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:** (продолжение)

Имам право на такво мислење, претходниците исто така се изјаснија на разни начини дека заградата всушност е отстапка кон Грција на Европската заедница, ако така се прифати тоа, меѓутоа јас го толкувам тоа, да беше заменето случајно тоа со некое друга именка, да речеме (Солун).

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, на почетокот да ве известам пред Собранието се собрани поголем број студенти, 1000-1200, така сум известен протестираат и бараат да нема никаква промена ниту додавка на името. Исто така и јас не ја поддржувам информацијата од почитуваниот господин претседател на Републиката Киро Глигоров, од причини што досега незнам да имало име за сопствена употреба, туку сите имиња служат за комуникација меѓу граѓаните и меѓу државите. Би сакал да ме убеди господинот претседател или пак некој од пратениците кои ја застапуваат тезата за додавка на името дека на оваа Земјина топка има друга држава која користи едно име за интерна употреба да друго име и служи за меѓународна комуникација.

Тоа што вчера го кажа почитуваниот претседател е преседан ако заборавил, да го потсетам дека пред неколку месеци, кога во Скопје се одржа Се Македонскиот конгрес на неговиот беџ пишуваше - Македонија не го менува името. А сега, после толку кратко време за да ги изневери македонските бизнисмени и сите други граѓани од македонско потекло што кои се наоѓаат во дијаспората, го менува односно се согласува за додавка на името за што нема право некој во Македонија ни Парламентот, ни Владата, а ни самиот претседател кој го има тоа право уште помалку, бидејќи не е избран непосредно од народот на тајни и

непосредни избори. Оти, неговата политика е таква, се занизраше уште од првите денови со доаѓањето од Белград во Скопје. И сега се потсетувам на моето прашање и имам една сатисфакција кога му побарав лична карта дали е жител на Македонија, а добив одговор дека е државјанин на Македонија, како она од басните на Езоп со коњот и маската. Ништо не треба да не чуди што сега е приватизирана дипломатијата во Македонија од страна на претседателот и неговиот ресорен министер за дипломатија, господинот Денко Малевкси. Не беше случајна изјавата на почитуваниот претседател дека кога би морал од сите шест бивши југо- словенски републики би го избрал токму Денко Малевски бидејќи се истомисленици и се во дуо кое води две години успешно стерилна политика. Во една прилика почитуваниот претседател изјави дека македонскиот народ не е зрел да има своја држава. Може би неговата изјава пред овој парламент сака да ја овековечи со неговата стерилност кон дипломатијата, правејќи дуо со истомисленикот Малевски, самостојна Македонија - да, само без мене, бидејќи јас сум сентиментално врзан за Југославија.

Каде е вашето достоинство господине претседателе кон државите кои не признале под вековното име кое егзистира на овие простори повеќе од 7500 години и меѓу тие држави е и повеќемилионската Русија.

И на крајот, ништо не ме чуди оние кои се сметаат за директни учесници од 41-та до 45 година, а ги крадеа своите канцелариски бироа и своите писачки машини и ги носеа во партизанските одреди и се фалеа дека се украдени од укупаторот и по извесно време го снема тој партизански одред "Орце Николов11 и да се биде поблизок соработник на Ченто, Чучков, Полежина, Брашнаров, сите анатемисани македонци и нивниот соработник оди напред градејќи своја кариера до највисоките сојузни функции.

Затоа, господа пратеници ова што се случува е производ на неспособноста или несакањето на политичкиот највисок врв на Македонија. Неговата одговорност е дотолку поголема што ја приватизира целата политика во Македонија, посебно дипломатијата која не даде ама баш никакви резултати

Кој го овласти господинот Глигоров да нуди додавки, придавки, одземање, додавање на името и презимето на Република Македонија пред господинот Мејџор бидејќи се коси со Уставот и законите што ги има во Македонија.

Две години прави стратегија на некоја дефанзива и концесии во негативен план. Само еден пример, кога во Австралија требаше да се регистира спортското друштво "Македонијап и таму ѓаволот не мируваше. Притисокот што го вршеше грчката политкка во Австралија, вроди плод, за жал на наша штета. Беше регистрирано под името "Македонија- Престон" и сега, после извесно време се зборува од тамошниот свет само за "Престон" а не и за Македонија.

Затоа, не да се плашам, туку толку сум исплашен и убеден дека додавката Скопје ќе ја доживее судбината на Македонија- Престон во Австралија и ќе имаме Република Скопје за кој е нешто ќе ги обесправиме нашите претси и идните поколенија што треба да егзистираат на овие простори, како што кажав, еве веќе 7500 години. Тогаш се прашувам зошто беше отстранет специјалниот пратеник на Републиката господинот Васил Тупурковски токму наводно за разговори за промена на името со Австирската дипломатија. Дали господинот Глигоров се однесува да врши разговори со глуви или пак не сака да сфати дека додека во Македонија и СР Југославија, нашиот северен сосед не заминат од власт комунистичките водачи, нема признавање и

нема бела светла иднина. Европската дипломатија со голема традиција не ми вели директно туку индиректно наведува и тоа како морален чин треба да го прифати господинот Глигоров а да ја напушти функцијата претседател на Република Македонија и се избере нов на непосренди и тајни из бори.

Јас навистина морам да исправам една грешка од еден пратеник од коалицијата ПДП НДП каде искажа за голема Македонија. Никаде и никогаш такво мислење не постои кај македонскиот народ за голема Македонија. Туку, има само една Македонија поделана на 3 делови со Букурештанскиот договор од 1963 година. Ако господинот сонува за некоја голема Албанија, впрочем тоа може да се види. Тоа е негово право. Меѓутоа "гладна кокошка просо сонува".

Исто така, лесно му е на господинот Џафероски и мора да се додворува, бидејќи правосудството на Република Македонија ја изврши светата задача, неговиот син, дилер на дрога, после неколку месеци затвор...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа нема врска со ова.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

После неколку месеци затвор е ослободен од издржување на казната.

**СТОЈАН АНДОВ**

Ве молам, не одете во лични ...

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ :**

Казната која требаше да ја издржи 4 години затвор е ослободен...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, не одете во лични навреди. Држете се за темата

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Која требаше да ја издржи 4 години, а за два украдени тегови се лежи 3 месеци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, немојте на говорница да одите и лично ги навредувате луѓето и инсинуации да ширите. Тоа не е допустливо во Парламентот.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Господине претседателе, дозволете да се доискажам

Уште малку имам.

Дискусијата на новоизбраниот наш колега пратеник Поповски, кој, морам да признам, неодоливо ме потсетува на пионерче кое се обидува да направи дупка во водата, исто така изрече една мисла, дека ние, пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и самите не веруваме во тоа што тврдиме од оваа говорница. Јас ќе речам, ние длабоко веруваме дека нашето име, името на нашата држава ќе биде само Република Македонија, а тој тврди дека ако се даде презимето Скопје, Скопјани, дека не е менување на името. Верувам дека поради својата младост самиот не верува во тоа што тврди, затоа што устата со која ги изговори тие зборови му беше собрана и стегната

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Сосема е оправдана загриженоста на сите нас како и пошироката македонска јавност кога се зборува за едно многу суштествено прашање а за кое зборуваше претседателот на Република Македонија.

Затоа, ја оправдувам потребата од масовно искажување што покажа досегашната расправа. Меѓутоа, јас за себе стекнувам убедување дека во досегашните искажувања се присутни многу непознавања за она што треба да расправаме, како и што е целта што оваа точка е ставена на денешнава седница.

И денеска се потврдува нашата досегашна пракса нештата погрешно а се толкуваат и прикажуваат што неосновано, погрешно и штетно се прикажуваат овие прашања на пошироката македонска и светска јавност. Доколку е тоа од незнаење и неумешност не би било проблеми. Но, опасно е кога тоа се искажува со други цели и намери. Посебно загрижуваат искажувањата на поедини пратеници, кои во досегашната расправа користеа можност за лични разврски и наплата на поедини сметки со претседателот на Републиката и другите членови од актуелното раководство. Тоа е сосема видливо и за нас и за пошироката јавност што ја следи расправата. Тоа не е добро и не е на дневен ред.

Од друга страна, тие, во своите искажувања, прилагодени на своите интереси и вистини, заборавија да кажат за многу нешта и пропусти за кои тие имаат и свој личен придонес во изминатите години. Тие, во разговори со претставници на повеќе држави многу работи на денешнава тема имаат зборувано и договорано. Интересно е да се каже и да се објасни на македонската јавност што се постигна со сето тоа, поконкретно што се реализира со ветувањето од разговорите со господинот Алојз Мок, за дадените ветувања дека Австрија и тој самиот сигурно ќе обезбедат признавање на македонската држава и од членките на Европската заедница, како и помошта што ќе ја добиеме во меѓународното признавање од последните разговори со господинот Парошки, протагонист на ројалистичката политика во Србија. Исто така

не е основано да се вршат споредби во постапките и активностите за признавањето на Република Словенија и Република Хрватска, со признавањето и состојбите околу признавањето на Република Македонија. При правењето на ваквите оценки мора да се земат предвид многу релевантни фактори. Меѓу нив би го спомнал меѓународното опкружување на Република Словенија и Република Хрватска споредено со меѓународното опкружување. на Република Македонија. Какви се интересите или состојбите на нивните соседи, посебно влијанието на моќната Германија, а какви се интересите на нашите соседи. Посебно би го нагласил случајот на Грција со сите оние запреки што произлегоа од неа во досегашните активности. При правењето на оценките, критичарот мора да ги има предвид овие моменти за да изведе и објективни заклучоци.

Исто така, сакам да забележам на кажувањето и оценките за постигнатото во изминативе две години од делувањето на парламентот, нашата Влада и претседателот на Републиката. Беше дадена оценка дека ништо не е постигнато, а целото време го преспавме и дека водевме јалови и погрешни дејствија. Моја оценка е дека нештата не се баш такви. Напротив, лично сметам дека многу е постигнато, а највредно што овој простор досега остана мирен и поштеден од грозните последици на воените дејствија што ги задесија другите подрачја на поранешна СФРЈ, што и највредното кое треба да се има предвид при правењето на ваквите оценки.

Затоа, јас би замолил нашето внимание да го свртиме на суштината на она што го слушнавме во излагањето. Тоа е напишано во текстот, стенограмот од излагањето што го баравме и го добивме. Да ги оставиме нашите претпоставки и лични проценки, би рекол и изведени лични толкувања.

Од излагањето и текстот на стенограмот сфатив дека добивме една сеопфатна информација за вкупните настани и активности што ги правеа нашите претставници во периодот од донесувањето на Лисабонската конференција од 27 јуни до она што се очекува да се случи на идниот состанок во Единбург, а во контекстот на нашите настојувања за признавањето на меѓународниот легитимитет на Република Македонија од земјите на Европската заедница приемот во ОН, ЌЕБС и другите меѓународни организации.

Денеска не се изјаснуваме ниту пак расправаме за донесување одлука за промена на името на Република Македонија. Зошто нештата ги изопачуваме и прикажуваме во форма која нам ни одговара и од сето тоа правиме погрешни впечатоци и заклучоци? Јас ги разбирам напорите на поедини партии у и поединците да се борат за имиџ кај македонската јавност, а притоа користејќи ги слабостите на актуелните органи и нашите раководства. Но, ова не е обично прашање од кое треба да се печали партиски интерес и поединечен интерес и постигнување на максимални резултати. Се работи за прашање од највисок пресуден интерес на Република Македонија и на македонскиот народ и националностите кои живеат во неа.

Затоа, ние како претставници на народот мораме во ваквите историски моменти да ги ставаме во втор план париткските и лични интереси , а да настапуваме во контекст на националните интереси. Тоа е правото, тоа е мудрото, тоа е потребното. Ние можеме меѓу себе да се надмудруваме и манипулираме со интересите на граѓаните на Македонија. Но, резултатите и победата на овие прашања било од која партија и поединци ќе биеа Пирова победа, и ќе носи многу скапа цена на секого.

Граѓаните на Македонија треба ова да знаат, а верувам дека го знаат и ја чувствуваат намерата за манипулација од поедини искажувања присутни во досегашната расправа. Се согласувам со потребата од сериозни и критички оценки за активностите на актуелното раководство и ги почитувам различните пристапи и мислења и гледишта. Но, јас, исто така сметам дека постоеја и постојат други форми во активноста за обезбедување на меѓународно признавање на Република Македонија. Во контекстот на ова исто така мислам дека требаше нашето раководство многу поумно и по тактички во обезбедувањето контакти со претставниците на Грција, дали директно или со некој терет, со меѓусебно договарање, изнаоѓање решение за отворените прашања. Тие прашања се директни прашања на двете страни. Решавањето на овие прашања на ваков начин би дало далеку поефикасни и побрзи ефекти.

На тоа ќе мора кога и да е да се навратиме. Со тоа што пораното навратување значи и чекор побрзо надминување на досегашните проблеми. Исто така, не требаше да се потпреме само на -преговори со претставниците на Велика Британија, како претседавач на ЕЗ. Требаше да воспоставиме вакви контакти и да дадеме овластување и на претставниците и на други земји членки на ЕЗ.

Би си дозволил за слобода да кажам и да ја спомнам позицијата на Франција и високиот авторитет на претседателот Митеран. Тоа би било драгоцена помош. Ова е дотолку важно и потребно ако се имаат предвид сознанијата за досегашните проблеми меѓу членките на Европската заедница групирани во две групи, побогати и посиромашни, како и елементите дека од 1.01.1993 година престанува мандатот на Велика Британија. Сепак, ова не е тема на денешната расправа и затоа треба да ја оставиме во други можности кога за ова поконкретно ќе расправаме и правиме оценки.

Исто така на македонската јавност мора да се каже дека за решавање на спорот помеѓу Грција и Македонија постојат два начини и тоа по пат на преговори, со подготвеност за компромис, секако не запоставувајќи ги темелните и национални интереси. Вториот пат е патот на силата. Нашето раководство и овој парламент се определија за правиот начин, што е сосема логичен и единствено можен, сакајќи да се избегнат тешките последици и повторувањето ан историските трагедии што ги доживувал народот на овие простори.

Затоа, зачудуваат упатените забелешки на нашите преговарачи поготово што се тие овластени со Уставот, а би рекол не само што се тие овластени туку тие во овие преговори пријдоа многу храбро и одговорно, ставајќи го пред се во ризик својот авторитет, во заштита на интересите на државата и на нејзинтие официјални органи, а давајќи простор и можност да тие, во втора фаза се произнесат кога нештата ќе бидат попрецизно дефинирани.

Ако одиме во решавање на проблемите по вториот начин, на граѓаните мораме да им кажеме што тоа носи и кој се ризиците и која е цената за тоа. Некои од дискутантите веќе укажаа на тоа, на нашата големина, цврстиот и висок морал на народот. Но, незнам дали е сето тоа доволно и каков исход тоа носи.

**ИВАН ИВАНОВ:** (продолжение)

Треба многу и длабоко да ги процениме сите можни последици од примената на овој начин и дали тоа нема да биде кобно и дефинитивен удар за македонската држава и губењето на она што е со векови создавано и оформено во изминатите 50 години, со многу скапа цена. Ова не го кажувам од аспект како што беше кажано да ги плашиме граѓаните, меѓутоа тоа е една од опцијата која што е присутна во размислувањето и искажувањето. Ние конечно мораме да се свртиме на правите проблеми. Што побрзо да ги симнеме прашањата за меѓународното признание за прашањата, за симболите, симболичните обележја до сето она што е на некој начин и битно , меѓутоа и прашања од една второстепеност. Народот и македонската држава веќе многу ја осиромашивме, ги доведовме на колена и питачки стап, затоа што повеќе ниту има време ниту може да се толерира бидејќи преку тоа може да следат ломови до најтешки последици.

Затоа, јас ве замолувам да престанеме со погрешни и јалови расправи и да ја завршиме расправата, а да ја примиме информацијата изнесена од претседателот на Републиката. Истите да ги задолжиме за поефикасна и посмислена активност на завршувањето на долгата одисеја истата да се оконча во што е можно покус рок во признавањето на меѓународниот легитимитет на нашата држава, во приемот на обединетите нации, ЌЕБС и другите меѓународни организации. Тоа и останатите актуелни функционери се овластени и одговорни за окончување на оваа важна и одговорна задача иако реално кажано оваа задача е многу сложена, тешка, а исходот е многу неизвесен. После останува правото на Парламентот и пратениците да направиме оценка за резултатите и најодговорно и темелите ги оцениме работите и од тоа

да влечеме потези за идните дејствија, за иднината на оваа држава, за нејзините граѓани, да се свртиме кон реалните и животни проблеми на граѓаните, на државата со посебен аспект на материјалната основа на кои се заснивaат сите нешта на реалниот живот.

Благодарам.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Најпрво, на почетокот на моево излагање, сакам заради ускратеното деловничко право од вчерашниот ден после излагањето на новоизбраниот пратеник господинот Поповски да му возвратам со една реплика за вчерашниот дебитантски настап во македонскиот Парламент и неговата провокативна дезинформација во однос на мене лично.

Тоа што господинот Никола Поповски во заграда Скопје, има егејско - македонско потекло, не е ни битно, го спомнувам чисто афирмативно зашто сега по националност е само граѓанин членува во граѓанската партија и е член на пратеничката група на ПДП-НДП не може по своето право да им дели лекции на другите, да го суспендира правото другите да не можат да му делат лекции нему.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Треба да се води сега сметка за достоинството на оној на кого му се обраќаме.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Па, токму, заради истите причини требаше вчера да му ускратите задоволство некој тоа право да го искористи од оваа говорница.

**СОЈАН АНДОВ:**

Многу внимавам и ви укажувам

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Чувме вчера еден бисер дека востанијата што ги подигал овој македонски народ биле емотивни и затоа пропаѓале и имало безброј жртви. Жален е овој народ ако требало или треба да се откаже од сите свои востанија и македонци кои загинале за слободата и победата на македонскиот народ, за слободна, независна и самостојна македонска држава, ако требале да работат по рецептот на господинот Поповски и прифатат рационално и компромисно ропство. Само незнам зошто сеуште служи спомeникот пред зградата на ЦКСКМ.

Понатаму пратеникот Петров е независен пратеник, член на парламентарната група на независните пратеници, а член е на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ исто толку колку што господинот Поповски е член на парламентарната група на ПДП-НДП.

И на крајот веќе подолго време злоупотребуваниот референдум од 8 септември 1991 година кој бил за, кој бил против, редно е да се прочитаат стенограмите за да се уверите во нешто што го злоупотребувате во јавноста како дезинформација за да придобивките од самостојноста на Македонската држава си ги прилепите само на сопствените гради.

Во контекстот на точката што е на дневен ред сакам да го истакнам следното: целосно ги отфрлувам следните ставови од експозето на претседателот на Републиката, дефинирано во денешниот дневен ред како информација со расправа за сондажа на пратеничките мислења и размислувања, и тоа следните ставови:

Би можеле да ја изразиме подготвеноста за додавка на името за надворешна употреба со термин што уште попрецизно ја лоцира државната територија иако тоа е непотребно со името на главниот град во заграда. Одлука за тоа би се донела зависно од исходот на состанокот во Единбург".

И, ставот од точка А , како можен исход од Единбург и нашето поставување кон него "Европската заедница да ја признае Република Македонија со предложеното компромисно име за надворешна употреба со додавката Скопје во заграда. Во тие услови Собранието би ја донело Одлуката за додавката во името на Република Македонија за надворешна употреба".

Овие решенија целосно лично како пратеник Петров Тодор ги отфрлам зашто претставуваат прејудицирање на одлука која за мене нема основа во Уставот, името на државата е утврдено со Уставот, а ова Собрание тие ставови не ги прифатило. Создаден и наметнат е во јавноста спор кај Македонците и кај граѓаните на Македонија, кај нас самите и сами го всадивме црвот кај народот упорно да размислува ако се менува кое име да се одбере.

Затоа предлагам како што тоа и господинот претседател го предлага веднаш да започнат активностите во ООН за прием на Македонија во светската организација на нациите. Меѓутоа, лично го поставувам прашањето зошто со донесувањето на Уставот Македонија не го поднесе тоа свое барање за прием во ООН, а уште повеќе зошто откако Парламентот ја донесе одлуката за доставување барање за прием во ООН , тоа барање се однесе после еден месец од денот на донесувањето на Одлуката или нешто повеќе и само се депонира. Овој Парламент кога ја носеше таа одлука такво овластување во истата не

утврди. Мене ме загрижуваат лично додавките и заградите, затоа што во утврдувањето на такви загради и додавки се сплеткавме со Законот за лична карта и Законот за лично име. Ако сега не одлучувавме јас тоа и на почетокот во процедуралното прашање сосема децидно го поставив зошто се наметна одржувањето на оваа седница ако воопшто не е потребна никаква одлука. Само заради сондажа на мислењето на пратениците кои ќе ги искажат од оваа говорница, за мене е апсурдно и затоа сметам дека изразената согласност за подготвеноста на Македонија од страна на министерот за односи со странство, господинот Малевски, во Лондон со информирање на пошироката јавност во Македонија па и на нас самите пратеници бидејќи не затече една таква иницијатива поголемиот број пратеници, сметам дека е недопуштено. Затоа што ако водиме расправа за мене не е потребна друга наредна седница на која што повторно ќе имаме одлука и евентуално признавање за да го менуваме името на Републиката со додавката во заграда Скопје.

Затоа сеуште останувам на процедуралната забелешка која ја предложив на почетокот на седницата , во согласност со цитираните одредби од Деловникот 483,485,486 и 487, Собранието да донесе еден дециден јасен став за да престанат манипулациите во јавноста н тоа да донесе Собранието ставови , заклучоци по однос на поднесената информација врз основа на член 68 став 2 кои би гласеле:

1. Република Македонија нема никогаш под какви и да е услови и од која и да е страна да го промени своето вековно име Македонија, нераскинливо поврзано за името на македонскиот народ ниту пак ќе прифати било какви додавки пред и по името бидејќи тоа е едно и единствено.

2. Собранието на Република Македонија и натаму останува на Декларацијата од 18 септември 1991 година со што ја потврди волјата на граѓаните на Република Македонија изразена на референдумот од 8 септември 1991 година во која тие се определија за самостојна и суверена држава од името Македонија изразено и со Уставот на Република Македонија, донесен на 17 ноември 1991 година, како и на Декларацијата од 3 јули 1992 година со што Собранието на Република Македонија го оцени како неприфатлив и го отфрли делот од Декларацијата на Европскиот совет на ЕЗ за поранешна СФРЈ усвоена во Лисабон на 27 јуни 1992 година што се однесува до признавањето на Република Македонија со име кое нема да го вклучува терминот Македонија.

3. Собранието на Република Македонија и натаму инсистира и бара од владите на членките на ЕЗ како и од пошироката меѓу- народна заедница ЌЕПС и ООН и нивните членки да изразат согласност Република Македонија како рамноправен правен наследник заедно со другите држави од поранешна СФРЈ да го преземе членството во сите меѓународни органи, организации и заедници и да ја прифатат Република Македонија под постојно име и во нејзините постојни граници.

4. Собранието на Република Македонија го повикува претседателот на Републиката и ја задолжува Владата во согласност со нивните уставни овластувања да ги преземат сите мерки и активности што произлегуваат од овие заклучоци.

Тоа се предлог на заклучоци кои лично како пратеник ги предлагам Собранието да ги донесе за да се отстрани дилемата во поглед на недоразбирањата, погрешните интерпретации или емотивните настави во врска со името. Неизвесноста на името на државата Македонија кое

толку многу беше во експлоатација дури од времето на Декларацијата за критериумите за признавање на нови држави во Источна Европа и во Советскиот сојуз и Декларацијата за Југославија усвоена од Министерскиот совет на ЕЗ од 17 декември 1991 година се до денес изгледа конечно добива свој епилог. Можеби некои беа или ќе бидат жестоки во своите критики, меѓу нив можеби и јас, некои се ограничени во своите согледувања па повеќе од тоа што ќе го кажат ниту гледаат ниту знаат и повторно може меѓу таквите ќе бидам и јас. И нека е така, зошто можеби ете таков е пратеникот Петров кој има само едно име и за внатрешна и за надворешна употреба, па се однесува само како Тодор Петров и како никој друг

Уште на почетокот сакам да нагласам не станува збор за било какво прашање околу кое треба опозицијата и коалицијата која е на власт да водат спротивставени полемики, тоа не е прашање на власта и опозицијата. Не станува збор ниту пак за поголеми или помали Македонци во однос на тоа кој е за или против промената на името. Секој си е таков каков што е. Станува збор за прифатени акти за задолжителни одлуки кои добиле задолжителен карактер со последниот референдум од 8 септември минатата година за самобитноста на еден народ, македонскиот народ и државата Македонија, за државен интерес за кој по мое видување нема компромис. И што е до мене лично не би го направил

Јас ги разбирам сите оние што мислите и предлозите на своите луѓе ќе ги бранат до крај, меѓутоа, не станува збор за одбрана на коалиција, туку за одбрана на државата Македонија и нејзините интереси. Македонија сакам да повторам уште еднаш нема никаков спор

со Грција во врска со името. Спорот е во самата Грција , а спорот сега ние си го наметнуваме и врз нас самите себеси. Никој на Бугарија и на Грција не им смета да имаат провинции Македонија под името Македонија, па ни ние самите. Какви што случаи има повеќе во светот. Меѓутоа, кога човек еднаш ќе се изгори ќе дува и на матеница. Ние по прашањето за името и на државата и граѓаните и ова Собрание имаме сосема јасни ставови, заклучоци, односно одлуки и затоа ја поставив целисходноста воопшто за одржувањето на оваа седница. Ние цел месец и половина овој Парламент го државме во мораториум на нашки преведено суспендирање токму заради исчекувањето на Самитот на ЕЗ од утре 11 декември во Единбург. Ако имаше пози- тивни знаци за признавањето не верував дека ќе се одржеше седницата на Собранието, меѓутоа, сега можеби некој за да добие покритие го свикаа Собранието за да покажат еве кои се виновниците кои не се флексибилни и заради нив не сме признати иако ние направивме се што е до наша страна, за да се покаже дека Парламентот или некои во него водат ригидна политика во однос на името. Изгледа заборавивме дека за таа ригидна и флексибилна политика токму по однос на прашањето за името веќе си отиде еден човек од актуелната македонска политичка сцена, мислам на специјалниот пратеник на претседателот на државата господинот Тупурковски. И со какво право министерот Малески го става Парламентот во позиција на политика на свршен чин и тоа дури од Лондон или требаше претседателот на Републиката да се врати од Лондон ништо да не изјави во врска со комбинациите и компромисот околу името.

Веќе во вторник на 8 овој месец Македонското радио во утринските вести во 8,00 часот, кобајаги техничка грешка да даде вест дека наводно претседателот дал согласност за името Република Скопје, за да веднаш во 10,00 часот уследат двапати извинувања пред слушателите дека заради техничка грешка веста од 8,00 часот не е точна и дека согласноста се однесува за подготвеност за името Република Македонија (Скопје). Значи во 8,00 часот се создава револт кај граѓаните, се постига саканиот психолошки ефект за да во 10,00 часот луѓето кажат, добро е барем зборот Македонија е содржан во името на државата. Барем во сето ова да имаше и некоја чесност. Односно претседателот да ги повикаше на заеднички консултации претставниците на сите политички партии и да побараше согласност или разговори околу заедничката судбина без да влегува во сопствени аранжмани. И, еве го сомневањето на секој во секого кога се всади овде и кај нас.

Ќе наведам само неколку цитати од некои излагања во овој Парламент, зошто, барем за мене повторувањето некогаш е мајка на знаењето. Самиот господин министер за односи со странство на 28-та седница на Собранието одржано на 19 декември минатата година по . повод декларацијата за критериумите за признавање на нови држави во Источна Европа и во Советскиот сојуз и декларацијата за Југославија усвоена од Советот на министрите на ЕЗ од 17 декември 1991 година го кажа следното: "Што се однесува до барањето на една југословенска Република дека нема да спроведува непријателска пропаганда против една соседна земја членка на ЕЗ вклучувајќи го и користењето на име што имплицира територијални барања не може да биде пречка тоа за признавање на Републиката, затоа што таа ниту води активности за

непријателска пропаганда, ниту име користи што имплицира територијални барања. Нашето евентуално несогласување со овој услов би значело дека како Република или се препознаваме или навистина водиме некаква пропаганда, или користиме име за да изразиме територијални претензии. Нашето несогласување или изразување резерви спрема ова во основа трајно нејасно и непрецизна формулација би можела да се искористи за прикажување на нашето божемно несогласување со основните услови содржани во двете декларации и објективно би им помогнало на оние кои на овој начин би сакале да го одложат, попречат или оневозможат признавањето на Македонија".

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (Продолжение)

Меѓутоа, Лисабонската декларација на таа иста Европска заедница го демантираше со својата одлука нашиот министер за односи со странство. И се покажа дека таа формулација беше токму за Македонија.

На триесет и петтата седница од 14 февруари, по точка информација за меѓународната активност на Република Македонија господинот министер повторно кажа "Македонија може да даде и меѓународни гаранции дека ќе ги почитува територијалниот интегиртет на Грција и дека нема да се меша во нејзините внатрешни работи. Меѓутоа да се условува секој дијалог или соработка со промена на името е понижувачко. Понижувачко е затоа што ние едноставно немаме резервно име, ниту пак било кога сме размислувале за такво нешто". Каде е сега господинот министер за од- носи со странство, после компромисот во Лондон. Дали е тоа е понижувачко или можеби вокреснувачки.

На 40-та седница од 1 јули 1992 година, кога Собранието расправаше за информацијата на Владата на Република Македонија во врска со Лисабонската декларација за бивша Југославија го изнесе следниот личен став. "Поднесов оставка во знак на протест против одлуката на Европската заедница со која и е нанесена голема неправда на Македонија. Луѓето од Заедницата со кои бев во контакти и воспоставив нужно и некаков личен однос не отстојаа на дадениот збор дека за името нема Да одлучуваат без наша согласност. Тоа го тврдеа до последниот момент за да го погазат зборот. Затоа потребен е нов човек на ова место кој ќе ја продолжи борбата за демократските вредности на нова Европа. Каде се сега зборовите на господинот Малески, кој исто така во контекстот на тоа свое излагање додаде "Македонија на

македонците е порака со симболични значења, кое и во минатото и денес ги обединувала граѓаните на оваа територија. Пораката која има сосема актуелна содржина уште значи и дека спасители од страна да не чекаме и би го цитирал членот 73 став 4 од Уставот кој вели:"Одлуката донесена на Референдумот е задолжителна. Граѓаните на Република Македонија на 8 септември минатата година таква одлука донесоа и Референдумот се спроведе успешно со дополнување дека прашањето на Референдумот беше дали сте за Суверена и независна држава Македонија, што значи се утврди името на државата". И наместо да ја исправи својата историска грешка од 1913 година, со поделбата на Македонија со Букурешкиот мировен договор помеѓу Бугарија, Србија и Грција, ако ништо друго барем за овој дел од Македонија, кој ја извојува својата слобода и се конституира како самостојна држава таа иста Европа и натаму плива во шовинистичките води на атињаните. Впрочем и ние од Европа воопшто не баравме Републиката да ја крсти и покрстува, можеби тоа тие и не го направија ако самите не понудивме некакво решение. А, Македонија беше поделена 1913 година, токму за да се реши македонското прашање еднаш за секогаш. Во Југославија комунистичкиот интернационализам ги прогонуваше македонците и ги затвораше за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата, државност. Сите станаа Југословени. Меѓу младите едно време модерно беше да се зборува српски, а срамно да не се знае. Македонското име во Грција ретко се употребуваше. Македонците беа нарекувани бугари, а тие од страв заради асимилација и репресија се изјаснуваа само со тукашни. Истото беше и во Бугарија. Грците го измислија хелензмот како најголем фалсификат во историјата на човековата цивилизација за да ја присвојат македонската историја, а во Југославија се разви тезата дека сите се Југословени. Денес истата

работа се случува во република Македонија. Наместо терминот Југословен го воведовме терминот граѓанин и повторно стана срамно човек да биде македонец во република Македонија. Модерно стана да сите се изјаснуваат за граѓани како да станува збор за создавање на нова граѓанска нација. И тука нешто би споменал во врска со името или игрите со името.

Името е едно и единствено. Македонија, кое произлегува од името на етничките македонци , а тие се живи тука, па и во нас самите, за што никогаш не биле атињани, односно грци, и никогаш не исчезнале. Зборот Република , кој често пати се употребува како составен дел на името на оваа држава е само атрибут за внатрешното уставно уредување кое може и да се менува, но името е едно и единствено и останува од памтивек за навек. Пример, ако една торта се подели на повеќе парчиња не се менува името на било кое парче. Името на било кое парче повторно си останува како името на целата торта. Како и примерот. Една третина од Франција ако се анектира од Шпанија, а уште една третина од Германија остатокот од Франција ќе биде повторно и никако поинаку освен Франција. А кој пак гарантира дека утре од таа република Македонија - Скопје нема да остане само РМ Скопје, исто како што ние Социјалистичка Република Македонија ја пишувавме СР Македонија, бидејќи и она Социјалистичка и она Република се само атрибути §а внатрешно уставно уредување на државата.

Воспоставувањето на дипломатски односи и признавањето на Македонија од страна на Грција и поширокатa меѓународна заедница не е никаков пораз на грчката надворешна политика, ниту пак било каква победа на македонската надворешна политика. Тоа според мене е реално кое мора да се констатира и прифати и дефакто и де јуре.

На крајот би вложил уште една реплика во однос на една теза од експозето на претседателот. "долгото одлагање на признавањето не става во невозможна економска ситуација со последици што се реална закана за социјалниот мир, демократијата и меѓунационалните односи". Ќе го поставам прашањето дали ние воопшто досега направивме се за да оваа држава биде навистина самостојна држава? Кој е виновен што останавме единствена држава од поранешната СФРЈ која ги применува сојузните закони кои воопшто не се ни применуваат, или дел од нив се применуваат ниту во Србија и Црна Гора кои ја сочинуваат српско - црногорската федерација. Со неусогласенсота и недонесувањето на законите до 17 ноември, што беше последен рок за усогласување според уставниот закон практично сме држава без закони. Законите за стопанскиот систем од една година до 6 месеци се во процедура во ова Собрание и никако да стигнат на дневен ред. Самиот себе си поставувам прашање кој е виновен за таквото однесување и работење на овој Парламент, освен ако се знае кој го предлага д-невниот ред и кој ги свикува седниците. Законот за печатење на парите, за што и господинот гувернер на Народната банка предлагаше околу два месеци пред Нова година да се донесе под итна постапка ние не го ставивме за да ја извршиме навремената замена на боновите. Понатаму, една година доцневме со донесувањето на закон за државјанството и за патните исправи. Ова Собрание со прст не мрдна досега да ја исполни својата законска обврска да ја оформи царинската управа. Не е оформена цариснакта управа на Македонија заради кој знае какви кадровски комбинаторики. Ова Собрание не донесе никаков закон за заштита на општествениот капитал и да го спречи грабежот на општествениот капитал. Сега на крајот треба да кажеме дека виновна за тоа ни е Европската заедница? Јас сметам дека виновни сме си самите себе си кои што дозволивме такво однесување од наша страна со наметнати

теми кои самите предизвикуваат проблеми, а не се тема за расправа затоа што се неспорни и го доведовме економскиот, стопанскиот, политичкиот и правниот систем во државата во една хаотична состојба

На крајот повторно ќе го поставам прашањето, за кое сметам доколку и премиерот има свое излагање ќе даде оценка. Ние ставот на господинот министер за односи со странство во поглед на компромисот за името го чувме од Лондон. Ме интересира дали ставот на министерот следеше пред ставот на Владата кој го добивме за денешната седница по вчерашното заседание на Владата или обратно. А тогаш се поставува прашањето врз основа на чиј став резултираше ставот на господниот Малески од Лондон ако знаеме, а не добивме одговор на какви прашања треба да одговори Владата по барање на амбасадорот 0" Нил за извештајот и евентуално што одговори Владата Сметам дека на крајот на краиштата редно е заради заштита на државните интереси господинот Малески да биде предложен за негово разрешување 0д страна:на премиерот.

**ДЕНКО МАЛЕСКИ:**

Јас никогаш не сум се јавувал во ова својство, но ако ги оставиме демагозите на страна во политиката постојат пороци и државници. Пророци се луѓе кои што ве водат храбро кон една светла цел. Тие не размислуваат за жртвите кои притоа на тој пат се плаќаат?-. Тие не размислуваат за тоа која е цената што треба народот да ја плати. Државниците, можеби со некои елементи кај мене, се плашливи луѓе, се плашат за народот, се плашат за мирот, се плашат како земјата...

(Реакција на пратениците од десната страна). се плашат како земјата да се изведе од една ситуација која насетува на катастрофа.

Што се однесува до разговорите јас можам да ви кажам една работа. Мандатор кој се дава на извршната власт е таков да тој разговара, преговара до последниот момент. Вие мора да имате доверба во вашите претставници. Тие тоа го изнесуваат пред вас на одлучување. Тие не одлучуваат, тие преговараат, разговараат. Замислете ја ситуацијата - Лисабонска декларација која ја донеле шефови на држави на 12 најмоќни земји. Таа сега може да биде вратена назад на некое ниво. Кое? Тоа е таа политика. Нема се или ништо во овој свет. Ќе се борите упорно секој ден, ќе патувате, нема да спиете ноќи и ќе донесете нешто. Ако вам не ви се допаѓа што е донесено тука, тоа е друга работа. Ќе речете ова не е добро фрлете го на страна. Кажете и го на Европа тоа, но не се однесувајте со потценување кон туѓ труд. Тоа го немате право. Овде правите

мајтап од Македонија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Интересно е што една цела пратеничка група се бави со моите говори. Немам намера да реплицирам со интриги од страна на некои пратеници, ќе реплицирам само со она што мислам дека се многу, многу опасни политички тези за Македонија.

Прво, моето македонско потекло од оваа говорница,а заради тоа што моите родители потекнуваат од Егејска Македонија е наречено егејско - македонско потекло што наполно коинцидира со грчката политика, која вели тоа не се македонци туку потекнуваат од територијата Егејска Македонија, а се Славофони. За потеклото. За мојата национална припадност е кажана е дека е граѓанска, не е одредена што исто така коинцидира со грчката политика. Дека вие не сте нација вие

сте некој граѓани, некоја маса. Грчката политика од оваа говорница се спроведува или во дела и на следниве начини од истиов. Овој кој го изрази ова. На пример македонско - грчката граница е блокирана од Грција, меѓутоа пред тоа беше блокирана од нас. Значи тоа е грчка политика. Блокирањето на македонско- грчката граница. Од било која страна. Грчка политика е дека во Грција не живеат Грци, Власи, Македонци итн., дека живеат само Грци. Таа иста грчка политика од оваа говорница пред неколку седници беше кажано дека во Македонија живеат и можат да живеат само македонци. Нема место за албанци, роми, турци, власи, срби итн. Ете како ние во Македонија дури и од оваа говорница директно ја спроведуваме грчката политика. Со интригите не мислам да реплицирам, но мислам дека ова има длабоки корени во она што сега го правиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пред да идеме на пауза ве молам, одиме на пауза.

Господин Петров сака нешто да каже. Господин Петров, малку нека почека и да ми и мене одговори. Сакам да изјавам овде дека не е точно и чиста инсинуација е а од господин Петров сум постар и памтам се што било после 1945 година, дека овде било модерно да се зборува српски. Тоа го одбивам како намештаљка, дека овде навистина, наместување дека овде на приистина било модерно да се зборува српски.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Тие што господинот Поповски ги нарече Славофони, така ги нарекуваат македонците во Грција самите Грци. А она што се спомена во

врска со блокадата бидејќи стално го употребува пратениците, од Партијата СДС во заграда комунисти што претставува. Тоа претставува



ова послуга на србоманска политика, не на срби србоманска кои никогаш не сакаа македонско - српската граница да српско - грчката граница да биде затворена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза до 15,30 часот.

(ПО ПАУЗАТА)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

За збор се јави господинот Љубомир Поповски

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сакале или не македонското да се биде или не се приближува конечно кон својата завршница. Сега се поставува прашањето за сите нас дали ќе смогнеме сили и разум пред конечната цел да не потклекнеме и да го загубиме патот кој овој народ минатата година се определи, а тоа е создавање на независна и суверена држава, но и меѓународно призната. Едното без другото не оди, бидејќи тогаш си суверен за својот народ, но не си и за сите останати народи во светот и меѓународни политички и економски организации и асоцијации. Според тоа, првата цел е делимично остварена ако не успееме да ја реализираме втората, односно да станеме рамноправен член на светското семејство на држави и народи. Сигурно дека нашите желби и стремежи за меѓународен признат статус во случајот не се пресудни како првиот пат кога се определувавме на референдумот до месец септември 1991 година. Зошто? Од едноставна причина што изјаснувањето на референдумот исклучиво зависеше од нас самите, а признавањето зависи од други и тука настанаа проблемите и недоразбирањата.

Оттука, ние денес кога расправаме пред Собранието за така крупно прашање, како што е поширокото меѓународно признавање на нашата држава, мораме да ги имаме предвид неколку битни елементи кои во меѓувреме се случија по донесувањето на Лисабонската декларација и нашиот одговор на неа.

Прво, никој не може да го негира фактот дека сме сведители на едно битно поместување во позитивна смисла на односот на голем дел од членките на Европската заедница во врска со потребата од дефинитивно разрешување на меѓународниот статус на Република Македонија, односно нејзиното признавање.

Второ, се поотворено, особено во Европската јавност и пошироко во светот созрева сознанието дека признавањето на Република Македонија се наложува како императив од етничка, правна, економска, политичка, но и од безбедносна природа.

Трето, се повеќе во светската јавност се разголуваат вистинските немири на нашиот јужен сосед, кој своите апсурдни и тврди ставови по однос на македонското прашање само потврдуваат дека се работи за политика на попречување на изградба на една независна и суверена држава на овие простори, а не како што тој сака да ја прикаже својата мисија во светот дека Грција ги штити своите загрозени, национални интереси од страна на Македонија и нејзината ќеспанзионистичка политика.

Четврто, на внатрешен план не можеме а да не признаеме дека досегашното одлагање на меѓународното признавање на Република Македонија има за последица скоро целосна изолација и безнадежност на Републиката. Видливо подзапирање на остварување на радикалните реформи во економската, политичката, правната и социјалната сфера што секако имаат влијание во влошувањето на живеењето на нашиот човек на политичко - безбедносната состојба во Републиката.

Веројатно, постојат и други моменти кои во моментов не можам да ги набележам, а се важни, но ми се чини дека и овие се доволни за да можеме да извлечеме заклучок што треба понатаму да правиме за да дојдеме до нашата заедничка цел од крупно историско и национално

значење, а тоа е Македонија да биде наскоро меѓународно призната држава. Сега кога е веќе известно дека македонското прашање е на маса пред Европа, а утре и пред светот не треба да му приоѓаме ниту со преголем оптимизам или песимизам, ниту со национална исклучивост, но не и со отсуство на граѓанско и човечко достоинство и самопочит. Според тоа, нештата околу меѓународното признавање на Македонија треба да ги поставиме во реални и објективни рамки и во таа смисла да го дадеме нашиот придонес. Оттука, нашиот однос треба да се темели на следните елементи како основ за натамошното делување по ова прашање.

Прво, треба да направиме се да го забрзаме процесот на евентуалното ревидирање на Лисабонската декларација која за нас е неприфатлива а за нив, се мисли на 12-мината се покажа како неприменлива и неспоива со меѓународните норми и принципи. Може слободно да се каже дека угледот на Европската заедница е сериозно нарушен, меѓу другото и заради пасивниот однос кон војната разврска на Ју кризата, па оттаму отворањето на ново боиште по своја вина би било уште една поголема дамка на Европа.

Притисокот што го вршат јавните гласила во Европа врз политичките власти на европските земји воедно е и за нив и покритие за релативизирање на Лисабонската декларација. Според тоа, да резимирам. Европската дипломатија не сака во дипломатско – политичките спорови да има апсолутни претставници и поразени, особено кога поразената страна е членка на Европската заедница. Европа ќе инсистира на компромис кој ќе овозможи и чесен пораз на грчката политика и сочувување на стабилноста на Заедницата.

Второ, тргнувајќи од фактот дека Република Македонија може да ја оствари својата исконска волја за создавање на суверена и самостојна држава само во услови на мир и стабилни политички меѓунационални односи, што зависат, пред од нас самите, но и од други надворешни фактори, особено од развојот на настаните во нашето сферено соседство, тогаш што побрзото меѓународно признавање во едно е гаранција за мирот и безбедноста на нашата држава. Впрочем, оваа оценка се почесто може да се слушне од поголем број од воено политички аналитичари и стручњаци како и од претставници на економски меѓународни организации и институции во светот. Според тоа, втората наша стратешка цел е избегнувањето на воениот виор кој беснее сеуште во некои делови на бившата ЈУ заедницата.

Трето, побрзото меѓународно признавање на Република Македонија ќе овозможи меѓу другото и создавање услови за нејзино вклучување во светските економски токови, трговски, финансиски и инвеститорски, што ќе се одрази на подобрување на веќе крајно влошениот стандард на нашите луѓе. Во спротивно перспективите се смалуваат и се замрачуваат. Стопанството брзо ќе колабира, а со тоа и државата не ќе може да ги остварува своите витални и основни функции, а тоа е армијата, полицијата, образованието, науката, културата, здравството и друго. Од тоа до крвави разврски од нашата вкупна економска, политичка исоцијална криза не дели само уште еден чекор, а знаеме како тој обично завршува со нов тоталитаризам кој може да се одвива по туѓи сценарија и тоа:

Прво, како жал за старите ЈУ сојузници.

Второ, како барање за старо - нови спасители или пак со повторни делби и распарчување на Македонија во која како нов аспирант може да се јави и албанскиот фактор.

Четврто, ние навистина немаме вистински причини да се откажеме од некои досегашни принципи, а тоа се спремност за дијалог, дури и со нашиот најлут противник, спремност за соработка и кооперативност да се дојде до она што ќе биде во согласност, пред се, со нашите интереси и цели.

Оттаму, без оглед на исходот од Единбург или во ЌЕБС или во некој друг светски форум, очигледно дека климата се менува во прилог на признавање и дека тоа не може да се одлага во недоглед без да се дадат конкретни аргументи. Се покажа дека решението на македонско - грчкиот спор не е можно без учество и согласност на Македонија и дека секоја одлука, која не води сметка за интересите на оваа држава може само да ја усложни состојбата. Тоа ни дава надеж дека ќе се избориме за она што ни припаѓа дотолку повеќе со сите меѓународни принципи и норми имаме право на самоопределување, на сопствено име и држава.

На крајот само дозволете ми еден кус коментар на некои досегашни дискусии во досегашната расправа. Можам да констатирам по мене дека главно во досегашната расправа беа присутни неколку тези и за кои што сакам да кажам нешто.

Првата дека се прави неприфатлив компромис околу името и слично. Доколку тоа се смета дека е така и дека тоа не треба да се прави, '•тогаш едноставно ова Собрание треба да донесе одлука дека се прекинуваат разговорите со претставниците на Европската заедница бидејќи нам не ни е потребно меѓународно признавање.

Втора една теза дека македонизмот е опасно загрозен со евентуалната додавка на нашето име и се лејат крокодилски солзи од човек кој пред извесно време во Софија даде официјална изјава дека прашањето на постоењето на македонската нација е прашање за кое треба да дискутираат историчарите на овие две земји.

Трето, евидентно од дискусиите на претставниците на една пратеничка група дека меѓународно признавање на Македонија нема се додека таа пратеничка група не даде согласност на тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, расправаме за суштинско прашање за кое секој граѓанин на Република Македонија во моментот е силно заинтересиран и со голем интерес ја следи седницата на која денес расправаме втор ден за истата проблематика. Расправаме за дијаметрално спротивни тези за една иста цел. За името на државата и нејзиното меѓународно признавање под тоа име. Право е на секој да мисли поинаку со сопствена глава, а не со туѓа, но да размислува рационално со аргументи без навреди и дисквалификации, со можност да го постигнеме она што го сакаме. Евидентно е дека во овој втор ден на седницата едни создаваме оптимизам, а други песимизам. Едни надеж, а други безнадежност, едни перспектива, други бесперспективност итн. Јас зборувам како Албанец и се чувствувам потполно одговорно, како и секој Македонец да кажам и да решам како се вика нашата заедничка држава. Зошто Македонија е заедничка држава, впрочем сите тоа го прифаќаме на сите тие граѓани и во нејзе живеат, македонци, албанци, турци, роми и други. Ова е повеќенационална заедница за која се заинтересирани сите националности аз нејзината иднина. Според тоа, не се чувствувам ни најмалку неважен да кажам јас неколку збора за тоа.

Информацијата на претседателот на Републиката Киро Глигоров не го исклучува името Македонија, а тоа е основната цел на сите граѓани и на сите нас што овде расправаме. Додавката Скопје во заграда не

треба трагично да се прифати, зошто од мала заграда како математички поим и израз, верувам, дека можеме брзо да се ослободиме.

Што се однесува до ставот на ПДП по однос на ова прашање јас ќе читам само дел од соопштението на оваа партија која не беше целосно пренесена во печатот, а во неа стои: "ПДП на јасен начин е определен за суверена Македонија со ова име како рамноправна држава на граѓаните кои живеат во неа, а ова е изразено со поддршката на Декларацијата за суверeноста на Македонија и против Лисабонската декларација за делот каде што се расправа за името преку својата парламентарна група". Македонија боледува од длабока криза. За тоа сме сите свидетели. Таа криза е духовна, политичка, национална, социјална. Но, сето тоа може да се лекува ако се поддржува на терапијата. Дијагнозата на некои други фактори надворешни, пред се, дека оваа држава пропаѓа треба да се демантира со практиката на нашето заедничко живеење. Македонија и практично и теоретски е во Европа само што треба да се констатира и верифицира овој статус од страна на 12-мината. Тоа значи и да се европизира, а тоа значи да се истражуваат содржини, модалитети и инструменти за интеграција на Македонија во европските процеси и во европското движење. Ние сите гледаме дека зад конкретните историски текови не постои ништо трансцедентно. Напротив, соопштувачкиот карактер на историјата, па и политиката станува недоволно продуктивен. Тоа станува затоа што историјата се сваќа како пасиненција, како "пијан порој” а не како инструмент за разјаснување на состојбите и проблемите, Оттука се среќаваме со историјата и од нас се бара да гледаме подалеку од досегашниот начин на гледање на проблемите на нашата иднина. Не

треба да дозволиме судир на интересите, туку да ги хармонизираме интересите во Републиката, да ја надминеме опашката на политичкото наследство, зашто живот има и животот ќе тече и без тие кои тоа го нејќат на овој начин како што го сакаме сите. Ние се наоѓаме во време на судир на светови, на погледи, на сфаќања. Паралелните акции мора да се сопираат во обврзувачки принципи кои овозможуваат формула за достоинствен живот на граѓаните без вера и припадност во Македонија. Ние мора да ја надминеме надраснатиот егоцентризам, нарцисоизмот, а се наоѓаме пред сериозна работа, а тоа е да се спречи злото, да се сочува мирот. Навистина, Македонија прави обид и вложи максимални напори за себепотврдување. Во тоа сеуште не успева. Излезните решенија и понатаму треба да се бараат силно и намирен начин. Македонија има право на сопствено име, тоа сме го кажале и порано името сама да го избере и има право на сопствена држава во рамките на постојните граници. Албанците го поддржуваат и го прифаќаат името Република Македонија, а друго име не. И понатаму ни е потребна трпеливост да се сочува мирот, меѓунационалната толеранција, политичка сигурност на граѓаните.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:(**продолжение)

Триумфот или катастрофата, мирот или војната, дијалогот договорот за висат од сите нас. Визијата и стратегијата на Македонија мора да се насочи и да се наслони на судбината на сите граѓани. Не е прашање тука некој да се дистанцира од значајни историски категории, но битно е да се прифаќаат современите цивилизации и животот да се фундира на широка и сестрана елаборација на заедничкото живеење и демократскиот живот. Тука да има и форма и содржина и иднина и перспектива. Имам впечаток дека се случуваат без тоа да се гледа неми превирања кај народот, кај граѓаните од сите националности. Секој на свој начин, без најмала одговорност создава политика , најавува нешто им сервира сопствени ставови, гледања и тоа создава забуна. Народот мисли позрело отколку обично веруваат поедини политичари,лидери и раководители. Народот бара живот , мир, слобода, а не страв принуда, клиширано мислење, воена психоза и не треба да дозволиме секој на свој начин да ги тормози граѓаните со лични небулозни шпекулации бидејќи тоа значи или чукање на отворена врата или да се пука во празно со ќор фишеци.

Јас би завршил со една мисла на Марк Твен која суштински кореспондира со проблемот за кој расправаме денес. Ако во целина ја парафразирам тој вели вака: "потрудете се да го добиете она што го сакате инаку ќе ве присилат да го сакате она што ќе го добиете".

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Господа пратеници, кога веќе зборуваме за една ваква суштествена работа не можам да поминам, а да не кажам неколку работи од порано кои што овој Парламент ги помина макотрпно, тешко

и без некој работи кои и за јавноста и за нас беа преголемо оптоварување. Тоа значи дека со нашето доаѓање овде ние како пратеници на повеќе партии практично го покажавме плурализмот на еден одреден начин. Меѓутоа, плурализмот само овде во овој Парламент е искажан. Инаку, во стварноста остана така како што си беше и како што е и понатаму остана.

Во овој Парламент како прво ние донесовме една декларација за суверeноста на оваа држава. Донесовме референдум. Меѓутоа, и декларацијата и референдумот се само донесени во стварност онака како што се , а не да ги спроведеме така како и што треба.

Понатаму во овој Парламент донесовме платформа со која што нашето врвно раководство ќе се занимаваше за некогашната Југославија, платформа која ќе работеше во однос како да се зачува суверенитетот за Југославија, а не за Македонија. Во таа платформа почнаа големи разговори помеѓу сите оние кои беа тогаш врвни раководители во Југославија која што горе-долу почна уште веднаш да се распаѓа и уште веднаш да ја каже вистината дека веќе Југославија не постои и нема да постои онаква каква што ние ја бараме. Тоа го изјави господинот Јовиќ со неговата оставка што ја поднесе на тоа претседателство, а после со притисок на господинот Милошевиќ се врати пак на таа функција.

Господинот Тупурковски отиде да го смирува тој народ кој беше во Словенија и во Хрватска за на еден одреден начин да се зачува тој југословенски суверенитет. Дури во една прилика ќе беше и оборен во еден хеликоптер и ќе загинеше со неговата мисија.

Понатаму со разговорите на нашите тогашни претседатели кои одеа од место во место, го лажеа народот само да докажат дека Југославија ќе постои, согледувајќи се меѓу себе, тие петмина или шестмина колку што беа, дека се лажат меѓу себе, бидејќи Југославија постепено почна да пропаѓа.

Донесена беше платформата Глигоров - Изетбеговиќ која платформа со ред од почетокот па до завршувањето беше измама за нашиот, поготово македонски народ. Зошто велам измама. Затоа што господинот Изетбеговиќ немал некоја опција за некоја Југославија, туку имал опција да создаде овде една муслиманска држава која што се покажа сега во последните денови. Тоа значи дека нашиот претседател на одреден начин беше изигран од страна на таа плат- форма Изетбегови ќ- Глигоров.

Зошто сега јас ова го кажувам? Затоа што нашето раковод.ство, нашите врвни раководители тогаш , како претседателот на Републиката, господинот Тупурковски и господинот тогашен претседател на Влада, требаше да ја согледаат целокупната таа ситуација и да докажат, односно да ја согледаат вистината дека веќе Југославија не постои, дека треба да се борат за оваа наша Македонија за што денес бараме и некакво решение.

Јас од оваа говорница во една пригода реков дека мене како пратеник многу би ме занимавале и многу би бил благодарен кога нашите врвни раководители би ги покажале стенографските белешки од нивните дискусии тогашни, а да не одиме дури тогаш, туку стенографските белешки од разговорите меѓу нашите соседни раководители, поготово господинот Милошевиќ и Паниќ.

Овде се кажа дека сите тие договори биле конструктивни билатерални, биле добри и што ти знам. Меѓутоа, што е вистинската дискусија ние можеме само да ја нагаѓаме и можеме да кажуваме дека таа дискусија била многу добра но, таква не можеме да ја имаме. На пример, ова го велам со тоа , кога господинот Милошевиќ беше во Грција и кога требаше да се врати назад, грчките новинари го прашаа дали ќе се сретнете со господинот Глигоров. Тој рече нема да се сретнам со него, бидејќи договорот со него е направен Кој договор е направен, ние не можеме да знаеме.

Понатаму изјавата што ја има дадено во претходниот број во Пулс господинот претседател на Републиката за еден француски весник, каде новинарот го прашува, дали е вистина тоа дека Паниќ ви понуди да ве признае. Тој одговара, да, точно е , меѓутоа немојте да брзате во признавањето на Македонија. На што асоцира ова. Ова асоцира на тоа дека нешто овде веќе се крие. Значи има некоја одредена цел во однос на договорите што ги направиле помеѓу Милошевиќ, затоа што рекол дека нема да се сретнам, договорот е направен, а Паниќ нема да ја признае Македонија, затоа што многу е рано. Тоа се работи што нормално нашите медиуми се искажани.

Понатаму договорот што го направи со Аџиќ за повлекувањето на војската. Овде и во медиумите наши се кажа дека биле конструктивни договорите, и дека војската ќе си замине од Македонија. Меѓутоа, таа не во таа смисла дека ќе си замине туку ќе се дислоцира. И тоа асоцира на некоја одредена работа која што асоцијација за мене не е баш јасна. Затоа велам стенографските белешки требаше да ги видиме ние и да ]а докаже стварната вистина за неговите договори

Што се однесува до медиумите што цело време на нашата ТВ и радио постојано зборуваа за војна. Јас господа пратеници сите овде би ве прашал. Кога Ациќ се дислоцира кај нас во Македонија не остави никакво наоружување , освен наоружувањето на ТО, барем така е кажано во медиумите. Со што ние ќе се бориме кога велиме во Уставот дека ние не сме агресор и не бараме ние територијални претензии. Дали ќе бидеме ние агресивни во однос да се бориме дали со Србија, со Грција, со Бугарија итн. Тоа значи немаме со кого да се бориме. Секој оној кој нема наоружување, секој оној што нема со што да се бори во тој случај останува онака само да му рече на оној што ќе го нападне дека го нападна чесниот и поштен човек на овие простори на Балканот. Понатаму, јас се прашувам и цело време ја гледам ТВ и радиото го слушам и во исто време ја следам целокупната политика. Меѓутоа, зошто никогаш не се зафати таа ТВ и радио да ги каже социјалните грижи што се во Сомалија денес, каде што народ изумира, па да го видиме ние тој народ како изумира, зошто и нас тоа ни се приближува со нашите ставови што ги имаме веќе сега.

Постојано се вели дека Хрватска и Словенија како суверени држави си ја добија својата цел. Точно си ја добија затоа што во времето знаеја и мислеа што практички тие сакаат. Тоа може да се потврди со изборите што беа на господинот Туџман и на господинот Кучан, сега во последните денови, кога целокупниот народ, ако речеме за Хрватска која што се бореше , даде и жртви, знаејќи дека ништо не прави освен држава која после 1000 години создаде своја сопствена држава. затоа народот го избра него, затоа  го избра господинот Кучан во Словенија и таму победија националните партии.

Што се однесува сега до овој дел што јас го имам предвид. Кога го донесувавме Уставот на оваа држава овде три дена расправавме за тој устав, три дена се боревме да докажеме дека тој Устав е прв Устав на суверена и независна држава Македонија, Устав со кој ќе гарантираше прво националноста на тој Устав, а после ќе го преправавме во тој граѓански Устав. Зошто го велам тоа? Го велам затоа што секоја држава која се формира како држава прво, формира национален Устав, а после формира граѓански устав. Постојано на нас овде ни се велеше, ако не го изгласаме уставот и ако не добиеме некои одредени цели со Уставот во тој случај во Брисел нема да бидеме признати. Помина Уставот со неговата измена и после две-три недели со измената Брисел не не призна.

Сега зошто велиме Грција не не признава. Грција не не признава не заради тоа што, јас овде нешто ќе парафразирам меѓутоа, не во доволна мера , на господинот Михаил, митрополитот повардарски кој кажа - ние Македонците нема да бидеме признати прво зошто не се крстиме на македонски. Не затоа што не зборуваме македонски, не затоа што не пееме на македонски, нема да бидеме признати затоа што сме македонци. Тој тоа многу убаво го кажа. Затоа не не признаваат. Меѓутоа, промените на оваа држава не се почнати сега. Промените на оваа држава се почнати уште во времето 10 август 1913 година, каде што оваа иста наша држава беше Вардарска Бановина, а не беше Македонија. Меѓутоа, како ќе не признае сега Грција кога знае дека во 36-тите години им ги сечеле јазиците на нашите македонци кои што сакаа да проговорат македонски.

Знае многу убаво Грција дека 40 илјади наши македонци се извадени од утробата на својата мајка и се расфрлени низ белиот свет за назад уште еднаш да не се вратат. Тоа е Грција која не може тоа така да го заборави. Таа ги знае грешките и нема што да очекуваме од неа дека ќе бидеме признаени

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Во поновата историја во Втората светска војна имавме ние наши дејци кои што беа подвргнати под фашистичка Бугарија, која Бугарија и ден денеска не призна како држава, али како народ не не призна. Бидејќи нашите дејци Мирче Ацев, Страшо Пинџур и ред други

наши тогашни школувани луѓе беа затворани и под рацете им беа фрлани шпици за да не можат да го кажат своето име. Нема што да очекуваме од нив. Ако одиме понатаму со Србија, во тој случај одма можам да се надоврзам на тоа дека до 60-тите години, поготово 1963 година додека беше на власт господинот Ранковиќ не смееше овде во Македонија да се спомне името Македонец. Не смееше да се спомне името дека сум Македонец. После тоа, кога Бугарите покажаа во 1963 и 1964 година дека не се македонци, тогаш Гоце Делчев е наш, Јане Сандански е наш и ред такви дејци рекоа дека се наши, тогаш нашите раководители рекоа не, не се ваши, ние сме македонци и оттогаш почна да цвета оваа наша Македонија.

Што се однесува до промената на името кое што ние сега треба да го дадеме, а јас мислам дека Македонија била со векови и Македонија треба да остане онаква каква што е. Ова нас што ни се нуди со некои придавки, запирки, точки итн., правниците ги сметаат поинаку. Тие сметаат, јас не сум правник, али на суд кога ќе појде и ќе рече, ако има точка смислата на реченицата се губи, а ако има запирка, пак смислата на реченицата се губи. И таму копја се кршат помеѓу адвокатите и докажуваат дека тоа не е тоа, туку ова е вака и вака. Меѓутоа, во друго е моето прашање - кога господинот претседател овде го даде своето експозе, јас многу убаво го слушав и многу убаво констатирав што сакаше да каже. Бидејќи овој Парламент е составен од повеќе партии, од луѓе што се и лево и десно ориентирани каде што не може лесно да се

добие двотретинско мнозинство. Ако можеше да се добие двотретинско мнозинство, ние денеска немаше два дена да разговараме, туку ќе се доставеа амандманите од Владата ко- ја што ги даде на еден одреден начин во нејзините сега ставови што ги имаше, а не се ништо друго освен од Експозето на господинот Киро.

Во однос на таа работа, ако имаше двотретинско мнозинство немаше да се дискутира, туку директно ќе се одеше на тоа гласање. Туку што стана? Вели, ние ќе бидеме признати од Европската заедница, ако не признае Европската заедница, тогаш после ќе се собереме овде како Парламент и ќе донесеме одлука. Ако не не признае, никому ништо. Меѓутоа, јас друго сега се прашувам - дали ние имаме такво право тоа да го направиме? Зошто? Затоа што веќе во светот нас не признаа повеќе држави од кои што и една досега како што постоеше е мечката која што не призна, која што не е така едноставна држава и како што ние велиме само Европа е таа, ништо друго. Таа е Русија. Русија кога не призна јас мислам дека патот е отворен за нашето признавање. Меѓутоа, се прашувам јас лично дали ние сега со тоа признавање на Русија треба да и кажеме извини ти мечко голема, многу голема грешка направи за нашиот зајак овде кој што живее во Македонија. Зошто? Затоа што не призна како Република Македонија, а не не призна со уште Скопје. Ами јас сега велам ако фати земјотрес, па да го поништи овој град да нема луѓе, како ние ќе го крстиме односно како ќе ја крстиме нашата држава. Ова е неприфатливо.

(РЕАКЦИИ ОД МЕСТО)

Ако не фати земјотрес нешто друго ќе фати и ќе не отреби. Тогаш ќе треба да бараме нешто друго со што ќе бидеме крстени. Сполај ви !

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците кога спомнуваат други држави да не употребуваат изрази непогодни, несвојствени а да се спомнуваат само имињата кои што тие држави ги носат.

Има збор господинот Ефтим Манев.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници на вчерашниот и денешниот ден расправајќи по Информацијата на претседателот Киро Глигоров, очигледно е дека сите сме убедени дека сепак оваа седница е промашена. Кои се причините за да биде оваа седница промашена? Седницата е промашена, а што сепак во Република Македонија се води една погрешна државна политика. Погрешната државна политика се води во тој дел што ние не се придржуваме на Уставот. Политиката на државата е вградена во Уставот. Правата и должностите на сите оние кои што учествуваа во политиката произлегуваат од Уставот. Оваа седница ако сакавме да биде далеку поплодна, таа би требало да биде свикана уште порано, пред да оди претседателот Киро Глигоров и министерот Денко Малески за Лондон. На таа седница од тие такви разговори, јас сум длабоко убеден дека не им е лесна на тие луѓе во оваа преговарачка политика по однос на признавањето на Македонија, па дали потиснати од проблемот или од други причини прифатиле условно на името Република Македонија да се додаде во заграда Скопје.

На нас ни беше објаснето дека ова ништо не значи. Сметам дека и те како многу значи, и те како тоа значи промена на името. Од каде би дошло ова? Зошто баш Скопје. Историјата на Македонија познава некакви други имиња. Тоа е Македонија поделена на три дела Македонска, Пиринска Вардарска. Досега никогаш не се спомнало Македонија да е Скопје. Скопје е главен град или град во Македонија.

Ова е дојдено чисто од барањето на Грција. Грција иницира да биде Македонија призната под името Република Скопје. Нашите барања е Македонија да биде призната под името што го имаме. За да бидат задоволени и грчките и македонските барања стојат и двете имиња, само што не е дуплирано република два пати - Република Македонија Скопје. Иако ни беше објаснувано дека ова ќе се одлучи после Единбург со одлука. Таквата одлука мора да уследи со промена на Уставот. Не може кога на Македонија ќе се додаде зборот Скопје, а во Уставот да го нема тоа. Тоа е веќе проширување на името и те како мора да има промени во Уставот. Ако се постапело да се побара понапред мислење на Парламентот, тогаш немаше да дојде до ова. Можеле нашите овластени луѓе кои што се занимаваат со оваа дипломатија да разговараат и со пратенички групи претходно и може не би требало да дојде и до седница на Собранието.

Реков дека постои погрешна државна политика. Истото се однесува и на внатрешната политика на Македонија. Ние го погазивме Уставот што го донесе ова Собрание од 17 ноември 19 91 година и на- ваму, безброј наши закони се во сукоб со Уставот. Не го променивме туку го продолживме рокот на Уставниот закон. Фактички ние не овозможивме и не створивме правна држава. Не функционираме правно и затоа ние ќе размислуваме на секаков начин, како што ќе ни дојде така ќе одлучуваме е во одредено време затоа што немаме цврсти закони. Без цврсти закони нема држава. Прашање е дали сето ова не го знае светот и дали не го знае Европа.

На крајот по бараната информација сакам да се изјаснам де- ка сум против да стои придавката, додавката или проширеното име или новото име на Република Македонија со додавање на Скопје.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Васил Зимбаков.

**ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Се јавив за да изнесам една теза кој се би бил оштетен од една ваква наша предност за разговор околу името и наша спремност за флексибилност во односите со Меѓународната заедница. Додавката во меѓународната комуникација Скопје ќе значи, покрај доказ за флексибилност, исто така и ставање на крај на сите амбиции на нашите соседи, оваа територија да има друг главен град. Да потсетам, низ историјата многумина сакале за оваа територија главен град да биде на пример Белград, Атина или Софија. Да потсетам уште на нешто, не- кои тука не сакаа референдум за самостојност. Не сакаа граѓански устав, а Европа го потврди токму него. Некои тука пратеници Парламентот го претворија во циркус, го претворија во непродуктивен, хистерично расправаат за национални и самонационални теми, не даваат шанса да расправаме за системски закони и теми што носат подобар и поперспективен живот за нас и нашите поколенија.

**РЕАКЦИИ ОД МЕСТО:**

(Гласови што не се разбираат и удирање со раце).

**ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:**

Нивните дискусии се агресивни, нетолерантни. Овој Парламент мора да биде место каде што ќе победи благородниот дух на народот, а не духот на омразата и примитивноста. Сетете се на Гоце, на Јане, на Карев. Ние имаме пред нас два пата. Едниот е преку разговори, флексибилност и разум да дојдеме до меѓународно признавање на Република Македонија под тоа име а со тоа подобар и поперспективен

живот за граѓаните во Македонија или другиот пат со тврди ставови ќе се одлучиме за сиромаштија, социјални немири, меѓунационални судири, војни, а не е исклучена можноста и за поделба на Македонија, што го сакаат и нашите соседи.

Почитувани пратеници, денес во Атина се собраа над еден милион Грци да протестираат против најавената одлука и решение што треба да ги донесе Европската заедница во Единбург. Зарем не е тоа победа на нашата надворешна политика и дипломатија. Денес во овој Парламент и вчера, исто така, се води една жестока борба против истата таа политика за што денес и Грците се собраа во Атина. Зарем тоа нешто не зборува? Господо, не придружувајте им се на грчката политика за непризнавање на Република Македонија, зашто сега сме чекор пред целта во интерес на признавањето, ве повикувам сите да ги оставите теснопартиските интереси и да и дадеме поддршка на информацијата на претседателот на Република Македонија и надворешната политика. Уште еднаш името на Република Македонија не го менуваме и никој нема право тоа да го прави. И немојте да ја дезинформирате јавноста дека некој сака да го менува името Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Ристо Ќелешов.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Почитувани пратеници од излагањето на господин Глигоров јас не стекнав впечаток дека во досегашната активност на македонската дипломатија и дека во вкупната активност на претседателот на Републиката околу запознавање на Европа и на светот со вистините за Македонија и потребата од нејзино што поскоро признавање има нешто двосмислено или спротивно на Декларацијата донесена од овој Парла-

мент на 3 јули 1992 година со која што се оцени како неприфатлив делот од Декларацијата на Советот на Европската заедница усвоена во Лисабон за промена на името на Република Македонија. За споменатата Декларација на македонскиот Парламент гласав и јас и останувам цврсто на стојалиштето - не се откажуваме од името Македонија. И тука нема никакви дилеми. Дилемата е единствено по односот на можните исходи од Единбург и нашиот став по евентуална европска одлука да не признае со името Република Македонија во заграда Скопје, и тоа сите 12 членки. А имено, дали ние ќе го признаеме таквото признавање или не- ма да го признаеме и каков е ризикот и одговорноста на сите нас во едниот или другиот случај.

Затоа приодот кон ова прашање не трпи партиска припадност и личен интерес,туку побарува крајно аналитички и футуристички резон, по исходот и судбината на Република Македонија. На крајот, толкувачите на Орвеловата држава би ги упатил на прагматизмот на Чарлс Андерс Перлс и фројдовското толкување на бастионите, заради поцелосно разбирање на елементарниот егзистенцијализам кој што на сите нам ни е основна задача и насушна потреба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Кирил Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, прво би ви соопштил, преку радиото чувме дека во Атина се собрани околу милион и двеста граѓани на Грција, демонстрираат и бараат Македонија да се вика Република Скопје. Што значи се совпаѓа со предлогот на нашето мудро раководство и тоа на Мицотакис. Само со тоа би ве запознал.

А сега ќе дадам неколку мали реплики, многу кратки.

Има пратеници од Социјалдемократскиот сојуз што по шест месеци реплицираат како одраз на нивната компетенција и интелигенција. Тоа е една реплика.

Втора реплика тоа е за колегата Голубовски. Вчера тој прв почна, нешто почна околу армијата, но не се искажа како треба. Затоа да не му замеруваме, ред би било пак да каже нешто за тоа.

Па сега јас би почнал не со фрази и убави зборови, туку нешто од мојот живот. Како дете во стара Југославија имав едно другарче во Тетово, во моето маало, се викаше Али Рами. Значи неговото име беше составено од две имиња. Ние, неговите другарчиња го викавме Али. А дома, неговите родители, браќа, сестри, го викаа Рамче. Што значи имаше име за надворешна употреба, а имаше и за внатрешна употреба.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:** (Продолжение)

Тоа така се совпаѓа и името на нашата Република. Ќе имаме за внатрешна употреба и за надворешна употреба. Многу убав предлог е. Па таа Република Македонија - Република Македонија Скопје што значи кога ќе пишува дактилографката или стенографката многу полесно ќе им биде помалку букви има Скопје од Македонија. Секогаш тие ќе тежнеат да го пишат само Скопје, а тоа сигурно ќе сакаат и нашите соседи Грци ќе инсистираат првенствено да се викаме Скопје и така ќе се одомаќи. Многу е лесно и скратено Република Македонија Скопје, што значи РМ - Скопје. Исто како што е СР Југ славија, како што имаше СР Македонија ќе има РМ Скопје. Многу лесно ќе биде и така постепено ќе го изгубиме и ќе нема потреба да викаме Македонија доста ќе биде Република Скопје.

За ова се иницијатори Социјалдемократскиот сојуз и нивните трабанти. Ним им е лесно тие имаат искуство знаеме, прво беа Комунистичка партија, потоа беа Сојуз на комунисти, па беа СКМ-ПДП и на крај СДС. На крај можат и да предложат да бидат Скопски демократски сојуз. Тие многу лесно се трансформираат. Тие ја исфрлија црвената ѕвезда, нивната ѕвезда пожолте, црвеното знаме помодре наместо срп и чекан си ставија трендафилче и така си се трансформираа постепено па сега многу им е лесно па така и нашиот нов пратеник кој денеска неколку пати излезе на говорницата што ми личи на позорница, неколку пати излезе и кажа дека е граѓанин, не мора повеќе да е македонец, кажува дека е граѓанин.

Понатаму би завршил во врска со библијата. Знаеме дека Македонија е библиско име. Таа ја има на многу места во библијата, а

само би се послужил со двете патувања, двете мисии на Апостол Павле кој дошол во Македонија. Вака, во тие две мисии кога дошол во Македонија значи убаво се спомнува Македонија не во заграда Скопје или цртичка Скопје. Во Македонија му се јавил на сон некој македонец што значи и тогаш се споменуваат Македонци. Од Македонија заминал во Грција. Значи се спомнува и Грција. Едно е Македонија, второ Грција, не е тоа едно исто. Во Грција се подготвувале некои да го убијат. Пак се враќа во Македонија. Така е напишано во двете патувања, пак се враќа во Македонија и од Македонија заминува за Сирија.

Сега би завршил уште со нешто како што рече колегата Љубисав Иванов господ ќе ни помогне, а дали ќе ни помогне господ на овој начин ако ги менуваме светите букви, светите зборови во библијата. Господ ќе ни даде проклетство а не да ни помогне.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Зоран Крстевски.

(Се јавува Владимир Голубовски и бара збор) Ве молам седете си на место, го спомна можеби не му било нешто јасно, потоа ќе му објасни. Тој не спореше со неговата теза. Тој ништо не спореше со Голубовски, му било нешто нејасно.

Па тие ќе ни објаснат. Не му импутираше ништо внимавав јас. Тоа е веројатно договор да му даде можност да зборува по втор пат. Така не чини, немојте така.

(Голубовски од место вели дека му е ускратено пратеничкото право)

Немојте така, седницата нека тече како треба.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници

Прво, би сакал директно да одговорам на еден граѓанин кој се претстави како Слободан Марковски, а кој побара од мене да не го менувам името на државата. За него и за сите оние кои ја заговараат таа теза дека денеска расправаме, да го ослободам од таквото чувство оти јас ниту расправам,ниту го менувам името, ниту сакам за тоа да расправам, ниту некој ни го дал тоа право.

Второ, што сакам во оваа расправа да го истакнам дека многу емоции протекоа од оваа говорница и ако се земе предвид како се наметна темата тоа можам да го разберам и мислам дека не треба со еден негативен набој да гледаме на таквите емоции, меѓутоа, смета што нас емоциите никогаш не не водат кон заеднички консензус, национален, меѓупартиски или како сакате кажете.

Трето, што мислам дека нема ниту еден паметен во Република Македонија кој ќе потклекне или ќе прифати промена на името онака како што бара Лисабонската декларација и оттука овој преговарачки ангажман на претседателот на Републиката, на Владата и сите ние кои на некој начин сме во допир со меѓународната јавност и бевме во позиција да објасниме зошто таа Лисабонска декларација не е прифатена треба да се цени како успех на сите нас посебно на оние кои најдиректно учествуваа во тие преговори и разговори, а не овде токму тоа да се оспорува и да се омаловажува дури и да бидеме смешни како држава да се истакнеме. Ние сме токму исправени пред ЕЗ да го прекршеме нивниот сопствен став со Лисабонската декларација и тука морам да потврдам и да повторам дека Пратеничката група на Реформистите сили - Либерална партија останува на усвоените декларации, да ве потсетам што овој Парламент едногласно ги донесе  на 19 декември 1991 година

за отворањето на меѓународното признавање на Република Македонија и од 3 јули оваа година за отфрлање на делот на Лисабонската декларација со која се бараше од името на Републиката да се исфрли зборот Македонија. Сигурен сум дека македонскиот народ,а и сите граѓани на Република Македонија оваа расправа ја доживуваат како еден непријатен чин, но исто така сум уверен тоа не го доживуваат заради тоа што оние кои ни ја презентираат, мислам на претседателот на Републиката, состојбата и степенот на разговорите кои се водени во врска со меѓународното признавање дека тие се предавници на овој народ, туку напротив мислам дека сите граѓани се свесни дека Република Македонија е поставена пред одредено условување заради нејзино побрзо меѓу- народно признавање, а нивните претставници тоа треба да биде веројатно најголема оценка или степен на сознание кој треба секој да го понесе ако и малку има контакти со реалниот свет дека токму ние пратениците сме најкритикувани, на одреден начин, бидејќи не можеме она што е цел на едно политичко и парламентарно делување да го насочиме во позитивна насока, туку само создаваме негативен набој. Оттука целата оваа расправа добива една лоша конотација на создавање на раздор, омраза, подвоеност наместо она што зад оваа седница со право граѓаните на Република Македонија го очекуваат.

За мене информацијата на претседателот на Републиката која беше дадена и која мислам дека не можеше во некое друго време да се дава ако се земе рокот, динамиката на активностите кои се одвиваат до последниот момент до Бриселската конференција беше и е исполнета со точна анализа за позицијата на Република Македонија во процесот на меѓународното признавање. Она што е завршница на оваа Информација,

а кое би требало во основа да биде предмет на нашето внимание на одреден начин беше, меѓутоа, очигледно повеќе ни одговара да зборуваме за себе отколку за состојбите, е дека на овој меѓународен план сега се можни две ситуации.

Првата ситуација е дека на Република Македонија и е предочена можност за прифаќање за надворешна употреба на име кое би уследило со признавањето на ЕЗ односно на сите 12 земји.

Втората можност е ако таквото признание не дојде во Единбург односно од ЕЗ активностите целосно да бидат свртени кон ОН и постапката за меѓународно признавање каде што Република Македонија веќе има поднесено своја пријава. Тука не треба да се лутиме или незнам што да правиме, треба да сфатиме дека, ако сме направиле чекор кон тоа да се релативизира, би рекол, бидејќи не знаеме сеуште Единбург што ќе донесе Лисабонската декларација што значи веќе не станува збор само за решенија кои би го исфрлиле зборот Македонија од името на Република Македонија, тогаш треба да бидеме убедени дека сме на добар праг за целосно признавање на Република Македонија токму под своето име.

Дали ќе правиме еден чекор или два чекори до тоа, тоа е веќе таа политичка оценка која треба овде да ја дадеме и која треба секогаш да ја имаме ако сакаме да бидеме реални пред себе и пред граѓаните на Република Македонија.

За таквата можност многу фино претседателот на Републиката укажа дека нема однапред политички или дипломатски сигнали поготово ако се земе веќе јавно изнесениот став на Република Грција во однос на Извештајот на господинот О'нил и сите овие манифестации кои денеска

во соседна Грција се одвиваат што значи дека оваа опција има само смисла да ја покаже, како што во Информацијата се вели, добрата волја на Република Македонија, да се види дека и во случај на меѓусебен компромис со Република Грција, Република Македонија не е таа која не прифаќа пристап на договор, не прифаќа можност да се разговара за проблемот. Не станува збор никако за откажување на името на Република Македонија уште помалку на промени на името во Уставот на Република Македонија. Тоа е прашање на политичка доблест и тука морам да предупредам дека ние како законодавна власт мораме да имаме една дистинкција во однос што прави и како тоа го прави извршната власт а на нас е да оцениме ако тоа не е добро така да го соопштиме или да бараме одговорност да ги покренуваме сите механизми кои Уставот ги предвидува, меѓутоа, поклопувањето на тие две власти не можеме да го оствариме во рамките на Собранието, едноставно во нашиот Устав тоа се две подвоени власти.

Секако дека тука на ова образложение ќе се надоврзат сите оние тешкотии кои, ако меѓународното признавање сеуште остане во рамките на ЕЗ ќе настанат во наредниот период особено ако се има предвид дека за четири - пет месеци Грција ја презема улогата на претседавач на претседателството на ЕЗ и тоа сигурно ќе значи една отежителна околност за Македонија.

Исто така, треба да имаме предвид непроменетиот став од САД дека тие ќе се согласат за меѓународно признавање на Македонија откако ќе се најде заедничко решение за двете земји. Што ќе донесе новата администрација односно новата позиција на новиот претседател на САД не ми е познато и во овој момент е само прашање на проценка.

На сето ова треба да го имаме предвид прашањето и односите со соседните земји и не треба да ги затвораме очите пред она што некои овде го нарекоа "баба рога", меѓутоа не е бара рога, тоа може да ни дојде дома и тогаш сето ова што го зборуваме и на ваков начин имаме можност да го искажеме, можеби нема да биде. Тоа е реалната опасност поготово по изборите во Србија да победат оние кои во своите платформи ја вградија опцијата Република Македонија да не постои односно како што велат тие тоа е стара српска држава,*тука живеат 300 илјади жители и сето она што како оправдан револт и кај политичките фактори и партии настана и со оваа посета која нашата таканаречена победничка партија ја оствари со тие луѓе.

Исто така, мора да не загрижуваат и состојбите внатре во Република Македонија поготово на економски план,ние сме свесни дека санкциите што беа наменети за други најповеќе не погодија нас и ние тука со истата таа ЕЗ, со ЌЕБС кој ја префрли одговорноста и даде мандат во врска со овие прашања, мораме да најдеме заеднички јазик бидејќи ако го земеме само податокот дека над 30% опаѓа индустриското производство во Македонија ние сме пред еден тежок, можеби е тежок зборот колапс, меѓутоа, период во кој стопанството можеби и социјалната тензија нема да има разбирање за сите наши политички превирања и неефикасности.

За втората опција ОН и пријавата која е дадена и постапката која ќе се отвори од 19-ти натаму е јасно дека улогата на двете членки на ЕЗ Велика Британија и Франција е доминантна покрај големите земји кои имаат право на вето во Советот за безбедност во односот и прашањето на Република Македонија. Ние тој факт не можеме да го прескокнеме колку и да сме во право и колку да сакаме и сакаме се разбира одлуката

да биде на наша страна. Мислам дека сепак граѓаните на Република Македонија заслужува ние да ја завршиме оваа седница макар со еден чекор постигнато национално и меѓупартиско единство.

Прво и основно е да не доминира тезата овде дека ние всушност расправаме за промена на името. Да го ослободиме народот од таквото чувство дека некој си зел за право или овде сме се собрале тоа да го чиниме. Ние ќе се соочиме со она што во меѓународните односи за Македонија ќе биде оптимум за да ги прескокнеме сите бариери што претставуваат потреба за нашето меѓународно признавање и отворање на овој економски простор итн. Од тоа не можеме да ги затвораме очите. Ќе дојде Единбург ќе седнеме повторно овде, повторно ќе бидеме информирани и повторно ќе можеме да дебатираме и да создаваме платформи. Повторно ќе можеме и на тој план веројатно ќе најдеме разговор до тој период можеме како политички субјекти како партии и во Парламентот и вон него да седнеме и разговараме. Зошто ние не можеме да се обединеме околу еден став кој оптимално ќе ја извлече Републиката од оваа меѓународна пат позиција и воопшто.

На крајот би предложил нешто што не е во духот можеби како да речам на присутниот гнев кај македонците и кај сите граѓани на Република Македонија во однос на ова што се прави во Грција во однос на меѓународното признавање. Јас би предложил утре на почетокот на заседанието во Единбург во Република Македонија во 12,00 часот сите ѕвона, сите камбани, сите сирени да засвират да го искажат револтот на македонскиот човек околу волку долгото непризнавање на Република Македонија. Со тоа на одреден начин да го свртиме вниманието и на онаа политичка јавност која секој ден е присутна во Македонија или

преку меѓународните претставници и овде на разните асоцијации, новинари и сите други што се тука присутни

Благодарам

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова може да биде само идеја, ова не може да биде предлог кој ние овде ќе го разгледуваме.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Нам ни беше кажано дека претседателот ќе ни даде информација, а потоа сака да чуе што мислиме, тој не е присутен а исто така не е присутен и Министерот за односи со странство, народот надвор демонстрира, тој кажа не за она што тука беше искажано (реакции од место), затоа мислам дека треба да се прекине седницата бидејќи не сакаме да учествуваме на еден лицемерен начин, затскриено во еден соучеснички однос. Седница не се одвива така како што ја дефиниравме. Како што одминува времето се појавуваат нови моменти и на крајот ќе се најдеме сите спротивно од нашите морални убедувања со кои што се подготвивме и бевме спремни да расправаме за еден дневен ред како што ни беше искажан во една ситуација да сооучествуваме во нешто што е спротивно на нашите политички и други видувања.

Предлагам седницата да прекине, бидејќи претседателот на Републиката не е присутен и министерот за односи со странство не е присутен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претседателот на Републиката ќе дојде брзо, во еден разговор е задржан. Предлагам половина час пауза.

По паузата.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Господа пратеници би сакал пред да почнам со дискусија само да го изразам мојот протест поради суспензијата на демократијата во Македонија, односно четириесет и неколку дневното неработење на Парламентот од за мене навистина непознати причини.

На собраниската седница одржана на 6 август 1991 година, кога се расправаше околу референдумското прашање и како тоа да гласи, на неколку пати излегував овде на говорницата и барав да се дефинира зборот Југославија на референдумскиот лист. Односно барав да се додаде дека Југославија е заедница од шест суверени републики. Впрочем поинаква Југославија ние тогаш и не познававме. Гледано од денешен аспект сфаќам дека тоа не било случајно, баш таквото референдумско прашање. Тогаш од некој моќен центар биле планирани сите чекори и било спремано сценариото околу тоа на што поперфиден начин, приклучување на Вардарскиот дел на Македонија, кон својот поробувач од Балканските војни. Во суштина анти Македонско сценарио. Гледајќи наназад година дена јасно е и зошто покажаните македонски вредности, Васил Тупурковски, Петар Гошев и др. како дел од истото тоа сценарио се одеше кон нивно морално, професионално и секое друго деградирање, омаловажување и крајна линија отстранување од политичката сцена во Македонија. Дел од тоа сценарио е и економската беда и пустош за последните година дена а се со цел по мене да еден ден дел дојде поголемиот брат од север, нашиот спасител, Дел од тоа сценарио е и постојаната недоверба и крајниот антагонизам помеѓу главните политички сили овде во Македонија.

Почитувани пратеници чувствувам дека денеска сме при крајот на ова сценарио кога треба да дојде до дефинитивен раскол овде во парламентот, а исто така и меѓу народот. Сосема е неважно кој ќе ја сноси главната вина, кој повеќе е виновен кој помалку. По мене виновни сме сите ние што дозволивме вакви потези да се одвиваат и што од оваа говорница воопшто не укажувавме на тоа и дозволивме да прогресираат. Уште еднаш се покажува сета трагичност  на македонското битие. Сепак

мора да се каже дека можеби најважната алка на тоа сценарио на обезличување на македонската држава и нејзино фактично непризнавање претставуваат информативните медиуми во Република Македонија, посебно Македонската телевизија и нејзиниот уредувачки врв и тоа од редица причини: систематско срозување на дигнитетот на овој Парламент во целина без лоцирање на вината кон поединци или кон поедини партии, што во суштина и обезличување на Македонската држава. Понатаму за цело време на оваа наша борба за меѓународно признавање свесно и намерно, лажно се подгреваше надежта кај народот демек утре ќе не признаат, другата недела, наредниот месец сигурно, а се со цел да се разочара народот, да се создаде апатија, депресија.

Македонската телевизија во еден од најважните периоди за Македонската држава 15 деќември 1991 година и 15 јануари 1992 година кога се заседаваше Бадинтеровата комисија, кога се кршеа копјата околу признавањето, во своите новогодишни емисии ги исмејуваше, ги омаловажуваше Германците како таканаречени фашисти, национал социјалисти во своите новогодишни емисии, а истите тие кои беа наши главни лобисти и подржатели во Европската заедница. Не случајно господинот Геншер на први јануари оваа година го прими нашиот тогашен претставник Васил Тупурковски во посета. Сега повторно не случајно во петокот навечер, значи пред неколку дена, на 4.12. во ударниот дел од една многу гледана емисија, повторно се заговара страв од наводен нацизам, фашизам од Германија кој ќе ни дојде тука во Македонија, само неколку дена пред министерскиот состанок на Европската заедница и овој сега што следи утре и задутре а притоа повторно се заборава дека истата таа Германија е првата членка од Европската заедница која отвори овде во Македонија генерален

конзулат, е држава со која што имаме најразвиен стопански комуникации и културни врски од сите други во Европската заедница и која што е по мене една од главните подржатели и покрај ова однесување во Европската заедница. Во суштина анти Македонско и анти државно водење на уредувачката политика на државната Македонска телевизија. Тука во истиот овој контекст спаѓаат и секојдневните воени филмови,. нивните чести реклами, а се со цел за подгрејување на стравот кај граѓаните во Македонија. По мое длабоко уверување не случајно, односно како дел од истото тоа сценарио. Тука би го ставил и однесувањето кај нас овде во парламентот и составувачите на дневниот ред, односно таканареченото претседателство, вон устав- на категорија која што и покрај тоа што пред 5 месеци на предлог на пратеничката Гулистана Јумеровска изгласавме одлука да се стави Македонската телевизија на дневен ред сеуште таа точка не е ставена, но тоа се надевам дека во иднина ќе биде многу брзо отстрането.

Во истиот контекст е вештачки создаваната,психоза на страв од војна кај народот, демек едни во Македонија се за војна, а другите се добри и конструктивни и се борат за мир. А сето тоа за да се држава луѓето во покорност за да не се бунат многу кога ќе чекаат со часови за леб, за млеко, со денови за бензин, зошто државното мезимче Мак петрол ќе се налути, а знаете колку пари истото тоа мезимче даде во финансирањето во предизборните кампањи, а и пред тоа на партиите од сегашнава коалициона Влада. Само ќе кажам уште нешто со таков страв кај народот, со изградени бунќери Енвер Хоџа 40 години го држеше народот во страв и нормално народот беше исплашен, не смееше да се дигне и си владееше господино Хоџа. Игри без граници нема што. Едно организирано лудило. Свесно и намерно создава хаос нефункционирање на државата, цветање на шверцот, на мафијата итн. итн. Еве гледате

македончето не е способно да има своја држава / па нека се приклучи кон тие што се способни, односно нашиот северна голем брат доброчинител. Се прашувам како е можно во Хрватска и Словенија постоеше толку моќна и разгранета мрежа на бившата КОС, УДБА на Југославија, екипирана со огромен број агенти политичари доставувачи, извршители итн. а кај нас во Македонија воопшто да ја нема. Или барем да мислиме дека не е тука. Како е можно македонски ориентираните кадри, во армијата во полицијата кои во време на ЈУГО армијата си ги ставија своите животи на коцка сега систематски се тргнуваат од било кое позначајно место. По мое длабоко уверување тоа кажува само едно дека борбата за создавањето и признавањето на Македонската држава е овде меѓу нас самите, односно отворање на фронт против сите оние организирани и поединечни сили оставени овде во Македонија после напуштањето на ЈУГО армијата да работат против Македонскиот народ и Македонската држава. Нели е врв на лицемерие исто така истите тие кои го избркаа од Македонија господин Васил Тупурковски еден од нашите најголеми македонски вредности, обвинувајќи го при тоа за некаков флексибилен став околу името на државата, последниве денови јавно искажуваат флексибилност и некаква си коперативност во контактите со Европската заедница и при тоа јавно агитираат и за тоа го убедуваат народот во неминовноста од потребата за менување на истата. Мислам на познатите јавувања на телефон, а и на ТВ дневникот, на радио на нашиот министер за односи со странство Денко Малевски од 8.12. а и сите овие искажани овде на оваа говорница, а тука во овој контекст кога сме веќе кај министерот за надворешни работи по мене е и криминалната кадровска политика во Министерството за надворешни работи докажани југословенски кадри кој што до последен момент беа по југословенските амбасади, се бореа за Југославија7 сега ги доведовме

овде да се борат за Македонија, единствениот од нашите амбасадори во Турција се трга човекот, бидејќи се бореше за Македонија, тука спаѓаат и тие кадровски поместувања, господинот Александар Димитров како близок соработник на Тупурковски се тргнува од местото секретар, а и кога сме веќе кај министерот за надворешни работи, сакам да кажам и тоа дека ние во Илинден слободни демократи имавме сознанија дека се вршат некакви преговори околу името и нашиот пратеник Ристо Јованов постави едно пратеничко прашање во врска со тие преговори, односно писмото од господинот Алојз Мог кој што во името на тајноста на дипломатијата не беше покажано . Јас незнам што постои во тоа писмо но ние бевме информирани доколку тоа писмо беше покажано ќе се видеше уште тогаш дека односно уште во април уште во мај се преговара околу промената на името , а врз основа на таа тајност на дипломатијата беше отстранет господинот Тупурковски. Тука на неколку пати, кога сум веќе кај министерот беше кажано од господин Блаже Ристовски и уште неколку учесници во последниве дебати дека господинот Малевски е убеден во југословенството, не беше тоа воопшто демантирано од оваа говорница од министерот , јас само се прашувам како може некој што не е убеден во една идеја да оди друг да убедува и да го моли за признавање. Мислам дека неминовно е, тие луѓе што не веруваат,во самостојна Македонска држава чесно е од оваа говорница да си кажат и нека се повлечат, нека дојдат други луѓе кои ќе веруваат и кои до последен момент ќе се борат за признавањето и самостојноста на нашата држава. Тука споменувата додавка и предлог од Европската заедница не е ли тоа можеби дел од она сценарио за создавање раскол овде во Македонија, недоверба и страв кај народот бидејќи однапред се знаеше како која партија ќе реагира и зошто тоа е ставено овде на дневен ред цел македонски народ да гледа кој што  овде ќе дискутира.

Нели беше поконкретно главните политички сили овде во Македонија зад затворени врати да седнат и да се договорат, ако воопшто можат да се договоратм, со оглед на ова наше двогодишно работење полно со антагонизми. Инаку јас лично сметам дека не постои партија или поединец во Македонија, па макар тоа да биде и претседател на државата кој го има тој мандат од народот, да преговара околу името. Конечно каде е овде нашата одговорност према сите македонци надвор од Македонија, во соседството на сите четири страни, во прекоокенските земји, во Европа и дали кога ќе се соберат сите заедно се многу повеќе отколку тука што сме и дали го имаме ние тоа право и како Парламент и како партија, па дури и како референдум на граѓани да ги обезличиме тие луѓе национално. Или за оние држави што не признаа до сега , дали ќе им испратиме допис, или наши претставници, каде што ќе им се извиниме извинете не признавте како Република Македонија, сега сме Република Македонија Скопје. Јас лично имам голема резерва према Европската заедница, тоа го имам искажано на неколку пати овде од оваа говорница, факт е дека старите историски пријателства воскреснуваат ова време, се виде дека Франција си застана зад Србија и Грција и една Англија која што сака сега да изигрува кооперативна и цело време ни праќа овде нејзини пратеници истата таа Англија 1948 година во Егејска Македонија со нејзините авиони се убиваа Македонците и се раселуваа. Се вршеше геноцид врз македонскиот народ.

Сметам дека оваа информација и од претседателот, а поготово од Владата треба да се отфрли и сметам дека голем дел од вината за овој раскол, за оваа нарушена доверба е и кај самиот претседател на Републиката, од причина што за 2 години не најде  за сходно господинот

Црвенковски и господинот Љупчо Георгиевски да земе да ги седне кај него и да се договорат кои се основните национални интереси да се дефинираат, за кои работи можеме да се караме овде во парламентот а за кои не можеме. Никој не ни го дал правото овде да го делиме македонскиот народ, поготово во вакви важни моменти за опстанокот на оваа држава. Сите гледаме во една Грција каде партиите се крваво закрвавени, каде што Мицо Такис му се обраќа на Папандреу од парламентарната говорница со старо магаре и никому ништо , се обединуваат во овие моменти околу нивниот национален интерес , а ние овде ја искажуваме сета трагика на ова македонско битие. Јас не знаев дека вака ќе се одвива седницата пред да започне седницата вчера дадовме некој тука предлог заклучоци, но со оглед на тоа што нема да се носат никакви заклучоци, ги повлекувам предлог заклучоците од пратеничката група Илинден слободни демократи , што значи нема потреба за овие заклучоци.

**ПАНЧЕ МИНОВ:.**

Тргнувајќи од функционалната надлежност на парламентот и улогата што ја имаме по карактерот на информацијата на Претседателот на Републиката господин Киро Глигоров за меѓународните активности на Република Македонија во Европската заедница, за мене се поставуваат неколку клучни прашања:

Дали претседателот на Републиката во својата уставна надлежност да ја претставува Републиката на меѓународен план ја застапува веродостојно утврдената надворешна политика на Републиката, кои методи на пристап во застапувањето ги имал и дали се борел за доследно остварување на државниот, националниот интерес на граѓаните во Република Македонија во процесот на нејзиното пошироко меѓународно признавање.

Одговорите на овие суштински прашања за основа го имаат оценувањето на активностите на претседателот на Републиката и на другите дипломатски претставници на Републиката во контекст на Лисабонската декларација на Европската заедница и од парламентот донесената Декларација по истата дека не ја прифаќаме лисабонската декларација во делот за условот за признавање на Република Македонија "со име кое нема да го вклучува терминот Македонија".

Имам убедување и стекната доверба дека претседателот на Републиката и другите наши дипломатски претставници недвосмислено застапуваат и се залагаат дека Република Македонија не прифаќа промена на името со која во него нема да се содржи зборот Макмедонија од причини што тоа е спротивно на уставот, го загрозува правото на самоопределување и слободата на изборот на сопственото име, и што е најбитно повеќе од јасно е дека не се работи само за барање на терминолошка промена на името, туку непосредна опасност на

загрозеност на државноста, националниот идентитет, достоинството на грганите, стабилноста, и мирот во Републиката и на Балканот што се највозвишени цели на секој граѓанин, пратнеик, Влада, на претседателот на Републиката кој ја сака и се бори за со Уставот утврдената самостална и суверена држава Република Македонија.

Од горе споменатото заклучувам дека пред Европската заедница официјалните политичко - дипломатски претставници на Република Македонија не се согласуваат односно доследно се залагаат името Република Македонија да не се променува, што јас го поддржувам.

Од друга страна во политиката на Европската заедница, која е одредена од ЌЕБС за меѓународно признавање на бившите ЈУ Републики и на Република Македонија и која ја има донесено Лисабонската декларација со прифаќање на барањето на нејзината членка Република Грција за непризнавање на Република Македонија под име што ќе го содржи терминот Македонија очигледни се непремостливите пречки за спроведување на нереалниот дел од Лисабонската декларација што се однесува на признавањето на Република Македонија, под име што нема да го содржи терминот Македонија, пред се заради цврстиот став на Република Македонија да не го променува името како и се по присутното убедување и создавање на демократски развиените држави - членки на Европската заедница дека се работи за политички вештачки изнудена отстапка на^Република Македонија која очигледно нема реални шанси за оживотворување.

Во таква состојба на пречки, тешкотии и однос на силите во Европската заедница по спроведувањето на Лисабонската декларација во Делот на признавањето на Република Македонија, претседателто на Европската заедница велика Британија во убеденост за неопходноста од поскоро признавање на Република Македонија заради отстранување на

сите негативни економски и социјални последици од непризнавањето и со тоа загрозеноста на мирот и стабилноста во Републиката и пошироко на Балканот, потенцирам, пред Европската заедница тој предлага изнаоѓање на заеднички прифатливо решение, што ќе значи признавање на Република Македонија од сите или мнозинството држави - членки на Европската заедница.

Ако е јасно дека Европската заедница е релевантен фактор за меѓународно признавање на Република Македонија, ако предлогот на претседавачот на Европската заедница за изнаоѓање на заеднички прифатливо решение во врска со проблемите на името за признавање на Република Македонија никако не значи промена на името Република Македонија ако како парламент на оваа расправа не одлучуваме за модификација на името бидејќи немаме гаранции дека ќе бидеме меѓународно признаени од државите членки на Европската заедница, ако реално гледаме дека нашето признавање не зависи само од нас и нашата чувствителност кон тоа, туку од политичките интереси и влијанија во меѓународните организации, конкретно на Република Грција заради што сме доведени во состојба да изразиме спремност и волја за поддршка на Европската заедница да изнајде заеднички прифатливо решение за пошироко меѓу- народно признавање на Републиката при што јасен е нашиот став името Република Македонија не се менува, а нво овој момент нужниот компромис на кодификација на истото со додавка никако не значи компромис за загрозување на сувереноста и самосталноста на државата, националниот идентитет и мирот во Републиката.

Ако нашата спремност и волја на поддршка на Европската заедница во изнаоѓањето на заеднички прифатливо решение за признавањето на Република Македонија резултира со позитивен исход

на признавање на Република Македонија од државите членки на Европската заедница што е мост и за прием во Обединетите нации тогаш овој парламент и граѓаните на Република Македонија ќе се изјаснат и одлучат за кодификацијата со додавка на името Република Македонија, што условило пошироко меѓународно признавање на Република Македонија со сите позитивни ефекти од тоа што е најисправно и само така се добива правата вистина кое е расположението и интересот на Македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија, а ние во нивно име немаме право да им го одземаме тоа бидејќи тоа им припаѓа единствено нив.

Вака презентирана сфатена информацијата на претседателот на Републиката ја поддржувам и предлагам истата и парламентот да ја прифати ако ние е на сите овде единствена целата за што поскоро широко меѓународно признавање на Република Македонија.

Коментирајќи ја досегашната расправа ќе си дадам слобода да изразувам поздравување на делот на дискусиите искажани од претставниците на националната партија во смисла на нивниот цврст став и неколебливо инсистирање името Република Македонија никако да не се менува под никаков услов, интерес или жртва. Мислам дека тоа е корисно искажување и потребна политичка определба посебно во расправата по оваа точка на расправање во Собранието на Републиката бидејќи во политиката воопшто и конкретно по прашањето за меѓународното признавање ЦЈТИ зависи од одлуките на други држави во принципот на компромис секогаш треба да има резерва.

Меѓутоа, проширувањето на настаните на истите тие претставници во духот на негирање на целокупната наша досегашна надворешна политика која сите сме сведоци успеа во мир да ја градиме на демократски и легален начин создадената самостална држава, да се потценува дека само со сопствена држава во мир можеме и национално и граѓански да се афирмираме и развиваме, да се оспорува уставното

право на претседателот на Републиката да ја застапува Републиката и да преговара со претставниците на меѓународните организации и на други држави а за тоа да му предложи на усвојување на парламентот верификација на тие преговори, како што и се прави,безразборно лично да се атакува претседателот на Републиката што во демократски развиениот свет објективно значи атакување и врз сопствената држава и бара негова одговорност за тоа што напротив не го прави во процесот на меѓународното признавање на Републиката, всушност, не доведува до заклучок дека се користи расправата по ова прашање од највитално значење за Република Македонија за политичко пресметување и борба за власт во Републиката, па како такви ги отфрлам како најмалку потребни во овој судбоносен момент и сугериран истите да ги одложиме за што ќе има сигурно повеќе шанси откако пошироко меѓународно ќе бидеме признаени, а сега нашата задача е да дадеме конструктивен придонес како парламент во тоа.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници навистина немав намера да се јавам за дискусија на оваа седница меѓутоа од долгото траење на истата би сакал само да потсетам на две реченици од излагањето на претседателот на Републиката господин Киро Глигоров и тоа "од се што е речено произлегува дека денес не треба да се донесува било каква формална одлука. По одлуката во Единбург Собранието ќе го каже својот конечен збор дали се исполнети условите за формална одлука.

Кои се нашите можни чекори? Не се откажуваме од името Македонија. Никој нема право, ниту претседателот на Републиката, ниту Владата ниту парламентот да се откажат од името Македонија за тоа не

постои ниту уставен основ, ниту политичка, ниту морално право. Последиците од таквата одлука ќе бидат закана за идентитетот на Македонскиот народ, на стабилноста на државата, нејзиниот опстанок во реалното опстанување.

Ако навистина овие две реченици, а мислам дека нашите граѓани будно ја пратат оваа седница го имаат чуено и веројатно ќе си го постават прашањето дали беше потребно два дена парламентот да расправа по оваа проблематика кога очигледно е дека нема потреба од донесување на било каква одлука, затоа што таа одлука треба да уследува дури по одржувањето на седницата на 12-мината во Единбург.

Оттука не можам да најдам оправдување што оваа седница трае два дена и си поставувам прашање самиот пред себе кога како пратеници ќе најдеме време и како пратеник ќе ми биде овозможено навистина овој парламент еднаш за секогаш почне да се занимава со економските проблеми, со проблемите на стопанството, со проблемите што навистина живот значат.

Мислам дека не е добро и не е во ред пратениците упорно пред граѓаните ги дозираат своите констатации, своите размислувања и на тој начин ги потценуваме самите граѓани бидејќи тие секојдневно од средствата на јавното информирање, телевизијата радиото печатот, ги имаат сите информации, да не речам можеби и порано и пред оние информации што ние ги добиваме. Дали со тоа на некој начин не ги потценуваме самите наши граѓани со тоа што ние размислуваме, односно некои колеги овде во парламентот размислуваат дека тие не се способни сите тие информации да ги апсорбираат и самите да си извлечат заклучок што претстои, што не очекува и што треба да преземаат. Туку, ние односно колегите пратеници мислат дека тие

констатации, тие заклучоци тие изведени аргументи треба токмуони да им ги соопштуваат на граѓани- те. Оттука навистина мислам дека веќе завлегуваме длабоко во вториот ден до расправата во оваа седница и мислам дека многу покорисно ќе биде да ја оставиме нашата енергија, нашите конструктивни размислувања за седниците и да овозможиме практично парламентот што побрзо да ги постави економските прашања на дневен ред за да овозможиме стопанството да заживее, да можеме да почнеме да произведуваме производи квалитетни, технолошки подготвени, па со нив да настапиме на странскиот пазар и практично со тоа да добиеме легитимација за нашиот имиџ, за нашето постоење и за нашето пошироко меѓународно признавање. Јас ( сум длабоко уверен дека признавањето е многу побрзо, многу полесно, и многу пооправдано може да дојде по економски пат, со работа, со докажување, со квалитет со производство отколку, не сакам да употребувам зборови кои овде често беа употребувани и кои навистина не доликуваат на нас пратениците, а и на нашите граѓани кои навистина со големо нетрпение ги очекуваат навистина нашите плодни и конструктивни седници, а не на некој начин да го одземаме времето и на нас самите пратеници, а и на сите граѓани кои може би ова време можат многу попаметно и подобро да го искористат во ангажирање на своето време и енергија за производство и постигнување на подобри резултати во стопанството, со што длабоко сум убеден дека тоа е единствениот пат да дојдеме до она што сите заедно го посакуваме.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, после дводневна расправа и јас би сакал да кажам свој став во врска со расправата што ја имаме.

Слушајќи ве внимателно забележав дека доминираат три основни термини во сите излагања. Тоа беа емотивност националност и единство. Јас ќе зборувам емотивно бидејќи емоцијата е одлика на човек и темата која ја имаме денес заслужува многу емоции. Секој човек има свој дух, а духот е израз и извор на емоции.

Зошто јас не ја прифаќа, промената на името Македонија? Едноставно како човек јас имам свој принцип и од тие принципи зависи, тие се навистина личен став, меѓутоа, принципите го одредуваат и статусот на луѓето и затоа сметам дека промената на името било да е со додавка не го прифаќам од одредени причини затоа што јас ќе се страмам и од самите вас, ќе се срамам и од луѓето меѓу кои живеам, а ќе се срамам најповеќе од себе си. А може би најголемиот срам ќе биде кога ќе застанам пред гробовите на своите предци.

Сега да кажам нешто околу тоа како обичниот човек, широките народни маси, на кои и јас им припаѓам, кои немаат докрај политички изградена свест, меѓутоа имаат строго издиференцирана историска свест за народот на кој му припаѓаат. Како тој ја гледа оваа бесмислена расправа наша во овој парламент? Ние цело време овде сме поставени како луѓе кои постојано трчаат и тоа едни према други. Кога ќе се стигнеме удираме едни на други со голема жестина и навалуваме до крај што можеме да се истребеме. Кога ќе погледаме од едната страна трачаат наши а од другата страна пак наши трчаат а ловецот само не чека, чека да се измориме, да се истоштиме и потоа лесно е да се спроведе она што го има замислено. Несреќата ни заедничка на сите. Ние овде сите се тепаме за Македонецот, околу македонецот, преку македонецот а на крајот ќотекот го јаде пак македонецот. Сега кога секој цивилизиран народ почувствува една заедничка несреќа, кога треба да смогне снаги да постигне консензус  и единство, она што често го

споменуваме овде ние тогаш немаме снага да го направиме тоа. Многу луѓе овде се прашуваат зошто тоа не можеме да го направиме. Јас и порано имам зборувано овде за една појава во однос на задуеноста со македонштината кај нашиот човек. Примерот ќе го повторам бидејќи одговара на моментот во кој се расправале. Еден камен кој со векови лежел во вода вие ако го извади- те и ако го огрее сонце тој веднаш ќе се исуши. Исто така ако го скршите внатре ќе видите дека е сув, не е доволно натопен. Ние исто така се однесуваме. Оние кои што ги изгреало сонце и оние кои со скршени се спротивставени меѓу себе и затоа не можеме да дојдеме до политички консензус кое неопходно е потребен за меѓународно признавање на Македонија. Дека е тоа така ќе ви наведам еден пример. Пред неколку дена, незнам по кој пат го читав Прличев. Пред 15о години ние имавме иста ваква состојба, како што денес ја имаме со меѓународното признавање на Македонија. Потполно иста состојба. Истите креатори истите актери, истите режисери, истата сцена истите главни улоги – Грција – Македонија - Европа. И тогаш луѓето кои биле паметни го опишале правилно тогашниот момент кој исто така сега се повторува за жал кај нас. Ние тогаш имавме Европа која знаете како е претставена, Грција со сета своја фанариотска злоба кога ги уништува сите наши писатели, списанија и Европа која ги поткрепува тие игри, претставена во една песна, која ја знаете бидејќи очекувам од Европа конечно разбирање за нашиот проблем и на крај краишта дека ќе бидеме признаени.

ДА кажам нешто и околу поделбите емотивни и национални. Често пати нас ни се префрла дека ние многу емотивно зборуваме, а од другата страна е рационално. Денес и вчера слушнавме дека востанијата биле предвремени и неуспешни. За тоа биле обвинети луѓе

кои биле емотивно настроени и затоа прерано се подигнати востанијата. Нема востание на македонскиот народ кое не придонело за ова што ние денеска го имаме. Ако не беа тие востанија, тие својот дух, својот дел го изградиле во овој мозаик кој денеска сме пред конечно создавање на држава, на вечниот идеал нивни. Можеби не успеале затоа што премногу рационалните луѓе не им се придружиле. Тоа е мое лично мислење. Исто така овде беше изречено од многу дискутанти дека сме поднеле многу залудни жртви. Господа пратеници залудни жртви при создавање на држава нема. Има само залудно живеење. Да земеме безброј примери во нашата историја, еве само еден пример од еден свој сограѓанин за смртта на Христо Узунов што значи за идните поколенија и за задоеноста со патриотизмот на народот. Духот кај народот не се храни со лажица и со виљушка. Тој се храни со примери и со преданија итн.

Исто така, имавме една дискусија околу тоа дека наводно ние заради блокадите трпиме голем пад на стандардот, па и гладуваме. Се сеќавам овде кога носевме одлука за распишување на референдум толку чесно од сите излагачи, пратеници и од сите партии, посебно и од сегашниот премиер Бранко Црвенковски беше напоменато дека Македонија ќе има проблеми околу осамостојувањето. Ќе има голем пад на стандардот, меѓутоа, нашиот народ на референдумот се изјасни со голем процент, апсолутен процент за самостојна Македонија што значи дека тој ги прифаќа тие моменти на намален стандард и дека може, во преден план му е создавање на самостојна суверена Македонија. Не може да се зборува за создавање на држава а да се задржи истиот стандард, истите токови да одат. Нормално е дека ќе се почувствуваат некои искушенија. Вие и сами знаете детето мало кога проодува прво ако во првиот момент се откаже кога ќе почне да падне нема да продолжи да оди. Затоа и ние треба да останеме, бидејќи создавање на држава мора

да има свои негативни последици во однос на живеењето, и на стандардот на луѓето.

Посебно што сакам да кажам на крајот од моето излагање сметам дека кога е во прашање Грција, со каков партнер имаме работа нека потврди и ова. - Откако ќе се поздравиш со Гркот треба да си ги изброиш и прстите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, денес расправаме за тема која што верувам, го делите мислењето, ни е наметната. Никој од нас, веројатно, не сакаше да ја стави на дневен ред можноста Македонија да расправа за разните варијанти околу нејзиното меѓународно признавање и вклучување Обединетите нации. Но, нашето признавање меѓународно, поширока наша верификација е процес за кој што ние се определивме. Тој процес е пропратен со низа блокади,со уцени, со воени закани, опструкции итн., свесни сме апсолутно за тоа дека никој од нас не живееше во илузии, наспроти една Грција која што е докажано е осведочен наш непријател дека многу лесно ќе дојдевме до целта, а тоа е меѓународното признавање на Републиката. Уште згора на тоа Грција е и членка на ЕЕЗ, таа е секогаш присутна кога се расправа за нас, а ние таа шанса ја немаме. Да биде уште полоша нашата судбина, таа иста Грција 70 години не не признава ни како нација, ни како држава, а 50 години ние званично за неа сме само Скопје. Дури до скоро ни името не ни го спомнуваа. А овде вчера, а особено и денес се прави невидена манипулација со граѓаните на Републиката. Сакајќи да се прикаже дека ние еве денес расправаме да го менува името на Републиката ако сакаме да ја смилуваме Грција. И како резултат на таква манипулација, ни се случи ова што ни се случува пред зградата со случување на народот по методи многу познати на овие простори, не само овде, туку и пошироко. Мислам дека јасно и одговорно треба да се стави на јавноста до знаење никој во овој Парламент денес најмалку ниту има право, ниту може да расправа за промена на името на Република Македонија.

Тоа е совршено јасно. Многу децидно беше речено и во Информацијата на претседателот на Републиката. Ние денес расправаме за можност Македонија да не биде исклучена од процесот на нејзиното меѓународно признавање, заради тоа што не покажува никаква смисла за соработка и кооперативност. А еве зошто. Бидејќи Грција е категорична во својот став, не може да се признае името на Македонија под тоа име, тој свој став го трансформира во став на ЕЕЗ и тој е верификуван со Лисабонската декларација. Од друга страна ние како Парламент, претседателот на Републиката и сите фактори што ја водат надворешната политика категорични се во определбата дека нема никаква основа и смисла да се менува името на Републиката, уште помалку пдо некое име од кое ќе биде лишен нашиот национален идентитет, да бидеме и меѓународно признаени. Според тоа, ние цврсто сме за Република Македонија, Грција е цврсто за Република Скопје, а во тие услови мора да се бара некое решение. Европската економска заедница , почитувајќи ја својата Резолуција, а определи посредник кој што има задача ако може тие ставови спротив- ставени да ги доближи. И нашиот пријател, и единствената супер сила во светот денес САД имаат разбирање за нашите проблеми. Меѓутоа, и тие не упатуваат за конечно решавање на проблемот да бидеме во контакт со Грција и да одиме со решение кое ќе биде задоволително и за Грција и за Македонија. Такво нешто едноставно не е можно, бидејќи Грција избегава контакти со нас, избегава да седне на преговарачка маса. Ова што сега се чини последниве денови нашата дипломатија мислам дека апсолутно оди во прилог на тоа дека може да се бара решение по пат на преговори. Во таква ситуација денес можеме без апсолутно никакви дисквалификации да говориме дали Македонија е спремна да вложи, а влогот е на името Република Македонија, заради задоволувањето на страстите ирационални на Грција да го додаде и барањето на Грција, Скопје, што

овде се прикажува како Република Скопје или се прават невозможни конструкции РП~Скопје итн. или дактилографките ќе го пишувале, или не можеме да ги пееме песните за убавата Македонија итн. Мислам дека тоа се конструкции кои што одат во прилог на дисквалификација на убава теза, убава замисла да може тоа да се направи. Се разбира, никој притоа нас не ни гарантира дека ако го направиме овој влог во Единбург ќе бидеме признати. А влогот ќе беше многу јасно речен овде, Република Македонија го вложува ова само под услов ако сите 12-мина без исклучок, значи и Грција ја признае Македонија под тоа име. Дури тогаш ни се отвораат перспективи навистина во овој регион да живееме достоинствено како луѓе со призната меѓународно верификцирана држава со комшии пријателски настроени со кои ќе соработуваме на секој план. Наместо тоа овде имаме многу различни погледи. Се разбира, и тоа е добро во услови на плурализам и сосема природно. Најдобро е да ги спротивставиме своите гледања и во тоа не гледам ништо ненормално. Но, не можам никако и на никого не му дава право, а јас тоа да го сфатам, само заради тоа што ние се разликуваме во нашите погледи некој да се сатанизира да се прогалсува за предавник за непријател итн. Мислам дека никој го нема тоа право, а уште повеќе што од оваа иста говорница овде на невиден начин се дисквалификува и, шефот на државата и републичките државници само заради тоа што предлагаат и го информираат Собранието за таа работа. Извинете мислам дека во ниедна држава, а пак ниедна пратеничка група или политичка партија која што заговара демократски методи веројатно треба да биде свесна што значи тоа и демократски дијалог. А тоа значи да се почитува противникот. Јас имам впечаток, да ви кажам дека ние овдека едни на други не се гледаме за политички противници, туку непријатели. А во ист Парламент и од ист род луѓе што потекнуваат само заради тоа што поинаку мислат на никого не му дава право за таква сатанизација и

дисквалификација. Според тоа, никој од ниедна пратеничка група јас не слушнав овдека дека сака да го промени името на Република Македонија, ние се разликуваме само по однос на тоа што е интерес, која е крајната цел и кој е ефектот од она што го предлагаме како наш влог кој што не ни гарантира дека ќе бидеме признати ниту во Единбург ниту во Обединетите нации, но кој ни гарантира кај нашите пријатели да можат да се залагаат кој ќе имаат кредибилитет во ОН, во Европската заедница да се залагаат за решавање на проблемот за нашето опстојување овде. А морам да ве потсетам дека навистина историјата многу често се поиграла и мојот претходен говорник овде тоа многу добро пластично го прикажа и јас апсолутно го поддржувам, господинот Арнаудов. Истата историја ни се повторува и истото сценарио ни се повторува. А знаете ли зошто тоа се случи? Затоа што странските обавештајни служби и пропаганда информативна итн., и пред 1941 до таа мерка успеаа да ги скараат нашите луѓе меѓу себе овде на идеолошка или меѓунационална основа што не само тогаш го урнаа и нашето револуционерно движење ТУКУ успеа и да ни ја поделат државата со помош на оние големи сили кои денес пак ја кројат нашата судбина. Истите тие треба таа историска неправда да ја исправаат. А како што гледате тоа многу тешко иде, не само заради предрасуди, туку се работи за стратешки, геостратешки, политички и економски интереси на големите сили. Ние можеби си придаваме важност многу значајна и многу голема, можеби се замислуваме навистина ние дека сме огромна држава, но е битно како не гледаат однадвор. Ние не сме ниту економски потенцијал ниту сме политички партнер на некој од големите сили, па да можат на Македонија да гледаат кроз една друга диоптрија, а некако на мала држава. А ќе се согласите судбината на малите држави секогаш

зависеле од расположението и интересите на големите држави. Така ги прекројувале како што сметале дека нив на нивните интереси им одговара. Според тоа, шансата на Македонија во овој историски момент ако сака да опстои да преживее и да постоиме како Македонци е да водиме мудра политика и мудра дипломатија. Ние друга шанса немаме. Романтизмот никако не може да ни помогне, ниту ќе ни помогнат, јас се извинувам за асоцијациите, ниту ќе ни помогнат војводи, комити, пушки берданки, гори зелени. Нас ќе ни помогне умешноста да го водиме овој немирен брод денес македонски само со мудрост до остварувањето на конечната цел. А целта, верувам дека на сите овде пратеници е иста Македонија меѓународно да се признае. Сега со средствата тука се разликуваме. И дозволете да се разликуваме, но меѓусебно да не се навредуваме.

Конечно, нешто околу ова што беше и овде доста говорено, а не можам да поминам покрај тоа, да ми простите и со целиот ризик и по стоти пат да ми биде спомнато овде летоците на нечист бугарски јазик пред изборите. Нешто за достоинството. Македонското достоинство ќе биде сочувано само ако ние бидеме како дражва, како народ, и ако постоиме. Ние можеме да бидеме достоинствени и да патиме аз леб и да бидеме блокирани од сите страни и пак да си бидеме достоинствени. Но, можеме исто така достоинствено да стоиме и пред нашите поколенија и пред странство ако имаме слух за нашите проблеми па ги отвориме границите односно придонесеме да се отворат границите да соработуваме со сите, во Македонија непречено иде капитал, роба итн. Тоа е за мене , јас преферирам за оваа втората варијанта, тоа е многу подостоинствен човечки живот, што ни едното ни другото се разбира не преферира војна. Според тоа, мислам дека кога се говори за достоинството како психолошка категорија тоа секогаш има многу во овие услови сурови историски услови , има многу конкретно  конкретна

дефиниција и мислам дека во таа смисла и треба да се гледа. Овде беше спомнато аз моралот, со каков морал некои предлагаат ова итн. Јас незнам, но мислам дека ќе се согласите некој цело време да говори овде и да не обвинува за србокомунизам, а да шурува со србошовинисти, мислам дека е аморална работа.

Второ, аморално е некој да не обвинува дека сме предавници или дека не водиме грижа дека го рушиме македонското национално единство, а во исто време постојано да се јавува за соопштение или оценки, интервјуа на претседателот на Републиката или други партии за запирки, а кога се работи за виталните интереси на македонското национално единство надвор, како што е конкретниот случај со пописот во Бугарија каде што се врши легална денационализација на Македонците, да се молчи. Јас мислам дека и тоа не влегува во сферата на моралот.

Понатаму, сите вие имате право да говорите овде, јас сите ве слушав и пратениците од нашата група. Ве молам да ми дозволите јас да се искажам. Јас не ви упаѓав на никого во вашите излагања. Овде од оваа говорница бевме обвинети дека сеуште СФРЈ ја води надворешната политика на Македонија. Тоа патем е и една непрецизност, бидејќи не стои во Уставот, туку стои во Уставниот закон за спроведување на Уставот, а да истата таа пратеничка група гласаше за тој Устав и за тој уставен закон. Ќе се согласите исто тоа е надвор од моралните сфаќања за коректност и за политика.

Понатаму, бараат од претседателот на Републиката, бараат и од министерот и од други пратеници оставка, а не сакаат да идеме на нови избори. Па како мислат демисионирање само по волја на некого, а без демократска основа. Тоа, веројатно, ќе се согласите не е чесна работа. Исто како што е неморална критиката за Платформата на Глигоров –

Изедбеговиќ, а истите тие гласа во овој Парламент за таа Платформа. Се согласија. Според тоа, ве молам, дали тоа може да се сфати дека е тоа принципиелна, коректна критика.

Нешто околу воената атмосфера што се подгрева во Републиката Настрана од тоа што и Партијата и пратеничката група, заради тоа што оценија дека во Републиката е сериозно нарушена безбедносната состојба и политичката состојба и меѓунационалните односи, па побараа и разговор со претседателот на Републиката и со министерот за внатрешни работи и за одбрана, бараа и седница на Парламентот, а сега овдека со карикирање на македонскиот мир и наводно уште до таа мерка симплификација дека станува збор за детски играчки, за плашење на деца. Тоа е или несогледување на објективните околности во кои што живееме. Зарем навистина не е опасност за Републиката она што се случува во Грција денес. Една националистичка еуфорија, хистерија на над милион луѓе да излезат во Грција и да говорат дека Македонија е наша, вршат воени вежби овде до нашата граница, мобилизираат и резервисти и сето тоа за нас не е никаква опасност. Од север ни се заканува дека со една дивизија, иако се тие медиокритети како Шешељ, како пријателот што доаѓаше сега итн., Парошки и тоа не е никаква опасност за Македонија. Тие и недајбоже, таа политика да победи во Србија. Недај боже да победи таа политика во Србија од Македониај ниту името ниту презимето, ниту државата наша, ниту од песните што не ќе се види. Според тоа, ве молам кога се говори за објективни опасности тие се многу конкретни кај нас, а некој ако не сака тоа да го согледа, тоа е негова слабост, а не да се плаши народот. Народот мора да знае во какви услови ние живееме за да може да донесе одлука дали ќе поддржи една политика или нема да поддржи една политика. А сето друго е само обична манипулација.

Според тоа, и со ова ќе завршам ние изразуваме спремност како Република да учествуваме натаму, го изнесувам своето мислење, и мислењето на мојата пратеничка група, во меѓународните контакти околу меѓународното признавање на Републиката. Нашиот влог како што рече некој овдека да не се работи за две заинатени животни кои што се долу во провалија па и двајцата да паднат во таа бездна, нашиот влог е по мирен пат со политички средства и дипломатски она што не го навредува нашето достоинство, што не го брише нашиот национален идентитет да го вложием во овој процес на меѓународно признавање на Македонија. А доколку навистина дојде до потребата Македонија да мора да ја додаде оваа додавка на своето име, тогаш не можеме ние да одлучиме сами. Исто и јас го застапувам тоа мислење. За тоа имаме инструменти да го консултираме народот, да ги консултираме граѓаните на Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Јас се извинувам што ќе мора по сопствена совест малку или можеби малку подолго да замолам за Вашето внимание.

Главно прашање е да се воспостави мир. Но, мир без мир со бога едноставно не е возможно. Мир меѓу луѓето меѓу народите е еден императив во политиката. Денес политичарите државници ја презедоа улогата на миротворци. Јас и после една година од усвојување на Уставот на Република Македонија, навистина жалам што тогаш немаше готовност да се прифати формулација дека над Република Македонија бдее божјиот благослов.

Во досегашните дискусии што ги слушнав, иако имаше некои во текот на кои отсуствував, има работи за кои едноставно морам да се осврнам. Воглавно се заговараше во атакот врз парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ дека е нужно да покажеме професионализам, флексибилност, рационалност, опортунуитет, кооперативност, компромис, готовност и слично нешто. Се се тоа карактерни особини или врлини на политичар, на деловен човек, на стручно лице, навистина потребни. Јас можам да ви речам дека« со тоа што ние влеговме во овој Парламент ја добивме на еден начин на располагање национална држава на македонскиот народ, а потоа прогласивме Устав дека тоа е држава на граѓаните, дека сме покажале флексибилност па и ред и од тие други потребни карактерни особини. Но, барањата во правец на измена на името на државата јас не можам да ги подведам под ваквиот корпус на карактеристики.

Мене ме изненадува тоа што кај нас се разговара сега само за додавка, а воедно веќе медиите во целиот свет почнувајќи од големите компании информативни куќи да не наведувам кој се, објавуваат гледишта или интервјуа на свои соговорници кои разговарале тука во нашата Република и добиле сосема поинакви ставови околу името. За мене е сепак еден расчекор меѓу понудената единствена наша евентуална подготвеност за додавка,(Скопје) и тоа за мене е сепак еден расчекор меѓу понудената единствена наша евентуална подготвеност за додавка во заграда Скопје и тоа што на пример се публицира денеска во име на пратеникот Робин  О"нил. Таму се вели дословно дека тој добил неколку предлози. Но, да го видиме малку и извештајот на Владата и тука да побараме малку професионализам.

Прво што паѓа во очи е тоа дека извештајот е доставен откако координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ Томислав Стефковски тоа го побара и тоа преку редно од говорницата. Второ, дописот нема наслов во врска со што е. Едноставно назначениот, тука тоа е претседателот на Собранието или оние до кои тој ќе биде преупатен, едноставно само назначениот да одгонетне сам која е корелацијата меѓу точката на дневен ред и она што пишува во извештајот. Јас само заклучувам дека Владата официјално не заземала став за информацијата и тоа нека остане набележано за идната пракса.

Исто така, откривам тука на страната 2 , пасусот 1 дека веројатно Владата е запознаена со извештајот кој ќе биде поднесен од амбасадорот Робин О"нил. За мене тоа е многу чудно, а ние велиме дека тој извештај е за интерна употреба во ЕЗ.

Кога зборуваме за професионализам има едноставно и други моменти за кои ќе ви кажам сега само во однос на оваа точка. Инаку, може да се направи една подебела книга околу тоа каков професионализам се негува и која методологија. Но, нај- прво ќе ви го свртам кон една моја мала дигресија.

Имено, државната политика како што јас ја доживувам или барем ја преработувам во себе, тука во Република Македонија се измени со свикувањето на овој Парламент релативно брзо. Супстратот за измена беше, по мое видување , јас се извинувам ако сум тенденциозен, токму пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Насоките со кои се оди во измената на таа државна политика да кажам од федеративна состојка во СФРЈ кон самостојна држава, по мое видување беа давани прво од господинот Петковски, потпретседател на Собранието кога едноставно ја преломи пратеничката група на тогашна СК-ПДП да ја прифати декларацијата за самостојност. Тоа беше крајот на јануари 1991 година. Оттогаш ние како законодавно тело чекориме кон самостојност и станавме самостојни. Исто така, во целиот овој период господинот претседател на Парламентот Андов и покрај редица несогласности и со мене и со колегите сепак успеа да запази еден Парламент кој служи на интересите на оваа држава. Тоа не е во целост, имаме уште редица барања кои не ги ниту поставивме на дневен ред.

Околу изјаснувањата што еве како парламентарци од Парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ сме ги давале и ние и дека била прифаќана па и платформата Глигоров - Изетбеговиќ, едноставно

стои, но мора исто така да се гледа дека чинот на гласање е последниот дел. Претходно е битно и со какви дискусии и со кои приоди се одело. Слична аргументација важи и за референдумот кој го распиша овој Парламент. Јас морам да ве потсетам дека во предвечерието на Платформата , по мое сеќавање имавме и нешто друго. Имено, таму баравме вербална поддршка и на господинот Анте Марковиќ. Имаше меѓу нас и луѓе кои не беа за тоа. Така да таа поддршка на тогашната Платформа која за прв пат ние децидно се произнесовме дека разбираме конфедерација но на сите шест републики, а не само на четирите, дека едноставно ние ја доживувавме таа платформа како валоризирање на нашите гледишта и спроведување или градување на нашата политика. Затоа и воопшто не се отргнавме од тоа да ја изгласаме платформата. Едноставно секогаш постигнувавме оној максимум кој е можен, покажувајќи и нужна доза на флексибилност.

Инаку дами и господа,да останеме уште на ова поле околу професионализмот.

Јас имам пред мене публикација на англиски е, Република Македонија која се врачува, инаку изработена од Министерството за односи ^со странство, која се доделува на контакт персоните со кои се среќаваат претставници на нашата Република и таму, иако тоа треба да е афирмативен текст, еден убав приказ на татковината, јас на четири места откривам недоследности. Не би сакал да замарам какви се тие се , но едната посебно се однесува на јазикот кој е тука официјален јазик. Вели официјален јазик на Македонија е македонскиот, еден од четирите официјални јазици во Југославија денес, а сепак тоа е во интерес или во афирмирање  на самостојноста и независност на Република Македонија.

Независно дали е тоа делено со точка или запирка за мене останува болно сознанието дека македонскиот јазик бил сеуште официјален јазик во Југославија. Оттука можеби и од претставништвото на ЕЗ и ден денес ни стигаат, тие ги нарекуваат ИСИ&УС, некако вести на Европската заедница , билингуално напишани, едниот дел е на македонски, другиот дел е на англиски. Според тоа ЕЗ нуди такви публикации за себе за да се прикаже и на македонски, но како еден од официјалните јазици на Југославија.

Друга работа, не знам ако одиме да испитаме кои се брошури се нудат што се е изработено во овој период на самостојност може навистина да се направи подебела книга.

Зошто јас сакав да имаме прво расправа во комисии. Затоа што обременувањето на пленумот со такви детали е сосема неповолно, пред се за државата, но ако немаме каде ќе го кажувам нормално тоа тука.

Овде имам, тоа треба да е официјален календар за 1993 година, германски, има и карта на Европа, а вели состојба мај 1992 година. Македонија е сосема добро нацртана, со посебна боја со .своето име. До неа стои Грција, најсипатичниот комшија, Албанија, Бугарија и СР Југославија. Се е тоа многу згодно и погодно за нашата позиција. 1Что смета? Смета едно мало ливче кое јас едноставно го лепев тука со селотејп. Инаку се даваат објаснувања. Токму едното се однесува на Македонија. Вели: Оваа држава и нејзиното име "Југословенска Република Македонија", сеуште не е признаена од земјите членки на ЕЗ согласно со меѓународното право. Добро, од каде сега таа комоција да стои "Југословенска Република Македонија". Јас можам да претпоставам

или е тоа злонамерно од издавачот или пак можеби има некаква корелација со она што претставниците на таа држава добиле од претставниците на нашата држава. Велам и тоа можеби ќе оди во корпусот на професионализам.

Имаме како држава многу контакти со целиот свет и тоа до највисоко ниво, тоа е неспорно и мило ми е. Како држава мислам дека сме должни и да функционираме внатрешно, а таа комуникација во системот по мое затајува и отсуството на соработка покажува дека плодовите се слаби.

Мое гледиште дека и опозицијата исто така, треба да контактира со претставниците на светот, а за таквото контактирање води грижа самата извршна власт, а не опозицијата секогаш да бара по посебни канали контакти. За мене навистина останува несфатливо, пратеникот на, сега не знам точно каква е формулацијата но еве , на амбасадорот Робин 0"нил да дојде тука а да не поразговара со опозициони претставници.

Јас сметам дека државниот врв се однесува кон Букурешкиот договор од 1913 година како да е тоа непостоен договор, а не загрижува посебно околноста што во оваа држава нема институција или научна установа која би можела тој договор да го прикаже во интегрална форма. Сакам да потсетам дека ние сме сега признаени од три држави потписнички на тој договор и дека не би смеело да биде тешко да се набави таквиот договор во интегрална форма, интегрална форма со секакви додатоци, секакви точки, потточки, не само публикација каде што пишува тоа е Букурешкиот договор. Важни се и додатоците. Такво нешто не постои.

Исто така, по однос на професионализмот не можам никако да дадам поддршка на приодот за ваква темелна расправа што се води во Македонскиот Парламент, пратениците да бидат информирани на самата седница со материјал, а преку масмедиите и преку телефон да се кажува што ќе претстои за расправа

Сметам дека нашата дипломатија требаше, ако не повеќе барем да ни каже зошто сеуште е надлежна ЕЗ околу признавањето на Република Македонија. Точно е тоа дека на Конференцијата за европска безбедност и соработка е доделен мандатот на ЕЗ , но да ја заврши работата, а не да ја одолговлекува. Самиот факт дека судијата , арбитерот, сега ЕЗ е инволвирана преку своја членка во спорот, го елиминира тој арбитер. Ние можеме да добиеме барем повратна информација зошто не доаѓа до елиминација на таквиот арбитер, што вели кај нас народот"кадија те тужи, кадија те суди". Но, со таков статус во меѓународните односи не може никој да се помири. Инаку ќе допуштите малку да бидам и јас полемичен во однос на оние искажувања што ги слушнавме, нема да именувам никого, но ќе почнам пак од она што мислам дека е најболно.

Јас го слушнав и господинот Никола Поповски и господинот Петров

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте да ги спомнувате

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Не е битно они си имаат спор меѓу себе. Но излезе дека формулацијата Егејско - Македонско потекло е одродување од Македонското. За мене е битно како тој збор е напишан, а не како е кажан. Изговорен е коректно тука, Ако се пишува Егејско - Македонско, може да е во ред. Ако се пишува како два збора, тоа е веќе сосема поинаку

**ЈОРДАН БОШКОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Али како и да е тоа е нешто за што би требало лингвистичарите да дадат свое гледиште и свј суд а не ние овде да навлегуваме во конфликти. Инаку се наметнува и една теза дека едно е употреба внатре, дома си останувame тоа што сме си, а друга е употреба надвор. Има примери многу. На пример веднаш ќе почнеме од соседст- вото Албанија во цел свет дома била Шитарија, Грција во цел свет е и слично на тоа со транскрипција а дома била Елас. Унгарија во цел свет а дома била Моџеролсак, така некако. Швајцарија била швајцарска конфедерација официјално, инаку цел свет си ја вика Швајцарија. Австрија исто така си има свое изворно име Есторлајч а не Австрија а цел свет ја вика Австрија. Но што е битно,или Финска била Суоми, битно е тоа што сите овие држави својот субјективитет можат да го пријават и така е тоа сторено под изворниот назив. И тие можат ако сакаат да преговараат со други држави со своето изворно име. Но заради комуникативност на конференции каде што учествуваат можеби над 50-тина странки или држави, таму се користи она што е разбирливо најчесто англискиот назив или францускиот. Инаку, по однос на информацијава, чув дека добро би било да ја прифатиме, тоа никако не би било добро, а некој би бил и пресреќен да ја донесеме одлука- та, потоа како сите сме тргувале кога умрел, незнам кој итн. Јас мислам дека тоа не е во ред да се даваат вакви сугестии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Душан Трпчевски.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа, не се согласувам со делот од Информацијата на претседателот г-дин Киро

Глигоров што се однесува на оној дел за промена на името Македонија, односно за додавање на додавката после Република Македонија во заграда Скопје. Или без заграда со цртичка, како ни со заклучоците на Владата што вчера на својата седница ги донесе во врска со оваа информација на претседателот на Републиката, од следните причини:

Овој Парламент на 3 јули 19 92 година се огради од делот на Лисабонската декларација што се однесува за промена на името Република. Спрема тоа ние како Парламент сме се произнеле дека не признаваме никаква промена на името Република Македонија. Ако дојде до так во нешто, во тој случај можат да настанат многу непожелни импликации во нашата Република Македонија во сегашност, а поготово во иднина.

Во изминатите месеци само еден мал број на луѓе во раководната структура на Република Македонија знаеја дека треба да се под- готви промена на името Република Македонија почнувајќи од изјавите на господин Васил Тупурковски во разговорите во Виена, водеди некаде во мај месец о.г. Мислам дека со иста таква содржина, веројатно, за нас сеуште непознати беа и разговорите што тука ги водеше британскиот министер за надворешни работи господинот Даглас Херт, понатаму разговорите што беа водени од страна на амбасадорот на Европската заедница претставник на Велика Британија во Европската заедница господинот 0 Нил«кој на три пати дојде во Република Македонија. Понатаму разговорите на претседателот на Републиката господин Киро Глигоров со англискиот претседател Џон Мејџр, односно и последниве денови и на разговорите со министерот за односи со странство, господинот Денко Малески.

Ова нешто дојде неочекувано што ние се надевавме дека нашата дипломатија ќе успее со својата умешност да ја натера Европската заедница да ја смени Лисабонската одлука и да не признае со правото

име Република Македонија. Меѓутоа, како што пред три дена дознавме тоа не ое случи. Во тој случај мораме сега под нејзин притисок нешто друго да направиме, односно да додаваме додавка во заграда Скопје, која што не знаеме во иднина се понатаму како ќе еволуира.

Уште потешко станува кога се однесува за оваа промена кај нашите малцинства во соседните земји, тоа е во Албанија, во Бугарија, во Грција а поготово нашето бројно иселеништво во прекуоќеанските земји Австралија, Канада, Европа, европски земји и други континенти. Деновиве имаме па и денеска бројни делефакси, односно телеграми, писма во кои што се оспорува таквото нешто - да се изврши промена на името на Република Македонија. Таков е и телефаксот на претставниците на ВМРО-ДПМНЕ од задграничниот комитет од Германија што се однесува и на другите земји, односно прекуоќеански во Австралија, Канада и Америка, каде што изричито бараат да нема никаква промена на името на Република Македонија, дури и со додавката во заграда Скопје. Вчера нас од претседателот ни беше речено дека вакви промени кои што се однесуваат на промената на името нема да претрпи ни- каква измена во Уставот. Јас мислам дека тоа мора да се направи, не само во Уставот туку и во законските акти како и во другите акти во кои што се манипулира со називот Република Македонија во заграда Скопје.

Бидејќи многу пратеници изнесоа свои видувања од некои книги итн., ќе ми дозволите истото и јас да го направам. Имено, се однесува за драмата на Максим Горки "На дното11, каде што артистот безимениот, вака и се обраќа на соговорничката Наташа: "Јас вели сега немам име. Разбираш ли ти колку е тоа навредливо, да го изгубиш името? Дури и кучињата имаат име". Ова мене ме потсеќа во вчерашната изјава од стенограмите на министерот за надворешни работи на Велика Британија

Даглас Херт на втора страница објавено во "Нова Македонија" каде што вели дека дури и промената на името со додавката во заграда Скопје не е она што е договорено и изгласано со Лисабонската декларација. Значи, истава, оваа асоцијација ќе оди кон тоа и понатаму ние и нашето име да си го смениме.

На една од претходните седници на овој Парламент искажав и една мисла дека трговијата и дипломатијата немаат симпатија ниту љубов, туку се од еден интерес. Па и во овој случај нашиот јужен сосед Грција, ова што го прави го прави од свој интерес, за да направените промени во минатото, се заборават, а со тоа и луѓето кои што беа раселени од егејскиот дел на Македонија да не можат сега да се вратат таму, да не можат да си ги решат имотно - правните односи, па дури и ние тука Македонците да не можеме да си го кажеме името Македонија, односно Македонци.

Ќе изнесам уште еден податок од вчерашна "Нова Македонија" од првата страница каде со еден графички приказ беше изнесено мнението на населението што оваа новинарска куќа го направила во од- нос на промената на името. Дури некаде над 2/3 од анкетираните луѓе се спротивставуваат на промената на името, еден мал број се неутрални а само еден мал број од оваа 1/3 се и за промена на името. Според тоа, значи, добар дел од населението во Република Македонија е против промена на името.

Мене како пратеник, како човек досега не ми е познато некоја земја под притисок на друга земја или асоцијација да си го промени името. Па дури тоа и не било случај ни кај победените земји од претходните војни, меѓутоа се натурале разни други оптоварувања, на пример плаќање репарации, оневозможување дотичната земја да држи војска, да нема војна индустрија, а не со тоа да и го смени и името.

Понатаму, за мене многу е интересно тоа како досегашните наши пријатели, држави десетина кои што ја признаа Република Македонија почнувајќи од Бугарија, Турција, Словенија, Хрватска, Русија и други ќе гледаат во нашите очи кога и ние сега под притисок на една економска асоцијација, група на најразвиени земји во Европа и во светот сакаат да не натераат да си го смениме името. Каде е тука нашето достоинство?

Оваа промена на името што дојде во овој момент од пред три дена, јас како пратеник на овој Парламент не сум во состојба да го прифатам, затоа што тоа до мене дојде прво од средствата за јавно информирање пред три дена. Вчера истото тоа го слушнав од претседателот на Републиката. Значи нешто како да ни се наметнува пет минути до 12 ние да си го промениме името, или дел од името. А ви реков, незнам како ќе еволуира таа промена, дали ќе застане само на тоа да биде Скопје или нешто и претходно да се избрише. Многу нам ни е познато од народот дека давањето на прекар на одделни луѓе во позитивна или негативна смисла во добивањето на тој прекор, еволуира кон тоа тие луѓе во иднина да се нарекуваат само по прекарот. Така што може да се случи и ние нашата Република да ја нарекуваме Република Скоп- је и луѓето тука да ги нарекуваат Скопјанци, односно често пати е познато дека презимињата на прекарите во текот на наредните генерации се земаа, вистинските презимања се напуштаат. Според тоа, ова ќе биде еден голем преседан во нашата многугодишна и многувековна историја да си го смениме името.

Сигурно и претседателот на Републиката господин Киро Глигоров и министерот за односи со странство господин Денко Малески деновиве, денеска, веројатно имаат добиено доста голем број на телеграми и телефакси, каде што им се укажува дека прифаќањето на промената на името ќе претставува кобна грешка за опстанокот на Република Македонија.

И уште нешто, имам уште една информација дека кон приодите на центарот на Скопје, т.е. од периферијата, возила, превозни средства се задржувани со тоа луѓето да не присуствуваат на митингот, и ако овој наш митинг тука пред зградата на Собранието, е скромен, сепак насобраниот број на луѓе укажува дека не треба ние да си го смениме името.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Чудно малку што претходниот дискутант го нарече митингот негов. За тоа слабо имаме информации.

Денеска јас сакам на почетокот да кажам и да потсетам де- ка митинг голем со преку милион луѓе во Атина се одржуваше. Познато ни е дека само една партија го повика своето членство и симпатизери- те да не учествуваат на тој митинг, на таа колективна хистерија. Ова не го подвлекувам заради партиската припадност на тие луѓе, туку заради човечноста, смелоста во таа хистерија да се биде праведен принципиелен, чесен, да не се поддржи Мицотакис и Караманлис, туку да се поддржи на некој начин Македонија и за она што ние денеска и вчера и подолго време се бориме. Дали е тоа храбро, чесно и праведно од нивна страна? Сигурно ќе речеме да. За нас тие се јунаци а за Грците овие луѓе кои не биле на митингот ќе бидат предавници, и долго време ќе бидат прогонувани. И ние кај нас често, многу лесно произведуваме предавници, во минатото и сега, дури и во минатиот век и на почетокот на овој век, можеби шанса ќе биде заедничката наша општонародна прослава на 100-годишницата на формирањето на ВМРО идната година, еден дел од нив да се рехабилитираат, оние кои така лесно биле

произведени во предавници. Меѓутоа, и вчера и денес ете тоа и овде ни се случува да се изговори зборот "предавник" повеќе пати, најблаго речено невкусно и не сакам повеќе да елаборирам за- тоа што претходните дискутанти го искажаа.

Македонската култура е една од најстарите во Европа и нашата црква е една од најстарите, па затоа повеќе пати е уништувана и одново воздигнувана. И треба да ни претставува комплимент што Македонската православна црква го афирмира зборот "афтоќефалност". Тоа е голем збор, универзален. Па нашава борба за нашава држава македонска да биде автокефална, партиите да ни бидат автокефални во градењето на своите сопствени политички програми. Најголемо богатство ќе биде ако и култот за автокефалност го изградиме до тоа ниво, секој човек во духот и мислите во својот политички став да биде автокефален. Па и по прашањето на патот на меѓународното признавање на Македонија, секој граѓанин има право на свое мислење кое што треба да го брани и во Парламентот и на улица и на работа. Тоа е нормално. Ненормално е што овде ако некој изнесе свој став и однос кон прашањето за Македонија, се прават обиди за најгруби дисквалификации. Тоа мислам дека треба да не заболи сите нас. Ние со таквиот однос на меѓупартиско, меѓупратеничко, меѓучовечко однесување, не- трпеливост нанесуваме штета на нашата татковина.

Ние овие два дена мислам дека со таквиот однос ги збунив- ме граѓаните на Македонија, со делови на политичка незрелост. Среќа е што нашиот народ со својата политичка колективна зрелост ќе може да има праведен и зрел став, ќе согледа кој е правиот пат за поширокото меѓународно признавање. Лично ги ценам и ги поддржувам напорите на нашиот претседател и нашата млада дипломатија во процесот на меѓународното пошироко признавање на Македонија.

**ДЕНКО МАЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, пратеници

Подрачјето во кое се наоѓа Република Македонија е подрачје на огромен ризик по мирот во Европа. Со оваа констатација се согласуваат сите на континентот и во светот. Доволно е да отворите било кој денешен весник и да видите на насловната страница дека пишува оти бурата на војната се ближи кон Македонија. Ако е така, тогаш мораме да водиме исклучително внимателна политика за да, барем ние, не бидеме причина за избувнување на сукоби. Се разбира, работите не секогаш зависат од нас во меѓународните односи, но она што е наш дел треба да го сториме.

На прво место треба да го сочуваме и да го доградуваме внатрешниот политички и меѓунационален консензус. Тоа значи сите политички сили кои седат овде во Парламентот да се обединат околу заеднички цели - мир како прво, заштита на демократските институции и меѓународното признавање на државата.

Внатрешната кохезија ни е нужна затоа што уште долго време ќе се соочуваме со балканските опасности и удари врз нас и кога ќе имаме право. Војната во Босна и Херцеговина, потенцијалното проширување на меѓуетничките судири на Косово, фактот дека и во иднина* ќе се соочуваме со притисоци од страна на Република Грција, која, веќе денес изјавува дека ќе ја блокира границата и ќе ги засили трупите на граничната линија. Тоа се факти на животот кои мораме да ги имаме предвид во градењето на нашата надворешно- политичка стратегија. Ако притоа имаме предвид дека Република Грција заедно со уште една друга членка на НАТО - Турција е веќе со децении на работ на војната со

неколку експлозии каде што организацијата на која тие припаѓаат мора да ја смируваат, тогаш јас така лесно не би гледал на ова што се случува на нашиот југ. Токму ваквата состојба во регионот ни го укажува правецот на нашата политика - домашната и надворешната.

Мораме да демонстрираме способност да истраеме на патот да се сочува демократијата и меѓунационалниот мир. Тоа не чини поинакви од многу други соседи во регионот. Македонија мора да остане оној позитивен пример кој вреди да биде поддржан и од земји кои се подалечни. Незадоволствата со степенот на демократијата и со степенот на меѓунационалните односи дома е природна последица на еден либерален систем во изградба, се разбира, со сите недостатоци кој сака да изгради подобро општество. Оттука политичката енергија не треба да се насочи кон уништување на демократијата, туку кон нејзино развивање. Ако чекориме по тој пат и создадеме едно просперитетно општество на слободни луѓе ги отстрануваме опасностите, оваа малечка земја да стане потенцијална колонија на соседите. Во спротивно внатрешната дезинтеграција ќе вовлече надворешни фактори кои можат да предизвикаат и меѓудржавни сукоби на Балканот.

Сега да се задржам на неколку точки кои тука беа спомнати.

Прво, војна или мир?

Тука, ми се чини, не треба нужно човек да биде многу паметен, доволно е да ги погледне фактите во очи.

Факт број 1.

Процесот на распаѓање и формирање на нови држави на Балканот се шири од север кон југ. До сега ова тектонско поместување на политичката карта на регионот беше проследено секогаш со војна*

Војна во Словенија, војна во Хрватска, војна во Босна и Херцеговина.

Факт број 2.

Во нашето соседство имаме држава која е во судир со светската заедница. Можна воена интервенција која ние не ја посакуваме е многу веројатна. Тоа е, исто така, еден факт кој треба да го имаме предвид.

Факт број 3.

На Косово не се оствари дијалог меѓу Албанците и Белград што ќе рече постои опасност од меѓуетнички сукоб од типот кој сега го гледаме во БиХ. Само можете да размислите какви последици тоа би имало по Македонија на една линија неколку стапки од овде.

Факт број 4.

На југ Грција се заканува дека сосема ќе ја затвори границата трупајќи војски. Ние од наша страна, се разбира, нема да сториме било што за да ја провоцираме, но да имаме на ум тоа дека самото наше постоење како држава и како нација е провокација за Грција.

Толку за војната и за мирот и дали некој некого плаши со војна и мир од страна на Владата на Македонија.

Второ би зборувал за економијата, можеби најважно, која може да не крене или да не потоне сите нас.

Мораме да направиме пробив во Меѓународната заедница да станеме членки на нејзините организации во настојувањето да создадеме услови за економско заздравување на Република Македонија.

Проценките за нашата нова држава надвор во книги и извештаи што сум имал можност да ги листам се дека е таа во економска смисла исклучително слаба и дека е неизвесен нејзиниот економски опстанок. Оттука и тврдењето на некои аналитичари во светот дека централните аспект на македонското прашање денес за разлика од минатото е економскиот. Затоа ни е неопходна помош од развиениот дел на Европа т.е. од ЕЗ. Потребна ни е таа помош за да создадеме, по распаѓањето на Југославија и на заедничкиот пазар, една економска целина и колку да е таа мала која ќе функционира и која што ќе одолее на гравитационите сили кои во економска, па и во политичка смисла ќе не влечат кон соседните држави.

Во таа смисла важно е да добиеме широко меѓународно признавање на нашата државност, а особено е важно,тоа да дојде од ЕЗ. Така ќе создадеме можности како секоја друга европска држава да конкурираме за помош, да конкурираме за програма за развој, да конкурираме за стипендии и за образование во странство на нашите млади генерации. Само така, да повторам стекнуваме сопствена моќ, сопствена сила економска и политичка со што ќе ја намалиме моќта на нашите соседи во економска, па и во политичка смисла да одлучуваат за нас.

Трето, признавањето и името, на надворешно политички план јасно рековме дека не прифаќаме решение кое ќе го доведе во прашање нашиот идентитет. Тоа не го чиниме од каприц, туку од јасната свест дека менувањето на името следено со губењето на нашиот национален идентитет ќе ја стелиризира нашата територија и ќе ги обнови вековните аспирации од сите страни.

Значи, тоа е таа линија од која ние не можеме да отстапиме. Тоа им стана јасно на низа соговорници во ЕЗ, да не речам на стотици

состаноци кои ги одржа оваа неспособна надворешна политика и тие горе долу сфаќаат дека, ако се инсистира на Лисабонската декларација, можно е да се предизвика поголем хаос отколку и можат да помислат. Се разбира, тие инсистираат повторно да се постигне компромис со една нивна членка од која секо] поединечно во ЕЗ ќе ви рече дека им е до овде.(Покажува на главата). Меѓутоа, кога ќе седнат на масата тие попуштата пред интересите на таа членка на Заедницата од проста причина што заедниците се формираат за да си ги штитат интересите на членот на Заедницата. Тука се принципите со кои тие доаѓаат во сукоб и морам да ви кажам таму има прекрасни луѓе во истата таа Заедница кои не се согласуваат со ова што се случува.

Во услови кога една страна поставува ултиматум на другата тоа е Грчката, се разбира,и се остава малку простор на другата за маневрирање. Идејата да демонстрираме уште еднаш подготвеност да се најде солуција која дојде од Претседателството на ЕЗ ја прифативме апсолутно без воодушевување. Причина е ноторниот факт дека НИКОЈ нема право на друга земја да и наметне своја волја во поглед на тоа како ќе се вика, како и јасното сознание каква ќе биде реакцијата на Република Грција и оној момент кога ќе се согласиме на компромис, а реакцијата ќе биде отфрлање. Сепак, сметам дека ако тоа може да им помогне на земјите кои се пријателски расположени кон нас нам да ни помогнат, тогаш вреди да го сториме овој чекор. Би било цинично од моја страна да повторам она што во некои разговори сум го слушнал повторно како циничен совет. Тоа беше во она време кога се инсистираше на примена на Лисабонската декларација. Сменете го името, велеа, стекнете се со позиција во Меѓународната заедница и

потоа одново вратете го своето име. Се разбира, правото на секоја држава е да го менува своето име и за тоа во меѓународното право таа едноставно ја информира свет- ската заедница и точка.

Гледајќи така на проблемот ние можевме да измислиме комплетно ново име за да влеземе во ОН и во други организации, а потоа да го вратиме нашето старо име. Но, тоа не е решение. Зошто? Она што ние го бараме како решение се долгорочни, добри односи со Република Грција кои што ќе се градат на принципите на взаемно уважување и градење на цврсти темели на меѓусебна доверба, а доверба со лаѓи и со итрини, не се гради.

Оттука, ако излеземе во меѓународната заедница со името Република Македонија во заграда главниот град Скопје, јас мислам дека тогаш до тоа треба да се придржуваме. Ќе се придржуваме до кога? Бидејќи како што со акт на Парламентот можете да си го дода- дете тој додаток, со акт на Парламентот можете и да го одземете тој додаток. До кога ќе се придржуваме кон тоа? Ќе се придржуваме се до оној момент додека не се разбере и од другата страна дека постои наша вистина за Македонија и дека таа не е насочена против никого, дека сакаме да живееме во достоинство, дека сакаме да живее- ме во мир, и дека сакаме да живееме во благосостојба. Тоа е во со- гласност со нашата визија за мир и соработка на Балканот каде што демократијата низ дијалог што ќе рече со политички средства, а не со насилство ќе ги расчистува натрупаните историски заблуди, а заблуди, можеби, постојат од повеќе страни а не само од една страна и ќе ги отворат просторите на човековите слободи за сите поединци и народи.

Додавањето на зборот Скопје како едно техничко објаснување не ни гарантира со сигурност дека во Единбург ќе се донесе одлука, бидејќи Грците таа одлука скоро сигурно ќе ја блокираат. Она што тоа ни овозможува е Грците односно грчката држава да биде ставена на тапет како нетолерантна и некоперативна држава за да потоа членките на ЕЗ излегувајќи од еден таков свој состанок дадат поддршка за наш прием во ОН. Тоа е моето видување за можниот исход со влегувањето во ОН проблемот на признавањето во ЕЗ станува беспредметен. Тоа е она што сакаат да ни го помогнат оние луѓе кои гледаат дека, ако имате работа со држава како Грција чија надворешна политика е производ на еден комплициран склоп на фрустрации митови итн., и која е во состојба од дваесет години да не го реши едно прашање како што е Кипарското или Турското, инсистираат брзо да направиме пробив да влеземе во светската организација и потоа од една таква позиција да градиме односи како рамноправна држава и да можеме на еден почестит начин да се бориме за своите права, а не, како што често сум ставан во ситуација да стојам по ходници по цел ден за да ме прими некој.

Овде се зборуваше за оставката на неколку пати. Јас едно ќе ви речам. Што се однесува до мојата оставка која јавно ја дадов ви велам никогаш не ја повлеков. Останав само уште некое време да помогнам толку колку што знам и толку колку што умеам. Мислам дека треба да се ослободиме од овој јазик кој личи на блуење и само да помислиме дека доаѓа Божиќ и дека доаѓа Нова Година и кога ќе дојдете дома кај вашите деца и жената вечер да можете да им погледнете во очи дека нешто сте сториле за да се избегне војна, за да се постигне мир, за да во демократија продолжиме да ја бараме вистината која никој овде сам не ја поседува. Благодарам.

(Дискусијата беше проследена со аплауз).

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници. Вчера и денеска слушнавме многу дискусии и мислам дека после долгото слушана информација и разговори, тоа беше добро. Многу од овие дискусии направија да се почувствуваме по достојно како пратеници и да дишеме полесно, а имаше и делови кои содржеа лични навреди, денунцијации, инсинуации и зборови како што беше сега зборот на господинот министер, кој што јас го оценувам како нај груб што вечерва го чув. Јас од сите тие се оградувам, ги сметам за нуз продукт на една ваква расправа и сметам дека не придонесуваат суштински за целите на нашата расправа. Но борбата на ставови ја сметам за неоспорна и корисна за да се расчистат работите и внесат озон на вистината, како после бура во воздухот. Надворешната политика не е партија шах со проблеми, се работи за судбината на цел народ и од мал потез зависи исходот. Зошто се потребни расправи? Еден ум колку и да е голем не може да биде над колективниот ум. Имено колективниот ум содржи внатрешна динамика, како единствен квалитет способен да парира и да ги над- минува животните ситуации кои што никој не ги решил и нема да ги реши со рецепти и шаблони видени или прочитани некаде. На овој начин се унапредува демократијата и само така се раѓа новата пракса.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Во дискусиите се искристализираа да големи става со различни нијанси во интензитетот. Јас сакам да се задржам на идеолошката подлога на еден од овие два става, а тоа е национален роматизам не, емоции не, разум да, мудрост да. Оваа идеологија која се пропагира во разни форми скоро 2 години, мислам дека заедно со дозираните информации, претставува едно механичко пренесување во нашата средина. Не ги извира од нашите проблеми и потреби и ни нанесе досега голема штета и сеуште ни нанесува. Зошто?

Овој став го спречува психолошки нормалното функционирање, автономното функционирање на секој поединец, како и на народот во целина, одземајќи му ја само довербата и енергијата за самоорганизирање. Тоа го гледаме во највисокото тело, Собранието, во Владата, во Министерствата, како што се судството, внатрешни, во многу институции па се до пазарите, неспособност за самоорганизирање и автономно функционирање. Емоциите, мудроста романтизмот и разумот, интуицијата и знаењето се еднакво важни делови на една целина и треба да функционираа, усогласено, хармонично. Без тоа ние сме редуцирани како машина на која и фали еден штраф, важен штраф. Таа почнува лошо да работи, за кратко време се блокира. Со доброволното отфрлање на своите емоции и романтизам, полека целиот духовен простор се блокира се мунифицира и не претвара во држава на мртви риби. Со политички јазик кажано запрени се механизмите на демократијата . Макотрпен е процесот на воспоставување на вистинска, не само декларативна демократија, а тоа е тој процес во кој ние сега се наоѓаме. Дефиницијата за демократијата на Томас Џеферсон гласи: 11 демократијата е живот, слобода, стремеж кон среќа, сама по себе демократијата не дава никакви гаранции. Таа дава само можност за успех или пад". Зборовите власта произлегува од народот и му припаѓа на народот, значат дека народот, граѓаните, заедно се радуваат на добрата и заедно го носат товарот. Ова не носи до суштината на нашиот проблем воопшто, и суштината на нашиот денешен проблем, а тоа е довербата во народот и неговите институции. Кој не му верува на својот народ се срами и се плаши од него, пропагирајќи една елитистичка доктрина за да созрее едно дете треба да ја има довербата на своите родители. Под вечна заштита тоа ќе остане неспособно. Собранието, ние како пратеници , претставници на народот, треба да се избориме да ги

добиваме сите информации, комплетни документи, стенограми извештаи од разговори, за да бидеме во состојба да носиме одговорни решенија. Сега сме тотално тргнати од процесот не меѓународното признавање за кое станува денеска збор. Ние пратениците во Собранието од телевизијата дознавме за повикот за мировни сили во Македонија . Тоа беше и причина за посетата на делегацијата на ВМРО- ДПМНЕ кај претседателот Глигоров. По тоа може да се суди какви се комуникационите врски во нашиот внатрешен систем и колку широко се прават анализите и консултациите. Слушаме исто така од медиумите дека пратеник на ЌЕПС во Македонија не само што преговара за правата на малцинството, туку директно во институциите на Републиката ги решава нивните потреби, како на пример времето потребно за нивни емисии на телевизија . Зошто сме исфрлени од политичкиот информационен систем? Правно гледано тоа е газење на уставните принципи , а психолошки јас го разбирам како недоверба. Кога македонскиот народ се однесувал така да не заслужува доверба. Кога македонскиот народ покажал агресија спрема друг народ или малцинство. Напротив, секогаш македонскиот народ покажувал широкоградост . Македонија по својата духовна импостација е лулка на демократијата. Лично влегов во ВМРО-ДПМНЕ заради светлите традиции на старата Делчева ВМРО високо демократски поставена. Звучи апсурдно, но длабоко сум убедена дека само овие кои знаат колку е важно прашањето на идентитетот, како личен така и на својот народ, ќе можат да изнајдат праведно и трајно решение меѓу националните проблеми.

Бидејќи бев една од оние наспроти многуте од мојата група кои пред 1 година при интерпелацијата на министерот Денко Малевкси се изразив позитивно, верувајќи во него како демократ, си земам право денеска по 1 година да му се обратам од ова место.

Тогаш во расправата беа изразени ставови и беше барано од министерот, прво по енергична активност во неговата работа и второ, проширување на кругот на екипата за работа. Тие исти забелешки јас ги чув и денес . Тогаш беа спомнувани пропагандни материјали јас имав таква забелешка, тоа беше единствената забелешка кои што беа од министерството издадени после излегувањето на нашиот Устав, а се зборуваше за Македонија во рамките на Југославија. Беше спомнувано тогаш прашањето , кое што сакам и денеска да му го поставам на министерот Малевски, а тоа е, ги избравме ли ние господине министре, вистинските пријатели и застапници на нашата држава Македонија меѓу голените сили. Ова го зборувам зашто при мојата посета на една од врвните претставници на надворешната политика на Европските земји ми беше поставено прашањето зошто упорно чукаме на оние врати кои ни биле секогаш затворани и во историјата и денеска, а не се свртуваме кон нашите вистински пријатели. Вие господине министре изјавивте дека се плашите. Плашете се, тоа може да биде квалитет, стравот и колебањето можат да бидат знак дека самостојно размислувате за своите постапки. Тоа јас ви го ценам позитивно. Но она што јас ви го забележувам вам е што не се допрашувате. За ништо не се допрашувате. Вас не ве интересира што мисли ни народот, ни дипломатите ни искусни колеги, долгогодишни работници во дипломатијата, ни пратениците во Собранието. Чувме и читавме анализи од наши дипломати за нашата меѓународна позиција кои многу одамна го предвидоа ова што сега се случува и со време предлагаа друг пат и други постапки во нашата надворешна политика. Вие не бевте за-интересирани да ги чуете што мислат. Вие вечерва се заложивте за унапредување на демократијата кај нас. Тоа е можно само со доверба, разговори и добро информирање. Никако не се изолација. Лично два пати сум одела во министерството барајќи да добијам документи за

нашата надворешна активност и не сум добила како што ги нема ниеден овде во пратениците. И на крајот, вие господине министре изрековте една страшна работа во вашето интервју на телевизија за кое што е убаво да си дадете едно објаснение една поправка. Ако ова го изречевте како американец во Америка, англичанец во Англија или французин во Франција, дури да бевте обичен граѓанин, а не министер, незнам како ќе поминевте. Но нашиот кроток народ помина преку тоа. Тоа беа зборовите: "патриотизмот како последно прибежиште на неранимајковци". Со ова идеологијата емоции не, разум да, е до- ведена до својата колминација. Се укинуваат не само емоциите, туку си се укинуваме и самите себеси, претворајќи се во нечија имитација, во сурогат, во безлични граѓани. Таков граѓанин нема никаде во светот. Зошто граѓаните во другите земји се сосема нешто друго . Француската револуција го роди граѓанството и тоа е апотеоза на националните држави и на нивниот правен поредок ."Вив ла Франс" го роди граѓанството. Така плодовите на оваа идеологија на чија основа се водеше македонската надворешна политика , ги собираме заеднички денеска во Собранието.

Во пратеничката група добивме многу телекси од Германија, Австралија, Канада, од разни сојузи и здруженија на македонци, од се македонскиот конгрес, од ограноци на партијата на ВМРО-ДПМНЕ, од Сите тие земји. И сите тие имаат една единствена порака како пратеници не ни даваат мандат за никаква додавка на нашето вековно име. Исто така апели имаме од студентите од Скопскиот и Битолскиот универзитет. Најалармантна прогноза е од француски извор, а тоа е дека овој процес на притисок врз името и на попуштање во врска со името е почеток на крајот на името на нашата држава Македонија. А името, зборот, логосот, е почеток и крајот на се.

Прашувам дали некој во оваа сала може да гарантира дека тоа да биде вистина така. Не дај боже да биде така. (аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? никој

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Најнапред морам нешто да повторам што сум рекол, да се разбереме, и заради вас и заради јавноста, а потоа на некои други прашања ќе се осврнам.

Реков дека пренесувам она што ми е изнесено како следни ставови од страна на претседавачот на Европската заедница. Некои од тие ставови, кои се изнесени од претседавачот овде се користеа како мои ставови и се коментираа и се критикуваа. Во тие ставови, меѓутоа сакам да обрнам внимание на две работи.

Прво, претседавачот вели ги разбирам причините заради кои Република Македонија не може да се откаже од името. Заштитата на националниот идентитет и спречувањето на аспирациите на соседите. Тоа се наши аргументи кои ги изнесувавме во тек на сета оваа битка за признавање на Македонија и за бесмисленоста да се бара од нас , од нашиот народ од нашата држава да се откаже од своето име. Тоа е една работа.

Втора работа е кога тој вели, имајќи го сето ова предвид Заради сето тоа Република Македонија најдобро е пред состанокот во Единбруг да изрази спремност за извесна модификација односно со додавка на името за надворешна употреба. Со оглед на фактот што Република«Македонија целосно досега ја одбива можноста за промена на името тогаш како чин на добра волја може да изрази спремност само за името за надворешна употреба да внесе додавка на сегашното име. Таквата спремност би била во полза на активностите на земјите пријатели на Република Македонија во нивните настојувања за меѓународното признавање и би извршила силен притисок при одлучувањето во Единбург и во рамките на Обединетите нации. Тоа се тие две работи.

Второ, или трето во заклучокот реков дека преговорите покажаа дека Лисабонската Декларација со која се бара името на државата да се брише зборот Македонија е неспроведливо. Тоа е всушност спроведување на нашиот став од нашата Декларација по повод на Лисабонската Декларација. Тоа е успех на оваа политика. Тоа е главното настојување, главната задача на грчката политика. Да се избрише збор Македонија и да се обезличи и државата и народот, а потоа да следување што е познато од историјата. Тоа како воопшто незабележано помина. Не се откажуваме од името. Го губиме идентитетот, се продаваме инт. итн. Нашите аргументи значи беа уважени. Уважувајќи ги тие аргументи претседавачот ми ја даде оваа сугестија сметајќи дека тоа може да биде полесниот пат да дојдеме до меѓународно признавање што поскоро. Ние можеме тоа да го прифатиме, да не го прифатиме, да го почитуваме, да не го почитуваме, да цениме дека е тоа подвала, дека е тоа почеток за да ни се одземе се инт., а не мора да биде тоа така. Воопшто не мора да биде тоа така. И затоа треба да размислуваме бидејќи сите ја носиме таа одговорност.

Потоа, ви реков дека следните можности постојат, можеби следните можни исходи од Единбруг е нашето поставување во врска со тие становишта. Европската заедница може да ја признае Македонија со предлоивното компромисно име. Тоа го изнесов како една од опциите за надворешна употреба, со додавката Скопје.

Второ, Европската заедница повторно да го одложи признавањето на Република Македонија со став дека сеуште не е изнајдено решение прифатливо од сите страни, што може да се случи. Во тој случај веднаш би започнале активностите за во Обединетите нации.

Трето, да констатира дека не е постигната согласност за признавање на Република Македонија, но дека секоја членка на Европската заедница може поединечно да го решава ова прашање. И во тој случај веднаш би започнале активностите за вклучување во Обедине сите нации. Тоа е се ако се извлече она битното што реков и што беше пред вас за размислување и за дебата. Дебатата се случи, се искажаа сите различни мислења, тоа не е никаква ни трагедија, ни страшно, ќе кажам после што мислам дека е страшно, но самите гледања различни не се. Но, пред да говорам за другите работи да кажам и како течеа овие преговори.

Целото време господинот Онил го посвети од неколку месеци на изучување на проблемот. И тоа е она што беше ново во однесувањето на сите досегашни претседавачи од Европската заедница, а беа неколку во меѓувреме дури течеше признавањето, непризнавањето на Македонија. За цело тоа време тој направи четири посети кај нас, четири посети кај Грците и постепено се обликуваше едно сознание дека вистината е на наша страна. И, не случајно заради тоа извештај на Онил е отфрлен како пристрасен, како промакедонски итн. Од друга страна речено е дека тоа е обид за да се поништи Лисабонската Декларација и да се признае Македонија под сегашното име. Тоа е грчки став и оценка за ова е изнесено и во Брисел. Овие работи ги говорам за да непроаѓање на работите само што некој зад нас прави некои завери нешто ни према, некаде да не увлечат, да ни направат незнам што итн., туку да видиме дека има и свет кој сериозно си ја сваќа работат ја истражуваат таа работа. На пример, да Ви кажам само еден момент. Нели беше спорен пленот 49 од нашиот Устав заради одредбата Македонија да се грижи за своите сонародници надвор итн. Ниеден наши институт, никој не не предупреди дека таков исти член постои и во Уставот на Грција, член

108. Англиската дипломатија определувајќи се да го изучи проблемот до крај го пронајде и ни донесе копија да не запозна со тој проблем. Сакам да кажам, не можеме ние се да гледаме од гледна точка дека сите сакат нас да не вовлечат во некоја голема клопка итн. туку и да се најде решение за овој проблем. Тоа треба да го цениме и да го почитуваме. А и тоа не е случајно. Таков однос на поспетено се создаде во Европската заедница, се создаде една претстава за Македонија која, за тоа после нешто повеќе ќе кажам, се разликува од другите републики во бивша Југославија со своето однесување или во повеќето од нив. Со сето свое однесување, со сета своја политика, со се што стори во ова тешко крваво време на Балканот, а војните на Балканот знаме од секогаш какви биле.

Заради тоа негово подолготрано истражување, тие ставови што ви ги изнесов пред малку, кои се директна последица на тоа однесување, се гледа по односот према Лисабонската Декларација ни ги со- општи господинот Мејцер. По враќањето, веднаш се вратив во петокот поручек, сабота ги информирав луѓето кои се одговорни и побарав да се свика седница, за понеделник да го информирам Собранието. Претседателството заклучи дека тој рок е многу краток, не може, треба да се соберат сите луѓе, да обезбедиме што пошироко присуство, а мене тоа ми добредојде,понеделник и вторник да ги искористам за тоа да ги информирам пооделно секој од партиите во Парламентот. И ги информирав за се ова како припрема за овој состанок. Сега нешто кратко за карактерот на дебатата.

Всушност, кога би можеле сега компјутерски да израчунаме, а тоа веројатно и може, само ние не сме така опремени, тоа и ќе констатираме дека релативно најмалку дискутиравме околу проблемот, предлогот дилемите околу овие три опции итн. А тоа би било и суштинска расправа

во овој момент. Наместо тоа ние се вративме во двогодишна расправа за се и сешто, сите можни настани, за сите наши незадоволства - фрустрации итн. Се донесовме, па на куп и се повтори она дебата од три дена што беше по повод на Лисабонската декларација со сите навреди тогаш што се изнесуваат, со сите зборови како знае овој парламент да ги *користи, а за да на крајот се сложиме дека Лисабонската декларација во тој дел каде што се бара да се одземе името Република Македонија треба да го отфрлиме. Но, искористивме прилика три дена целиот товар да го истуриме овде и да го занимаваме народот, а повеќе вознемируваме отколку вистински информираме за дилемите кои стојат пред нас во овој многу значаен, не сакам да употребам збор судбоносен момент, овој народ секогаш бил во некои судбоносни времиња

Мене воопшто не ми пречи, ова на почетокот сакам да го кажам за да после говорам неоптоварен од тоа за проблемите. Не ми пречат разликите, па и да се остро искажани. Нас овде ни беше потребно една разложна расправа, осветлување на сите аспекти, од сите страни во многу значаен момент за да дојдеме до она што е најдобриот потег во овој момент. За жал наместо тоа добар дел од дискусијата се сврте кон она што се вели атхоминем, да се обезвредат луѓе, патем и некои институции, а сакаме да правиме држава да се обезличат на еден недостоен начин со многу невистини, полувистини, инсинуации и сл. Морам да кажам, дури тоа се случуваше не се чувствував навреден колку што размислував, ми се враќаа сеќавањата уште од детството дали е навистина судбината на овој народ непрекидно да расправа за предатели и предателство. За соборци кои во некои периоди од нашето

минато се убивале помеѓу себеси со такви обвинувања за да после се докаже дека не биле никакви предавници, а за некои до ден денес нашите историчари расправаат. Тоа изгледа бил еден од најлесните зборови токму за- ради тој интерес околу нас, за Македонија, токму заради тоа што такви апетити биле спрема Македонија. Не се користеле никакви средства. Сите пропаганди се обидувале напред да најдат свои упоришта, да продрат во некои средини, да направат една општа сума тоха внатре, за да дојде до внатрешни судрувања, до расправи, до убиства. Ова мислам дека сите го знаете, но јас уште како дете не само да сум ги слушал тие работи, со свои очи сум гледал. Со свои очи. Еднаш, мојот најдобар школкси другар, имав осум години, татлсо му го отепаа неговите соборци пред портата. Ние си игравме џамлии. Заради тоа што бил трговец, му барале 1000 лири, рекол можам само 500 да дадам за организацијата, 1000 немам, од што ќе живее моето семејство итн. А, потоа пак со свои очи сум гледал во мојот роден град како гори еден човек на кровот, на куќата заради тоа што му е побарано да убие некој од спротивната страна, пак македонска, се разбира. Тој не можел, биле пријатели и не можев како дете, долго време сум го сонувал кога го гледав како гори како ваќел на кровот.

Мислам дека еднаш имам овде речено, зборовите можат да бидат потешки од куршум и треба да се одмеруваат, затоа што вистинскиот збор е одмерен збор. Се она што е изнасилено е резултат или на тоа што не се познава проблемот, или на тоа што не е важно да се каже проблемот и да се каже аргумент, туку треба нешто да се убие.

Тоа може да биде идеа, тоа може да биде став, тоа може да биде човек, тоа може да биде било што. Така да тие зборови - поделби, предавници, завери тајни договир од арсеналот на најтемните страници од европската историја, за жал и нашата историја. И, сите тие луѓе што така постапуваат, јас се надевам дека ќе извлечеме некои свои поуки од се ова и полека лека, како што беше пред малку речено, таа млада демократија ќе најде и некои други норми на однесување, ќе усвои она што веќе цивилизираниот свет сепак го усвоил.

Можеме да кажеме дека тоа не е само кај нас. Скоро гледавме во соседството и се истепаа во Парламентот итн., но мислам дека не е потребно сега поединечно да се одговара на сите тие навреди штом тие луѓе така силно почуствувале потреба да ги користат тие најлоши зборови нека им останат, само можам да кажам дека почувствував во еден момент да некои од тие луѓе како да се наоѓаат во некоја голема темна и непроодна шума, а во рацете немаат ни светилка ни компас.

Ако претседателот на Републиката, ако државното раководство на една држава кое се бори за опстојување, за тоа да влезе еднаш во меѓународната заедница се тие и такви како што се вели тогаш јас незнам што мислат тие луѓе, каде ги бараат проблемите и каде ги бараат пријателите и непријателите. И дали воопшто имаат критериуми за тоа.

Сега два збора како се гради нашата надворешна политика и кој ја извршува и води.

Се разбира, она е изградена, а тоа се гледа по тоа дека таа политика има некои свои трајни константи заради тоа што е изградена овде, во ова Собрание. Еве мене ми забележија само на колку седници е расправано за надворешната политика директно, или по повод на некои

други прашања, но тоа прашање заземало доста широко место. На 25-та седница, 27-та седница, на 31-та седница на 33-та седница, на 41-та седница на 43-та седница, на 46-та седница, на 48-та седница и еве и денес. Значи, Собранието градело политика и таа поли- тика била основа за работа, за работата на извршните органи, а што се однесува до извршната власт кој ја води таа политика во целиот свет погледајте ги конференциите, погледајте ги средбите и ќе види- те. Тоа се претседателите на владите, министрите за надворешните работи и шефовите на државите. Ако сите сакаме да бидеме министри може и тоа да стане. Ако политиката се утврдува во Собранието тогаш тие се тие фактори, се разбира министерот за надворешни работи значи Владата, претседателот на Владата тоа исто значи, а претседателот на државата, како оној кој ја и претставува и симболизира таа држава. Според тоа не е тоа сведено ни на еден, ни на два, ни на три човека, туку е сведено':на оние кои треба да одговараат за извршувањето на политиката која е усвоена во Собранието.

Дали е таа политика успешна јас можам да ви кажам а секој од вас кој објективно ја следи оваа ситуација дека Македонија ужива голем престиж меѓу европските земји, и не само европските земји во Соединетите Американски Држави итн. Дека е сепак тоа една република која покажа дека не мора на Балканот да се случуваат работите токму онака како што се случуваат во другите републики, дека може и по мирен, легитимен уставен начин да се обезбеди независност. Дека не мора да биде војна, дека можат да се уредуваат со сите тешкотии уште отворени проблеми и недоразбирања,и недоверие и меѓунационалните односи. И дека не мора да дојде до судир со ниеден од соседите без оглед на нашата тешка историја и без оглед на тоа какви соседи имаме,

со какви аспирации према Македонија. Тоа не може поинаку да се нарече освен успешна политика.

Друго, се вели дека ние касно сме тргнале да бараме независност. Тоа воопшто не одговара на фактите. Ние се појавивме на првата седница кога се решаваше за независност на одделни републики од Бивша Југославија. И, морам да кажам тогашната наша флексибилност и спремност за компромиси доведе до Бадинтеровиот извештај Сега се говори зошто сме го менувале Уставот, некој не натерал итн., а јас можам да ве уверам токму тие промени во Уставот и се друго што сторивме и документиравме беше повод Бадинтеровата комисија да даде најголем дел, од својот извештај да посвети на Македонија и да констатира три круцијални факти кои не можат да се избришат веќе од историјата.

Прво, дека постигнала се по мирен и легитимен пат и со демократски средства.

Второ, релативно има најдобро уредени меѓунационални односи, велам релативно, така таму пишува и

Трето, нејзиниот устав ги исполнува сите европски норми. Тоа е резултат на таа политика што се водеше во ова Собрание од страна на*таа извршна власт, без оглед кој кога се менувал. Затоа дојде до Баденторовиот извештај, кој е историски документ. До сега Македонија таков документ нема во минатото. И затоа толку се мачат како на крај краишта сепак да го решат тој проблем за независноста на Македонија. Тоа останува темелен факт кој никој не може да го игнорира покрај се друго.

Значи, тие наши промени, таа наша спремност и концилијантност даде крупен резултат. Она покажа дека ние сакаме да влеземе во таа Европа, сакаме да се однесуваме на европски начин. Тоа значеше и уште една работа со која, морам да ви кажам, лично се гордеа!

Кога и да сум на тие средби со странски државници токму една балканска држава,а тоа е Република Македонија поради своите длабоки цивилизаторски корени не тргна по балкански пат да војува, да се разурнуваат градови, човечки трагедии, да правиме чиста држава чиста етничка држава и слични работи. Не се роди овде, на ова тло ни гркофобија, ни србофобија, ни бугарофобија, ни било што друго. Останавме достоинствен народ. И морам да ви кажам дека немаше разговор кој, не од моја страна, од страна на соговорниците, тоа да не се забележи и да се каже. А знаете дека во исто време постојано се предмет на тие разговори, пример на Србија со се она што се случуваше таму од косовскиот мит па натаму, до популистичките двомилионски и други собири. Еве го денеска истиот терк, популистички во Атина. Милион ипол луѓе на митинг со тоа дека Македонија од секогаш била и ќе биде наша, цела Македонија е наша и слични слогани кои значат директни територијални аспирации према нашата држава. Но, ако не поведеме сметка понатаму тој талас, тој бран на вакви појави може и нас да не зафати. Јас морам да кажам, со голема*жал, пред малку ме известија дека на митингот пред парламентот се исфрлувани и пароли "чиста Македонија", "сите Македонци во една држава", "Грците цигани" и такви работи. Тоа ние не смееме да го дозволиме како народ. Не смее тоа да не опфати. Мораме да останеме она што сме - достоинствен народ со длабоки цивилизаторски корени кој живее на измешаниот Балкан, секогаш знаел да живее со други, да се почитува, да шири дух на разбирање и толеранција.

Второ, и поплавата на тие протести, незнам како доаѓаат од каде доаѓаат, кој ги нарачува итн. не сакам во тоа да навлегувам но морам да ви кажам дека е ова трети кој доаѓа во последниот месец дена под некакво фамозно движење за ослободување и обединување на Македонија во кој се праќа пресуда од името на 500.000 истерани македонки и македонци од Австралија итн."Едногласно денес решивме како предавници да ве осудиме..." да не ви читам се тоа и ред личности, почнувајќи од мене се разбира дека сте осудени на смрт и ви нема спас.

Што се однесува до тоа око не ми трепнува, да ви кажам право. Многу се силни тие што се далеку, што не мора да ги чувствуваат ни блокадите, низ се ова што овој народ мора да поднесува, а се спремни да не вратат некаде во ерата на Балканските војни и на меѓусебните братоубиствени пресметки. Јас инаку сум живеел долго, дали две или три години повеќе ќе живеам тоа воопшто не е важно, но важно е еднаш да се стави кра^ на тие и такви кои можат на ваков начин понатаму да го шират гласот за Македонија и македонскиот народ

Што е целта на Грција? Да исчезне името Македонија! Но, не е само заради името Македонија. Треба да се покрие она што е сторено е таму. Ако исчезне името Македонија тогаш може тоа овде исто да се случи. Тогаш доаѓаат оние две работи што ги спомнува Мејцер, а кои ние ги изнесувавме перманентно дека народ кој го загубил идентитетот може за час да биде поделен, да биде жртва било чија итн. И, се разбира, да биде како неидентификувана територија, непризната територија, може да биде предмет на поделба.

**КИРО ГЛИГОРОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Што беше задачата на нашата дипломатија? Беше да се покаже дека е неприменливо тоа да се избрише Република Македонија и не може да се дозволи обезличувањето на тој народ. И тоа мое мислење веќе никој не го спори. Името Република Македонија не е спорно. Се говори, понатаму само за ^тоа што би могло да да помогне да имаме повеќе приврзаници, повеќе пријатели, по- веќе гласови итн. Но, и за тоа подоцна.

Дозволете и јас да кажам, иако мислам дека министерот Малески ги кажа во врска со тоа основните поенти. Кој ја предизвикува воената хистерија? Па ние како да забораваме да живееме рга подрачје каде што се води перманентно војна. Тоа е отворена рана за која расправа Советот за безбедност, Обединетите нации, сите европски институции, воените штабови работат и разработуваат разни варијанти, бидејќи се досега што е преземено се по- кажа неуспешно. Ништо не се реши, со сите мерки досега што беа преземени. Според тоа, која е таа држава и какво е тоа раководство ако не размислува за тоа. Ние никаде не сме рекле дека постои непосредна воена опасност, туку се она што се случува на Север од нас, се она што може да се случи на Косово и се она што може да произлезе од ваквото однесување на Грција спрема нас со тоа, покрај санкциите горе и ембаргото долу сме во шише. Ка- ко тоа стопанството ќе живее, какви се социјални и други тензии ќе се родат на ова подрачје. Кој и како ќе ги искористи сите работи за да предизвика дестабилизација на оваа Република и на овој народ, па тоа се работи кои секој граѓанин ги чувствува и кои се реални и за кои ние мора да размислуваме. Морам да кажам дека имав некои средби со одделни партии, беше спомнато овде каде што ме предупредуваа на нашата

неспремност, на ургентноста дека можеме да бидеме загрозени утре, дека немаме доволно плата да земеме, тешко оружје, дека дури да помогнеме да се набави итн., одеднаш после тоа се прашува од каде е таа војна хистерија, дали постои таква опасност, нема никаква опасност итн. Дајте тие работи некако да ги споредиме и да видиме која ^е таа, пак рационално да кажам линија. Инаку, кога говориме за тоа рационално и романтично, мицко итн., сигурно дека секој наш човек, не само наш човек, сите народи имаат и митови и живеат од своите традиции, својата исто

рија, тоа се корените, дел од нивното битие.

Па и ние сме такви, се разбира, и тоа е нормално. Би биле осиромашени ако не би било така. Но, од друга страна на овие балкански простори мораме да признаеме и по тоа денеска светот не препознава сите балкански народи премногу живеат од историјата, од митовите и од се што е пворзано со тоа, а многу малку со сегашнината и иднината. Тоа не е моја констатација, тоа е констатација која што сум ја чул на многу места. Јас мислам дека тоа содржи еден дел од вистината. Затоа ние сме и толку назад од сите овие процеси кои се одвиваат во светот. Затоа сега се јавуваат заложби северно од нас дека треба едно да биде источната култура, а друго западната култура, тие се два света итн. Ние треба д ^одиме кон интегрирање со европските народи кон прожимање со сите тие култури. Не да се откажуваме од нашите митови, од нашата историја и нашите традиции, но во исто време да го имаме присутен и рационалниот дух на крајот на овој век. Морам да ви кажам дека многу сум се мачел некои работи да објаснам на нашите соговорници, затоа што нивниот начин на размислување. Тие, тие работи така не ги гледаат и така не ги разбираат како ние.

Има нешто од тој протестантизам, од таа профитна економија која го довела до врвот, така да кажам, интересот, рациот од тоа да го штеди времето за секоја минутка, до тоа да знае што значи секој загубен динар. Ние не сме уште тие, ќе биде време долго веројатно да се приближиме кон тие критериуми. Веројатно, прво треба да се измени системот, начинот на произведувањето, индивидуалниот интерес итн. Но, не смееме тоа да го заборавиме, особено тоа не смееме да го заборавиме во овакви судбоносни моменти кога со сосема ладна глава, рационално мора да се разложат некои работи за да се донесе правиот потег и правата одлука.

Успешна политика, нема да откријам никаква вистина, тоа е воопшто познато, но да се потсетиме мора да води сметка за од- носот на силите, за интересите кои се од извонредно значење за денешниот живот на современите луѓе, така се однесуваат од фамилијата па натаму. Потоа, за спремност на преговори, а сите преговори што имаат повеќе страни неизбежно се компромисни преговори. Тоа е кога се прави зделка, па дотогаш кога се доаѓа до договор за меѓудржавни односи или за било какви други проблеми. Тоа не е ништо што треба однапред не само да се исклучи, туку да се има предвид, а тоа е и во самата суштина на демократијата. Демократ^јата и плурализмот значи дека има многу интереси и за да се живее заедно и тие интереси да се поврзуваат и да се пронаоѓа за оние кардинални прашања од кои зависи иднината на општеството право решение она што би можело да се нарече некоја линија која може да ги задоволи, помири тие интереси, нема друго туку компромис. Ако секој застане на своето да е тоа негова вистина и единствена вистина, тогаш ние ќе се вратиме во времето кога луѓето живееле во џунгла. Токму сиот современ свет и најтешките прашања, да ги погледнете сега спорот што беше меѓу Америка, Заедницата и

Франција околу земјоделските производи. Со се што се направи, се измерија сите можности, се побараа сите интереси итн. и еве денес читам нашле решение за во Единбург да можат да се сложат барем по тоа прашање. И така животот тече. Така, ако некој предложи за нешто компромис не значи ниту да е опортунист, да го употребам стариот речник, или пак да е предавник или нешто друго, туку да размислува од еден аспект на еден начин што треба да се земе предвид дали одговара и во кој степен одговара на одреден интерес КОЈ сакаме да го задоволиме.

Инаку, неизбежно е доколку ние не би воделе сметка во нашите расправи во Парламентот исто така, во донесувањето на законите, за меѓународните преговори да не говорам, ако не водиме сметка за тоа мораме да бараме заеднички решенија, а тие се секогаш компромисни, тогаш се плашам дека ќе дојдеме до онаа ситуација дека ние сме вaков народ, да не го кажам оној слоган пак на Север од нас што се употребува небески народ, кој во се има право, сите се против него, никој не сака да му помогне и тој мора да издржи, па јал корена и незнам што друго. Многу бргу таа парола после покажала дека луѓето не се спремни на такви лишувања особено ако тоа не се работи за некои исклучителен случај, за некој егзистенцијален опстанок итн., но и тоа само во некои големи искушенија. Натеран да влезе во војна или нешто слично. При тоа, се разбира, а и за тоа беше збор, затоа ќе го прескочам тоа мора да се води сметка за економската и социјалната положба во ко]а се наоѓаме и конечните решенија на сите полиња се донесуваат во интеракција на сите тие проблеми што народот го притискаат. На сите интереси што се резултат на тие проблеми. Тоа се одразува и на надворешен план и обратно на внатрешен план. Непризнавањето на Македонија не е проблем само дали ние добиваме економска помош бидејќи горделивите

луѓе секогаш помошта ја потценуваат, можеме ние сами со своите раце итн. А никој, инаку по правило економска помош не одбива и смета дека ако добро ја искористил, добро направил, а ако лошо ја искористил, ќе ги сноси сите последици. Но, се работи за тоа дека економијата не може да егзистира, да не дојдеме до сфаќање како што Милошевиќ го изнесе во Србија дека токму сега се покажало во условите на блокада на Србија какви имале неисцрпни можности итн. да градат, да прават, пронајдоа нафта и такви работи, а после некој месец ќе се покаже тотално осиромашува. Во овој век, во ова време никој изолиран не може да опстои........... да не остане некоја сардисана Македонија во која внатре после меѓу себе ќе се расправаме и колеме.

Морам да го задржам вашето внимание на едно значајно прашање со кое, јас верувам најмногу заради непознавање на проблемот и недоразбирање, а не со некоја друга намера, зошто досега на дневен ред пред Обединетите нации. Дали тоа некој го заборавил како можност и дали е тоа некое откритие сега. Пред се, до скоро беше општо прифатен став додека не се изјасни Европската заедница, нема понатаму. Ние, се разбира, формално тоа не мораме да го почитуваме. Можеме да поднесеме, како што поднесовме молба во Обединетите нации, но тогаш веднаш не прашаа дали сте ги консултирале постојаните членки на Советот за безбедност и дали имате сознанија дали некој ќе стави вето, колку ќе се воздржат и дали ќе добиете девет гласови. Ние

тоа перманентно го испитуваме и знаеме од официјални одговори дека до скоро САД не беа готови таму предметот да се расправа и да го даваат својот глас било како. Но, да кажеме позитивен или воздржан. Тоа е за нас она што е битно, бидејќи петте членки имаат право на вето. Двете други членки Велика Британија и Франција постојано ни одговараа нас не обврзува одлуката на Европската заедница и ние не можеме поинаку да се поставиме. Сега се говори после сите овие расправи, еволуции дека може и поинаку да би- де за таа работа. Таму има уште во несталниот дел две членки од Европа, пак членки на Европската заедница кои исто така ќе постапат и ние не можеме да поминеме, дури Франција што некои мислеа може да стави и вето. Тогаш нема што да се разговара, но и да не стави вето не можеме да поминеме. А одбивањето во членство на Обединетите нации има свои последици. И тоа треба да се подготви и да се отиде во моментот кога ќе има барем во висок степен гаранција дека ќе помине. Инаку, тоа е харикири за секоја земја. Тоа е резултат на нашата недоверба, можеби и неинформираност, не одбивам никакви во тој поглед приговори дека ќе треба повеќе да се говори за тие работи, повеќе да се изнесуваат податоци итн. Има моменти, за жал, тоа е од секогаш обврска на оние кои се носат некои одговорности, директни одговорности во општеството да говорат и непријатни работи и непопуларни работи.

**КИРО ГЛИГОРОВ**: (Продолжение)

Тие кои седат во клупите ќе кажат свое мислење и како секое мислење ќе се прифати, не се прифати, има своја добра страна, некој го поддржуваат, некој не го поддржуваат, но оние кои новт одговорност во моменти не би биле државници, не^ би биле одговорни политичари, ако не говорат и не популарни работи, без оглед какви навреди после тоа ќе уследат.

Бидејќи многу се спомнуваа оставки итн. сакам само да ве потсетам дека на таа така наречена тродневна дебата на крајот би понудил да ги искористите уставните можности, бидејќи ние сме демократска земја и парламент,а не улица и непопулистичка земја, да ги искористите своите уставни можности што се однесуваат до претседателот, а би предложил и сосема конкретно и реков официјално ви предлагам Законот за изборот на претседателот може да се донесе за недела дена, тоа се три четири члена, се е решено во самиот Устав и да се распишат избори. Тоа е патот. Не е патот на обезвреднување на личноста, на се друго што е поврзано со таков однос. Тоа е патот, повелете.

На крајот, мислам дека слушнав извонредно корисни сугестии, ова друго го ставам на страна и сметам дека она што на почетокот го предложи претседателот на Собранието да ја заклучиме оваа дебата имаме свои одлуки имаме свои сознанија о денешната и вчерашната наша дебата и секој понатаму да си ја врши својата функција.

(бурен аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со ова седницата ја завршуваме.

(Се слушаат негодувања во салата од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ)

Ве молам останете на местата, господинот Јакимовски бара збор, а бидејќи тој не се јавил досега, да му дадеме збор

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Јас мислам дека процедурално е направен пропуст бидејќи расправата не е затворена од страна на претседателот

Ако не сум во право кажете ми. Ја затворивте ли расправата претседателе?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас сакав да ја затворам расправата меѓутоа се јави ти и еве ти давам збор.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Не ја затворивте, вие рековте со тоа официјално е завршена седницата. Сега мене ми е непријатно пред овој пленум како ќе зборувам.

Јас мислам дека имам право до затворањето на седницата да земам збор. Претседателе ќе обезбедите ли услови да настапам или не

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повелете, вие сте на говорница

Ве молам за тишина.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници.

Вчера ми се понуди предлог за промена на името што еве слушнавме без број пати дека не значело промена туку било само додавка.

Ние македонците досега тие додавки во вид на суфикси: иќ, ос, ил и слично погрешно сме ги сметале преку целото време за промена на нашите имиња во функција на наше одредување. Тоа се работело само за обични додавки.

Имаше обид ваквиот пристап да се прикаже како рационален и со тоа потребно да се изрече тежок суд за цела низа генерации, македонци кои не ги прифаќале тие додавки по цена на саможртвување Тие постапувале емотивно т.е. и рационално, значи биле луди. Всушност рационалноста што се демонстрира под привид на умешност и мудрост претставува обична рационализација од типот на " грознето е зелено и не го сакам".

Вистински рационално промислен чинот што се предлага е предлог на капитулација и во тоа пред се гледам капитулација на една рационалност која својата аргументација ја почнува и ја завршува со народната мудрост "дојди зло да не дојде по зло" да го прифатиме ова зло за да го избегнеме она најлошото, катастрофата.

нерационален човек, не рационален туку инфериорно суштество редуцирано до ниво на апстрактен граѓанин или комунист, сеедно, можел да прифати разговор за промена на името, а да не се скандализира , да не изрази индигнација или потсмев на тоа и уште да рационализира со политика и хистерија која се обидува да најде алиби во разликувањето помеѓу промена и додавка на името. Ако сме рационални логично е да се прашаме . Ако не е промена зошто тогаш додавка кон името и што всушност е тоа. Само нерационален човек може да прифати таков резон. Тоа не е рационалност туку прагматика на ниво на пословицата "викаме грне не кршиме".

Само за ситен матијавелист , а не за рационален човек можат да бидат идентични синтагбите Република Македонија и Република Македонија - Скопје.

За човек со здрав разум Република Македонија е логична синтакма, а Република Македонија Скопје е контрадиктио ин аџекто. Македонија е Македонија, а Скопје е Скопје. Затоа во предложеното име се во непомирлив логичен антагонизам границите на Република Македонија и границите на Скопје. Таа непомирливост особено се радикализира на планот на националната импликација на појмот Република Македонија која упатува на македонскиот народ како на темелен конституент на државата, која пак импликација поимот Скопје го нема.

Не сакам да верувам дека во собраниската сала ќе се најде ум на кој не му смета оваа логичка противречност. За рационален човек се претпоставува основниот принцип на демократијата, т.е. власта на мнозинството. Во овој случај тој принцип е прекршен. Нешто што е во индиренција на парламентот на Владата го узурпирале претседателот на Републиката и министерот за односи со странство.

Како рационален човек, еве јас не можам да поминам преку тој факт. Тој факт добива во тежина на светлината на декларацијата на Собранието со која се одбива делот од Лисабонската декларација за признавање на Македонија под име кое нема да го вклучува терминот Македонија. Со овој потег претседателот и министерот постапиле спротивно на политиката на Собранието и за тоа сносат одговорност според Уставот.

Фактот пак што пет до дванаесет проблемот со непризнавањето на Македонија се приопштува пред Собранието, рационално претставува

обид да се избегне личната одговорност. Во тоа не е тешко да се препознае комунистичкиот манир, индивидуалната одговорност да се претопи во колективна , што е равно или еднакво на неодговорност.

Ние пратениците сме соодговорни за суспензијата на демократијата за континуитетот на едноумието што дојде до израз и во поднесокот за промена на името кое во стилот на стариот Извршен совет го благослови Владата, а еве истото тоа сега треба да го направ и ова Собрание. Не, наместо тоа ние сме должни денес да им се заблагодариме и на претседателот на Републиката, а и на министерот за односи со странство исто онака како што наскоро македонскиот народ ќе ни се заблагодари на сите нас.

Факт е дека овој парламент е во евидентен расчекот со своето избирачко тело, со народот на Република Македонија бидејќи вчерашната сондажа на јавното мислење во Република Македонија покажува дури дека повеќе од три четвртини од населението се противи на било каква измена на името на Републиката, а еве во овој парламент сведоци сме дека повеќе од две третини го прифаќаат тоа. Тоа е уште една теза во прилог на тоа дека навистина македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија на сите нас треба да ни се заблагодарат и тоа е крајно време.

Што се однесува до информацијата на претседателот не можам да ја прифатам бидејќи таа е протвречна самата на себе си на многу места и тоа ќе го илустрирам само со три пункта од неа.

Претседателот на Републиката во својата информација наведе дека не се откажуваме од името Македонија. Никој нема право, никој претседателот на Републиката ниту Владата , ниту парламентот да се

откажат од името Македонија. За тоа не постои ниту уставна основа ниту политичко или морално право. Последиците до таквата одлука би биле закана за идентитетот на македонскиот народ, потоа за стабилноста на државата и нејзиниот опстанок во реалното опкружување. Со ова се согласувам во потполност но тука некаде е вториот внесок што укажува на тоа дека , ако евентуално заедницата се согласи да не признае под терминот Република Македонија - Скопје, во тие услови Собранието би ја донело одлуката за додавка во името на Република Македонија, но за надворешна употреба. Тоа е тој проблематичен и симптоматичен вметнок во сенвичот од двете тези со кој што јас се согласувам, а третата е тоа дека името Република Македонија, нашиот национален идентитет и достоинство сме ги бранеле и ќе ги браниме и натаму консеквентно убедени дека е тоа наш долг пред сегашните и пред идните генерации. Морам да признаам дека сето тоа е многу лукаво срочено за пред јавноста да се остави впечаток дека сепак ние стоиме на позициите, но во случај да не признае заедницата само за надворешна употреба после името република Македонија во заграда би следела додавката Скопје, што е суштинска промена. Не можам да се согласам со тоа дека тоа е само модификација, бидејќи секаква модификација значи и промена.

Потоа претседателот на Републиката овде изјави дека претседавачот на ЕЗ ни даде сугестија да се согласам со промената на името со додавката Скопје. Меѓутоа денес во Вечер е објавено едно ексклузивно интервју со Робен 0'Нил тврди - јас го изложив мојот извештај на Министерскиот Совет во Брисел во понеделникот. Тој ги содржи предлозите со кои ме овласти претседателот Глигоров. Јас им објаснив на сите во Европската заедница но и на македонската Влада дека не е мое да кажам какво име ќе има Република Македонија.

Тоа мора да биде избор и одлука на македонската Влада и на парламентот.

И би сакал исто така да кажам некој збор и за причините поради кој Македонија се уште не е призната. Ми се чини дека Грција не е единствената причина за непризнавањето. Ние самите го помагаме овој процес со суспензијата на демократијата, а и со блокирањето на заокружувањето на внатрешниот систем на Република Македонија.

Да ве потсетам само на карактерот на сопственичките односи кој владеат во Република Македониј . Нив светот не ги прифаќа и нив светот никогаш нема да ги поддржи и да ги признае.

Пота не побитен е фактот дека отстапката околу името на Република Македонија во голема мера ќе ги урне преговарачките позиции кои Македонија ги имаше за зе менео во целата оваа ујдурма, а таквиот пат ќе продолжи и во иднина. Тоа е сигурно зошто сите знаат дека оној што е подготвен да отстапи чекор може да отстапи и два, пет, десет односно тој може да си се врати назад.

На крај , од оваа говорница беше изречено се и сешто, па ќе си земам и јас слобода да кажам некој збор околу блуењето. Блуењето е резултат на некое тешко грозење, на некое можеби претходно подолго блуење. Блујат луѓето со чир во стомакот, а чирот е « резултат ва некои тешки психички тегоби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со ова ја завршуваме седницата.

(Седницата заврши во 21,15 часот).